ЗАКОН ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ[1]

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Основни одредби

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите под кои можат да се вршат работи на осигурување на живот, неживотно осигурување и реосигурување, работи на застапување во осигурувањето, осигурително брокерски работи, основање, работење, супервизија и престанок со работа на трговските друштва за осигурување и реосигурување (во натамошниот текст: друштва за осигурување), осигурителните брокерски друштва и друштвата за застапување во осигурувањето како и основањето и работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Право на осигурување

Член 2

Правните лица и физичките лица кои вршат дејност и граѓаните во Република Македонија, се осигуруваат во друштвата за осигурување основани согласно со овој закон.

Друштва за осигурување

Член 3

(1) Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија, под условите утврдени со овој закон и со Законот за трговските друштва.

(2) Името "друштво за осигурување" или изведени зборови од зборовите: "друштво за осигурување" не можат да влезат во називот на трговско друштво или друго правно лице кое не ги исполнува условите од ставот 1 на овој член и истото не може како такво да биде запишано во трговскиот регистар.

Работи на осигурување и работи на реосигурување

Член 4

(1) Друштвото за осигурување може да врши само работи на осигурување и/или реосигурување.

(2) Работи на осигурување се:

1) склучување и исполнување на договори за осигурување на живот и неживотно осигурување;

2) склучување и исполнување на договори за соосигурување и

(3) Работи на реосигурување се склучување и исполнување на договори за реосигурување, од страна на друштвата за осигурување регистрирани за активно реосигурување, на вишоците на ризици над нивото на максимално покритие на друштвата за осигурување.

(4) Во рамките на работи на осигурување и реосигурување од ставовите 2 и 3 на овој член, друштвата за осигурување можат да ги вршат следниве работи директно поврзани со работите на осигурување:

1) посредување во договарање на осигурување и реосигурување;

2) операции со фјучерс договори, опции, како и други слични финансиски инструменти, доколку истите се користат како обезбедување од ризици настанати како резултат на флуктуации на девизниот курс и каматните стапки, а во согласност со одредбите од членот 87 на овој закон;

3) снимање на ризици;

4) снимање и процена на штети;

5) посредување при продажба и продажба на остатоците од осигурени оштетени предмети;

6) воведување мерки за спречување, намалување и отстранување на штетите и ризиците кои претставуваат опасност во неживотното осигурување;

7) укажување правна помош во осигурувањето и реосигурувањето и

8) укажување на други интелектуални и технички услуги поврзани со работи на осигурување и реосигурување.

(5) Задолжителното осигурување се уредува со закон.

---

1 „Службен весник на Република Македонија" бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13 , 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16

Класи на осигурување
Член 5

Работите на осигурување можат да се вршат во рамките на следниве класи на осигурување:

1. Осигурувањето од последици на несреќен случај - незгода (вклучувајќи индустриски повреди и професионални заболувања), во случај на смрт или нарушување на здравјето поради повреда, покрива:
- исплата на осигурената, сума во еден целосен износ;
- исплата на осигурената сума во рати;
- комбинација на исплати од претходните два случаи и
- исплата поради повреди, нарушување на здравјето или смрт на патници.

2. Здравствено осигурување кое не е покриено со задолжителното здравствено осигурување и тоа:
-доброволно здравствено осигурување согласно со Законот за доброволно здравствено осигурување и/или
-исплата на фиксни парични износи и/или
-надоместок за покритие на други трошоци кои не се покриени со доброволното здравствено осигурување.

3. Осигурувањето на моторни возила (каско) ги покрива штетите за:
- моторни возила со сопствен погон, освен шински и
- влечни патни возила.

4. Осигурувањето на шински возила (каско) ги покрива штетите настанати на шински возила.

5. Осигурувањето на воздухоплови (каско) ги покрива штетите настанати на воздухоплови.

6. Осигурувањето на пловни објекти (каско) ги покрива штетите настанати на речни или езерски пловни објекти.

7. Осигурувањето на стока во превоз (карго) ги покрива штетите или губиток на стока во превоз, вклучувајќи го багажот, без оглед на видот на транспортот.

8. Осигурувањето на имот од пожар и природни непогоди ги покрива штетите или губитоците на имот (освен штетите на имот предвидени со точките од 3 до 7 на овој член) во случаи на:
- пожар;
- експлозија;
- луња;
- природни непогоди освен луња и земјиште што тоне или се лизга.

9. Други осигурувања на имот ги покрива штетите или губитоци на имот (освен штетите на имот предвидени со точките од 3 до 7 на овој член) поради град или мраз, и други штети освен оние од точката 8 на овој член (на пример, во случај на кражба).

10. Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила.

11. Осигурувањето од одговорност од употреба на воздухоплови ги покрива штетите настанати од употреба на воздухопловот вклучувајќи ја одговорноста на сопственикот.

12. Осигурувањето од одговорност од употреба на пловни објекти ги покрива штетите настанати од употреба на пловните објекти вклучувајќи ја одговорноста на сопственикот.

13. Општото осигурување од одговорност го покрива осигурувањето од други одговорности освен оние од точките од 10 до 12 на овој член.

14. Осигурувањето на кредити покрива:
- ризик од неплаќање (ненавремено плаќање), поради неликвидност или други околности;
- извозни кредити и други ризици во врска со извозот, трговијата и инвестирањето на странски и домашен пазар;
- кредити со отплата на рати;
- хипотекарни и ломбардни кредити;
- земјоделски кредити и
- други кредити и заеми.

15. Осигурувањето на гаранции ги покрива и директно или индиректно гарантира за исполнувањето на обврските на должниците.

16. Осигурувањето од финансиски загуби ги покрива финансиските загуби кои се јавуваат како резултат на:
- ризик при вработување;
- недоволен приход (општо);

- временски неприлики;
- загубен приход;
- непредвидени општи трошоци;
- непредвидени трговски трошоци;
- загуба на пазарната вредност;
- загуба на рентата или приходот;
- индиректни трговски загуби освен оние наведени во претходните случаи;
- други финансиски загуби (освен трговски) и
- други видови на финансиски загуби.

17. Осигурувањето на правна заштита ги покрива трошоците за правна помош и судски спорови.
18. Осигурувањето на туристичка помош за лица кои се соочуваат со проблеми при патување или други случаи на отсуство од дома или од постојаното место на живеење.
19. Осигурувањето на живот (освен она наведено во точките од 20 до 25 на овој член) опфаќа осигурување во случај на доживување, осигурување во случај на смрт, мешано осигурување на живот, рентно осигурување и осигурување на живот со поврат на премии.
20. Осигурувањето на брак или породување.
21. Осигурувањето на живот во врска со удели во инвестициони фондови, кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик во однос на промена на вредноста на инвестиционите купони или други хартии од вредност на инвестиционите фондови.
22. Осигурувањето на тонтина (здружение на рентиери), е осигурување на лица здружени со цел заеднички да ги капитализираат уплатените влогови и соодветно на тоа да ги дистрибуираат акумулираните средства меѓу лицата кои достигнале одредена возраст, или пак меѓу корисниците на осигурувањето на починатите лица.
23. Осигурувањето на средства за исплата, се базира на актуарски пресметки при што во замена за еднократни или периодични уплати, осигурените лица добиваат побарувања со одредено времетраење и износ.
24. Осигурување на ануитети за корисници на пензии од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и
25. Осигурување на ануитети за корисници на пензиски надоместоци од доброволно капитално финансирано пензиско осигурување согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.

Активности на друштвата за осигурување
Член 6

(1) Друштвото за осигурување може да врши работи на осигурување во една или повеќе класи на осигурување, во рамките на една од групите на осигурување:
1) неживотно осигурување, кое ги опфаќа класите од точките 1 до 18 од членот 5 на овој закон и
2) осигурување на живот, кое ги опфаќа класите од точките 19 до 25 од членот 5 на овој закон.
(2) По исклучок на одредбите од ставот (1) на овој член, друштвото за осигурување што врши работи на осигурување во групата на осигурување на живот може, како дополнително осигурување кон осигурувањето на живот, да врши работи на осигурување од членот 5 точки 1 и 2 од овој закон.
(3) По исклучок на одредбите од ставот 1 на овој член, друштвото за осигурување кое врши работи на осигурување во групата на осигурување на живот, може исто така во согласност со Законот за капитално финансирано пензиско осигурување да управува со пензиски фондови, доколку ги исполнува условите предвидени со тој закон.
(4) По исклучок на одредбите од ставот 1 на овој член друштвата за реосигурување можат да вршат работи на реосигурување за двете групи на осигурување.

Вршење на работи на осигурување
Член 7

(1) Работи на осигурување можат да вршат:
1) друштво за осигурување со седиште во Република Македонија, кое има дозвола за

вршење на работи на осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување;
2) филијала на странско друштво за осигурување која добила дозвола за вршење на работи на осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување и
3) друштво за осигурување на земја членка, кое основало филијала на територијата на Република Македонија или е овластено директно да врши работи на осигурување на територијата на Република Македонија, согласно со овој закон.
(2) Друштвата за осигурување од ставот 1 на овој член имаат право да вршат работи на осигурување само за оние класи на осигурување за кои имаат дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување.
(3) Странска земја, во смисла на овој закон се смета секоја земја која не е членка на Европската унија.
(4) Странско друштво за осигурување, во смисла на овој закон се смета друштво за осигурување на територијата на некоја странска земја, или физичко лице со постојано место на живеење на територијата на странска земја.
(5) Друштво за осигурување на земја членка во смисла на овој закон се смета друштво за осигурување на територијата на земја членка на Европската унија, или физичко лице со постојано место на живеење на територија на земја- членка.

Забрана за вршење на работи на осигурување
Член 8
Работи на осигурување не може да врши ниту едно лице, освен оние наведени во членот 7 став 1 на овој закон.

Примена на Законот на домашни друштва за осигурување и други субјекти
Член 9
(1) Одредбите од овој закон ќе се применуваат на друштва за осигурување, друштва за застапување во осигурувањето и осигурително брокерски друштва со седиште во Република Македонија, осигурителните брокери и застапници во осигурување.
(2) Одредбите од овој закон, исто така ќе се применуваат на друштва за осигурување што вршат исклучиво работи на реосигурување (во натамошниот текст: друштва за реосигурување), освен ако поинаку не е наведено во овој закон.
(3) По исклучок на одредбите од ставот 2 на овој член, одредбите на членовите од 42 до 44, 49 до 52, 90 до 98 и 191 до 197 на овој закон нема да се применуваат на друштва за реосигурување.

Примена на Законот на друштва за осигурување од земји членки
Член 10
(1) Одредбите од овој закон ќе се применуваат на друштва за осигурување со седиште на територија на земја членка (во Натамошниот текст: друштва за осигурување на земја членка), доколку:
1) основаат филијала на територијата на Република Македонија или
2) на територија на Република Македонија, или друга земја членка склучуваат договори за осигурување кои покриваат ризици на територијата на Република Македонија (во натамошниот текст: директно вршење на работи на осигурување).
(2) Осигурувањето се смета дека покрива ризици на територијата на Република Македонија, доколку:
1. Во случај на неживотно осигурување:
- при осигурување на ризици кои се однесуваат на имот, згради, како и подвижен имот што се наоѓа во зградите осигуран со ист договор за осигурување, ако таквиот имот се наоѓа на територијата на Република Македонија;
- при осигурување на возила, ако тие возила се регистрирани на територијата на Република Македонија и
- при осигурување на ризици што се однесуваат на патувања и годишни одмори, кога договорот за осигурување е валиден најмногу четири месеци, ако правниот акт на осигурување е извршен на територијата на Република Македонија.
2. Во случаи на неживотно осигурување, освен осигурувањето наведено во точката 1 од овој

став и во случај на осигурување на живот:
- ако осигуреникот е физичко лице со постојано место на живеење на територијата на Република Македонија и
- ако осигуреникот е физичко лице, чиј имот се наоѓа на територијата на Република Македонија.

Примена на Законот на странски друштва за осигурување
Член 11

(1) Одредбите од овој закон ќе се применуваат на друштва за осигурување со седиште на територијата на странска земја, доколку истите склучуваат договори за осигурување на територијата на Република Македонија, или ако нивните услуги на било кој начин се рекламираат во Република Македонија.
(2) Посебните одредби од овој закон кои се однесуваат на друштво за осигурување со седиште на територијата на Швајцарската конфедерација (во натамошниот текст: швајцарско друштво за осигурување) и неговите филијали, ќе се однесуваат исклучиво на неживотно осигурување.

II. ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
Глава 1
Општи одредби Друштво за осигурување
Член 12

(1) Друштво за осигурување е акционерско друштво со седиште во Република Македонија кое има дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување за вршење работи на осигурување.
(2) Друштвото за осигурување може да се основа како:
1) друштво за осигурување;
2) друштво за реосигурување и
3) друштво за осигурување и реосигурување.

Основање на друштво за осигурување
Член 13

Друштво за осигурување можат да основаат домашни и странски физички и правни лица.

Акционери на друштво за осигурување
Член 14

(1) Акционер со квалификувано учество во друштво за осигурување мора да ги исполнува следниве услови:
1) Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 130/2011 од 02.05.2012 година.
2) Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 130/2011 од 02.05.2012 година.
3) Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 130/2011 од 02.05.2012 година.
4) во последните три години да не бил член на орган на управување, надзорен орган или лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка;
5) против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација, доколку е правно лице;
6) да не е поврзано лице со правно лице во кое друштвото за осигурување директно или индиректно поседува сопственост на најмалку 10% од капиталот или правата на глас во тоа лице и
7) да не работи спротивно на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.
(2) Одредбите од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат и на лицата кои имаат намера да основаат друштво за застапување во осигурувањето, односно осигурително брокерско друштво.
(3) Во случај на бришење на осудата од ставот (1) точка 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик.

Акционерски капитал

Член 15

(1) Акционерскиот капитал на друштвото за осигурување треба да биде најмалку во висина на гарантниот фонд од членот 77 став (2) на овој закон.

(2) Паричните средства на име акционерски капитал на друштвото за осигурување не смеат да потекнуваат од заем и истите не смеат да бидат предмет на какви било други оптоварувања.

(3) Со актот за основање на друштвото за осигурување се определува висината на акционерскиот капитал за основање и работа на друштвото за осигурување.

(4) Денарската противвредност на акционерскиот капитал од став 3 на овој член, пресметана по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, домашните правни и физички лица ја уплатуваат на засебни привремени сметки кај носителот на платен промет.

(5) Странските правни и физички лица средствата од ставовите (3) и (4) на овој член ги уплатуваат на девизна сметка кај Народна банка на Република Македонија.

(6) Друштвото за осигурување е должно да ја одржува вредноста на акционерски капитал.

Учество и квалификувано учество

Член 16

(1) Учество, во смисла на овој закон, претставува директно или индиректно поседување сопственост на најмалку 20% од капиталот или правата на глас на други лица.

(2) Квалификувано учество во смисла на овој закон претставува директно или индиректно поседување на најмалку 10% од вкупниот број на акции или од издадените акции со право на глас во друштво за осигурување.

Поврзани лица

Член 16-а

(1) Поврзани лица во смисла на овој закон се сметаат две или повеќе правни или физички лица кои се меѓусебно поврзани на еден од следниве начини:

1) управувачки или капитално, или на кој било друг начин, при што тие заедно ја определуваат нивната деловна политика или работат во координација едни со други за да обезбедат вообичаени комерцијални предности;

2) кога едно лице значително влијае на донесувањето на финансиски и деловни одлуки на другото лице и

3) работењето или резултатите од работењето на едното лице значително влијаат врз работењето и резултатите од работењето на другото лице. Лицата се поврзани и на тој начин што едно правно или физичко лице има учество во друго правно лице.

(2) Поврзани лица во смисла на овој закон се сметаат и лица кои се поврзани:

1) како членови на потесното семејство;

2) како членови на орган на управување, надзорен орган или прокурист, како и членови на нивното потесно семејство;

3) како лица вработени врз база на договор за работа со посебни услови, како и членови на нивното потесно семејство;

4) на начин што едно лице, односно лица кои се сметаат за поврзани лица согласно со овој член, заедно директно или индиректно имаат учество во друго лице;

5) на начин што во двете лица учество има исто лице, односно лица кои се сметаат за поврзани согласно со овој член и

6) на начин кој е пропишан за поврзани лица согласно со Законот за трговските друштва.

(3) За членови на потесното семејство, во смисла на овој закон се сметаат:

1) брачен другар, односно лица кои подолго време живеат во вонбрачна заедница;

2) родител;

3) деца, родени и посвоени и

4) други лица кои немаат целосна деловна способност, а се ставени под старателство на тоа лице.

(4) Група на поврзани лица ја сочинуваат сите лица кои се поврзани на најмалку еден од начините од ставовите (1) и (2) на овој член."

Индиректно стекнување

Член 17

(1) Индиректен имател на акции, удели или други права со кои се обезбедува учество во управувањето, односно во капиталот е лице за чија сметка друго лице, како директен имател се стекнал со тие акции, удели или други права со кои се обезбедува учество во управувањето.

(2) Индивидуално лице ќе се смета за индиректен имател на акции, удели, или други права со кои се обезбедува учество во управувањето, доколку директниот имател е лице поврзано со тоа лице.

Глава 2

Квалификувано учество

Согласност за стекнување на квалификувано учество

Член 18

(1) Секое лице кое има намера директно или индиректно, постапно или одеднаш да стекне акции со право на глас во друштво за осигурување чиј вкупен кумулативен, номинален износ е еднаков или го надминува нивото на квалификувано учество во друштвото за осигурување потребно е да добие претходна согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: согласност за стекнување квалификувано учество).

(2) Имателот на квалификувано учество од ставот (1) на овој член е должен за секое понатамошно стекнување на акции во друштво за осигурување врз база на кои директно или индиректно, постапно или одеднаш стекнува или надминува 20%, 33%, 50% или 75% од вкупниот број на издадени акции со право на глас во друштвото за осигурување да добие согласност за стекнување квалификувано учество од Агенцијата за супервизија на осигурување.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, лице кое врз основа на одлука на надлежен орган во согласност со закон стекнало, постапно или одеднаш, акции чиј вкупен кумулативен номинален износ изнесува или надминува 10%, 20%, 33%, 50% или 75% од вкупниот број акции со право на глас во друштво за осигурување, без оглед на тоа дали акциите ги стекнало директно или индиректно едно или повеќе поврзани лица, е должно, во рок од 10 дена од конечноста, односно правосилноста на одлуката, да поднесе барање до Агенцијата за супервизија на осигурување за добивање претходна согласност за стекнување квалификувано учество.

(4) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член банките, брокерските куќи и берзата не смеат да извршат налог за купување, односно трансакција со акции во друштво за осигурување за кои не им е презентирана согласност за стекнување квалификувано учество од Агенцијата за супервизија на осигурување.

(5) Во случаите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, Централниот депозитар за хартии од вредност нема да изврши запишување на акциите за кои не му е презентирана согласност од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

(6) Трансакцијата за стекнување на акциите треба да се изврши во рок од 60 дена од денот на добивање на согласноста за стекнување квалификувано учество од Агенцијата за супервизија на осигурување. По истекот на овој рок задолжителна е постапка за добивање нова согласност за стекнување квалификувано учество.

(7) Кога лицето кое добило согласност од ставовите 1 и 2 од овој член, има намера да ги продаде акциите, со што ќе се намали неговото учество под лимитот за кој е дадена таа согласност, должно е за тоа да го извести Агенцијата за супервизија на осигурување.

(8) Агенцијата за супервизија на осигурување, пред да донесе решение за давање на согласност за стекнување на акциите од ставовите 1 и 2 на овој член, е должен да го извести надлежниот орган за супервизија од земја членка, доколку заинтересираниот имател на квалификувано учество е:

1) друштво за осигурување кое има дозвола за вршење работи на осигурување во таа земја членка;

2) владејачко или зависно друштво на друштвото за осигурување од точката 1 од овој став.

(9) Ако заинтересираниот имател на квалификувано учество е друштво за осигурување од земја членка или странско друштво за осигурување, тогаш кон барањето за добивање на согласност за стекнување на квалификувано учество се приложува и согласност или мислење од надлежниот орган за супервизија на таа земја.

(10) Агенцијата за супервизија на осигурување поблиску ќе ја пропише потребната документација и начинот за стекнување на квалификувано учество во друштво за осигурување.
(11) Квалификувано учество во смисла на овој закон ќе биде директно или индиректно поседување на акции, или други права врз основа на кои имателот стекнува 10% од акциите со право на управување во друго правно лице.

Донесување на решение за давање согласност за стекнување на квалификувано учество

Член 19

(1) Лицето кое сака да стекне квалификувано учество (во натамошниот текст: заинтересиран имател на квалификувано учество), треба да поднесе барање за добивање согласност до Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Кон барањето за добивање согласност од ставот (1) на овој член се поднесуваат документите и информациите од членот 32, став (1) точки 5, 6, 7 и 8, став (2), (3) и (5).
(3) Агенцијата за супервизија на осигурување со решение ќе го одбие барањето за добивање согласност за стекнување на квалификувано учество, доколку од поднесените документи се утврди дека:
1) барањето не ја содржи комплетната документација;
2) барањето содржи неточни или невистинити податоци;
3) во однос на активностите или работите кои ги врши заинтересираниот имател на квалификувано учество или со него поврзани лица, работењето на друштвото за осигурување може да биде загрозено согласно со правилата за управување со ризик и
4) во однос на активностите или работите кои ги врши заинтересираниот имател на квалификувано учество или со него поврзани лица, или во однос на видот на односите меѓу тие лица, супервизијата над друштвото за осигурување не може да се спроведе или истата ќе биде значително отежната;
5) заинтересираниот имател на квалификувано учество не ги исполнува условите од членот 14 на овој закон и
6) има основана причина за сомневање во легалноста на потеклото на парите.
(4) Агенцијата за супервизија на осигурување со решение ќе одбие да даде согласност за стекнување на квалификувано учество на странско лице - заинтересиран имател на квалификувано учество, доколку според прописите во земјата на тоа лице или практиката при примена на тие прописи, супервизијата над друштвото за осигурување согласно со одредбите на овој закон не може да се спроведе или истата ќе биде значително отежната.
(5) За решението од ставот (3) на овој член со кое се одбива барањето во врска со ставот (2) точка 6 од овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување веднаш ја известува Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.
(6) Кога правно лице поднесува барање за добивање дозвола за вршење на работи на осигурување, постапката за донесување на решение за давање согласност од ставот (1) на овој член, ќе биде споена со постапката за донесување на решение за давање дозвола за вршење на работи на осигурување.
(7) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 20 е избришан („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007)

Повлекување на согласност за стекнување квалификувано учество

Член 21

(1) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение за повлекување на согласност за стекнување на квалификувано учество, доколку:
1) согласност е добиена со наведување на невистинити податоци;
2) имателот на квалификувано учество или со него поврзани лица преку преземање на одредени активности или работи, го загрозуваат работењето на друштвото за осигурување согласно со правилата за управување со ризик;
3) имателот на квалификувано учество или со него поврзани лица преку вршење на

одредени активности или работи, или во однос на видот на односите меѓу тие лица, супервизијата над друштвото за осигурување не може да се спроведе или истата ќе биде значително отежната и
4) во случај на странско лице - имател на квалификувано учество: ако во однос на прописите кои се во сила во земјата на тоа лице или практиката при примена на тие прописи, супервизијата над друштвото за осигурување не може да се спроведе или истата ќе биде значително отежната.

Ограничување на права од акции
Член 21-а
(1) За акциите стекнати спротивно на членот 18, ставови (1), (2) или (3) од овој закон и за акциите за кои е повлечена издадената согласност, Агенцијата за супервизија на осигурување со решение утврдува дека не носат право на глас и дека лицето кое ги стекнало тие акции или негови претставници не можат да бидат членови на органот на управување, односно надзорниот орган на друштвото.
(2) Агенцијата е должна решението од ставот (1) на овој член да го донесе во рок од 15 дена од денот на добиеното известување за стекнување на акциите спротивно на член 18 ставови (1), (2) или (3) од овој закон, односно од денот на донесување на решението за повлекување на согласноста.

Член 21-б
Одредбите од оваа глава соодветно се применуваат и на друштвата за застапување во осигурувањето, односно осигурително брокерските друштва.

Глава 3
Орган на управување и надзорен орган на друштвото за осигурување
Орган на управување и надзорен орган на друштвото за осигурување
Член 22
(1) За орган на управување во смисла на овој закон се смета управен одбор, односно извршни директори на друштвото за осигурување.
(2) За надзорен орган во смисла на овој закон се смета надзорен одбор, односно неизвршни директори на друштвото за осигурување.
(3) На друштвата за осигурување не се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва за прокура, трговски полномошник и трговски патник.

Услови за вршење на функција член на органот на управување во друштвото за осигурување
Член 23
(1) За член на орган на управување може да се именува лице кое ги исполнува следниве услови:
1) да има соодветна стручна подготовка и искуство за управување со друштво за осигурување и
2) да ги познава прописите од областа на осигурувањето
(2) Условот од ставот (1) точка 1 на овој член се смета за исполнет доколку лицето има високо образование и најмалку 3 години работно искуство на раководни места во друштво за осигурување, односно 5 години работно искуство на раководни места во банка или друга финансиска институција од сличен обем на активностите како друштво за осигурување.
(3) Членовите на органот на управување мора да се во постојан работен однос во друштвото за осигурување и барем еден од членовите мора да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и да има постојано живеалиште во Република Македонија.
(4) Член на орган на управување во друштво за осигурување не може да биде лице:
1) кое е член на орган на управување, надзорен орган или прокурист во друго друштво за осигурување или друго трговско друштво;
2) кое е член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување или друго лице вработено во Агенцијата;

3) **Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 130/2011 од 02.05.2012 година.**
4) **Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 130/2011 од 02.05.2012 година.**
5) кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка;
6) кое е поврзано лице со правно лице во кое друштвото за осигурување директно или индиректно поседува сопственост на повеќе од 10% од капиталот или правата на глас во тоа правно лице;
7) кое работи спротивно на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам и
8) за кое Агенцијата со решение одбила да издаде согласност за вршење на функцијата член на орган на управување и тоа најмалку во период од една година по датумот на донесување на решението за одбивањето на барањето за добивање на согласност.
(5) Доколку бројот на членовите на органот на управување се намали под минималниот број согласно Законот за трговските друштва, надзорниот орган на друштвото е должен во рок од 60 дена од денот на престанувањето на функцијата на членот на орган на управување до Агенцијата за супервизија на осигурување да поднесе барање за добивање на согласност за именување на член на орган на управување.

Согласност за вршење на функцијата член на орган на управување
Член 24

(1) За вршење на функцијата член на орган на управување потребно е добивање на претходна согласност за вршење на функцијата член на орган на управување на друштвото за осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Друштвото за осигурување за добивање согласност од ставот 1 на овој член е должно да поднесе барање за добивање согласност до Агенцијата за супервизија на осигурување.
(3) Кон барањето од ставот 2 на овој член се приложува соодветна документација со која се докажува дека се исполнети условите од членот 23 на овој закон.
(4) Агенцијата за супервизија на осигурување во текот на постапката за донесување на решение за давање согласност од ставот 1 на овој член, може да одлучи лицето да презентира концепт за управување со друштвото за осигурување.
(5) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение за давање согласност од ставот 1 на овој член, доколку од поднесената документација од ставот 3 на овој член се утврди дека лицето ги исполнува условите за вршење на функцијата член на орган на управување на друштво за осигурување.
(6) Агенцијата за супервизија на осигурување, може да одбие да даде согласност, доколку од приложената документација за дотогашното работење и активности на лицето се утврди дека истото би го загрозило работењето на друштвото за осигурување согласно со правилата за управување со ризик.
(7) Доколку лице добило согласност за вршење на функцијата член на орган на управување во едно друштво за осигурување, тогаш истото е должно пред именување на иста функција во друго друштво за осигурување, до Агенцијата за супервизија на осигурување повторно да поднесе барање за добивање согласност од ставот 1 на овој член. Одредбите од ставовите 4, 5 и 6 на овој член, соодветно ќе се применуваат и при давањето согласност од овој став.
(8) При поднесување на барање за добивање дозвола за вршење на работи на осигурување постапката за донесување на решение за давање согласност од ставот 1 на овој член, се спојува со постапката за донесување на решение за издавање дозвола за вршење на работи на осигурување.

Одговорности на членовите на органот на управување на
друштвото за осигурување
Член 25

Членовите на органот на управување на друштвото за осигурување се должни да:
1) обезбедат друштвото за осигурување да работи согласно со правилата за управување со ризик, согласно со овој закон и други закони кои го регулираат работењето на друштвото за осигурување;
2) вршат контрола над ризиците од работењето на друштвото за осигурување, како и да преземаат соодветни мерки за управување со тие ризици;

3) воспостават систем на внатрешна контрола во сите делови од работењето на друштвото за осигурување, како и систем на внатрешна ревизија со што ќе се обезбеди работењето на друштвото за осигурување да биде во согласност со овој закон;
4) обезбедат дека друштвото за осигурување ги води трговските книги и другата сметководствена документација, ги вреднува ставките во деловните биланси, изготвува годишни извештаи, како и извештаи до Агенцијата за супервизија на осигурување, согласно со овој закон и
5) именуваат овластено лице за имплементирање на програмата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, односно ќе формираат оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Известување до надзорниот орган
Член 26

(1) Органот на управување на друштвото за осигурување е должен веднаш писмено да го извести надзорниот орган на друштвото, доколку:
1) е загрозена ликвидноста или солвентноста на друштвото;
2) постојат причини за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување или за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување во одделна класа на осигурување и
3) финансиската состојба на друштвото за осигурување се променила со што друштвото за осигурување повеќе не го обезбедува потребното ниво на маргина на солвентност согласно со членовите 75 или 76 од овој закон.
(2) Членот на органот на управување на друштвото за осигурување е должен веднаш писмено да го извести надзорниот орган за следново:
1) именување или истекување на мандатот во надзорни органи на други правни лица и
2) трансакции врз основа на кои членот на органот на управување или негови блиски роднини, директно или индиректно се стекнале со акции, или удели во некое правно лице врз основа на што, учеството на членот на органот на управување заедно со неговите блиски роднини во тоа правно лице, го надминало нивото на квалификувано учество, како и во случај неговото учество да се намалило под нивото на квалификувано учество во тоа правно лице.

Повлекување на согласност за вршење на функцијата член на
орган на управување
Член 27

(1) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение за повлекување на согласност за вршење на функцијата член на орган на управување на друштво за осигурување, доколку:
1) согласност е добиена со наведување на невистинити податоци;
2) работењето на членот на органот на управување не е во согласност со членовите 25 и 26 од овој закон;
3) лицето повеќе не ги исполнува условите од членот 23 ставови (1), (2), (3) и (4) на овој закон и
4) лицето е разрешено од функцијата член на орган на управување во друштвото.
(2) Кога е поведена постапка за повлекување на согласност за вршење на функцијата член на орган на управување поради незаконитости, кои се причина и за поведување на постапка за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување на друштвото за осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување може да ги спои двете постапки.

Надзорен орган на друштвото за осигурување
Членови на надзорен орган на друштвото за осигурување
Член 28

(1) За член на надзорен орган на друштво за осигурување не може да биде именувано лице:
1) кое е член на орган на управување, надзорен орган или прокурист во друго друштво за осигурување или друга финансиска институција со седиште во Република Македонија;
2) кое е член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување или друго лице вработено во Агенцијата;

3) **Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 130/2011 од 02.05.2012 година.**
4) **Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 130/2011 од 02.05.2012 година.**
5) кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка;
6) кое е поврзано лице со правно лице во кое друштвото за осигурување директно или индиректно поседува сопственост на повеќе од 10% од капиталот или правата на глас во тоа правно лице;
7) кое е вработено во друштво за осигурување и
8) кое работи спротивно на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.
(2) Забраната од ставот (1) точка 1 на овој член не се однесува на лицата кои се членови на надзорен орган, членови на орган на управување или прокуристи во владејачко друштво за осигурување или друго владејачко друштво во група на друштва за осигурување.
(3) Покрај условите од ставот (1) на овој член најмалку една третина од членовите на надзорниот орган на друштвото за осигурување мораат да бидат независни членови.
(4) Во случај на бришење на осудата од ставот (1) точка 3 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик.

Надлежности на надзорниот орган во друштвото за осигурување
Член 29

Покрај надлежностите предвидени со Законот за трговските друштва, надзорниот орган на друштво за осигурување ги има и следниве надлежности:
1) ги одобрува одлуките донесени од страна на органот на управување по однос на деловната политика на друштвото за осигурување;
2) ги одобрува одлуките донесени од страна на органот на управување по однос на финансискиот план на друштвото за осигурување;
3) ги одобрува одлуките донесени од страна на органот на управување во врска со воспоставување на системот за внатрешна ревизија;
4) ја одобрува годишната програма за внатрешна ревизија донесена од страна на органот на управување;
5) врши надзор и контрола над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање тероризам и
6) донесува одлуки по други прашања согласно со овој закон.

Одговорности на членовите на надзорниот орган во друштво за осигурување
Член 30

(1) Членовите на надзорниот орган на друштво за осигурување се должни да:
1) спроведуваат супервизија на адекватноста на постапките и ефикасноста во работењето на внатрешната ревизија;
2) расправаат за наодите на Агенцијата за супервизија на осигурување, даночната инспекција и други надлежни органи, во постапката за спроведување на супервизија на друштво за осигурување;
3) ги ревидираат годишните извештаи и деловните биланси на друштвото за осигурување и изготвуваат мислење по истите и
4) изготвуваат мислење по однос на годишниот извештај на внатрешната ревизија и годишниот извештај на органот на управување и истите ги доставуваат до Собранието на акционери на друштвото за осигурување на усвојување.
(2) Членовите на надзорниот орган на друштвото за осигурување се солидарно одговорни со друштвото за осигурување за сите загуби настанати како резултат на неисполнување на одговорностите од ставот 1 на овој член, освен доколку докажат дека работата ја извршувале со соодветно внимание, совесност и чесност.
(3) Членот на надзорниот орган на друштвото за осигурување е должен веднаш писмено да го извести надзорниот орган за следново:
1) именување или истекување на мандатот во надзорни органи на други правни лица;
2) трансакции врз основа на кои членот на надзорниот орган или негови блиски роднини, директно или индиректно се стекнале со акции или удели во некое правно лице врз основа

на што, учеството на членот на надзорниот орган заедно со неговите блиски роднини во тоа правно лице, го надминало нивото на квалификувано учество, како и во случај неговото учество да се намалило под нивото на квалификувано учество во тоа правно лице.

III. ОСНОВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Глава 1

Дозволи во врска со вршење на работи на осигурување

1. Видови на дозволи

Член 31

(1) Друштвото за осигурување е должно за вршење на работи на осигурување да добие дозвола од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: дозвола за вршење на работи на осигурување).
(2) Друштвото за осигурување е должно за воведување нова класа на осигурување да добие дозвола од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: дозвола за воведување нова класа на осигурување).
(3) Друштвото за осигурување е должно за пренос на договорите за осигурување на друго друштво за осигурување да добие дозвола од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: дозвола за пренос на осигурително портфолио).
(4) Друштвото за осигурување е должно за склучување на договор за пренос на значаен дел од своите активности на друго друштво за осигурување или правно лице да добие дозвола од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: дозвола за пренос на надворешни активности).
(5) Друштвото за осигурување е должно за статусни измени на друштвото за осигурување да добие дозвола од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: дозвола за статусни измени).
(6) Странско друштво за осигурување е должно за основање и работа на филијала во Република Македонија да добие дозвола од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: дозвола за основање и работа на филијала на странско друштво за осигурување).
(7) Друштвото за осигурување е должно за основање и работа на филијала во странство да добие дозвола од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: дозвола за основање и работа на филијала во странство).
(8) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе ја пропише потребната документација која мора да биде доставена кон барањето за добивање на дозвола од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член.

2. Дозвола за вршење на работи на осигурување

Барање за добивање дозвола за вршење на работи на осигурување

Член 32

(1) Основачите на друштвото за осигурување кон барањето за добивање на дозвола за вршење на работи на осигурување се должни да приложат:
1) предлог на статут;
2) план за работа;
3) предлог на акти на деловната политика во однос на класите на осигурување наведени во членот 5 точки 2 и 10 од овој закон со мислење на овластен актуар;
4) доказ дека се уплатени парични средства на име акционерски капитал на засебна привремена сметка кај носител на платен промет;
5) извори на средства за уплата на капиталот;
6) Укинат со Одлука на Уставен суд У. бр. 129/2011 од 06.02.2013 година
7) список на акционери, со наведување на име, презиме и адреса на физичките лица и назив и седиште на правните лица, како и податоци за вкупниот номинален износ на поседувани акции и процент на учество во акционерскиот капитал на друштвото за осигурување;
8) докази во врска со членот 14 од овој закон;
9) список на лица кои се поврзани лица со лицата кои поседуваат квалификувано учество во друштвото за осигурување, со доказ за начинот на поврзаност согласно со членот 16-а од овој закон;
10) за физичките лица кои се предложени за членови на органот на управување и/или

надзорниот орган:
- доказ дека се исполнети условите пропишани во членовите 23 и 28 од овој закон и
- доказ дека лицето не подлежи на ограничувањата за избор пропишани согласно овој или други закони, а кои се однесуваат на членови на орган на управување или надзорен орган;
11) предлог на договори за вршење на надворешни активности, ако друштвото за осигурување планира да овласти други субјекти за вршење на надворешни активности;
12) документација врз основа на која може да се констатира дека друштвото за осигурување е кадровски, технички и организационо оспособено за вршење на работите предвидени со актот за основање на друштвото за осигурување со податоци за информатичкиот систем и техничката опременост на друштвото за осигурување;
13) елаборат за организација и работа на Службата за внатрешната ревизија и Правила за управување со ризик;
14) име и презиме на овластениот актуар кој ќе врши актуарски работи во друштвото за осигурување со доказ дека се исполнети условите пропишани во членот 110 од овој закон;
15) име и презиме на овластениот ревизор кој ќе биде назначен за внатрешен ревизор во друштвото и
16) програма за имплементација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.
(2) Правните лица кои имаат намера да стекнат квалификувано учество во друштво за осигурување, покрај документите, податоците и информациите од ставот (1) на овој член, кон барањето доставуваат и:
- акт за основање и список на членови на органот на управување на правното лице;
- извод од регистарот во кој е регистрирано седиштето на правното лице;
- копија од акционерска книга, односно доказ од друг соодветен јавен регистар и
- ревизорски извештај од овластено друштво за ревизија за последните две деловни години.
(3) Доколку акционерот е странско правно лице или домашно правно лице, кое е непосредно или посредно во мнозинска сопственост на странски физички или правни лица, кон барањето за добивање дозвола за вршење на работи на осигурување, покрај документацијата од став (1) и став (2) на овој член се приложува и:
1) доказ од странското друштво за осигурување дека има дозвола за вршење на работи на осигурување во матичната земја, ако странскиот акционер е друштво за осигурување.
2) мислење на странска институција овластена за супервизија на друштвото за осигурување, ако странскиот акционер е друштво за осигурување и
3) ревизорски извештај од првокласно друштво за ревизија за последната деловна година, ако странскиот акционер е правно лице кое не е друштво за осигурување.
(4) Кон барањето за добивање дозвола за вршење на работи на осигурување, треба да се приложи и потврда од овластен актуар дека друштвото за осигурување, во однос на планираниот вид и обем на активности ќе може да го обезбеди потребното ниво на маргина на солвентност.
(5) Покрај наведените податоци од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување може да бара и дополнителни документи, податоци и информации и да спроведе интервју со предложените членови на органот на управување и надзорниот орган и со лицата кои имаат намера да се стекнат со квалификувано учество во друштвото за осигурување.
(6) Доказите за исполнување на условите од член 23 став (4) точки 2) и 8) и член 28 став (1) точка 2) од овој закон се обезбедуваат од евиденцијата на Агенцијата за супервизија на осигурување.
(7) Овластеното службено лице од Агенцијата за супервизија на осигурување кое ја води постапката за добивање дозвола за вршење на работи на осигурување е должно доказите од став (1) точка 8) и став (2) алинеи 2 и 3 на овој член по службена должност да ги побара од надлежен јавен орган во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(8) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите од ставовите (1) точка 8) и (2) алинеи 2 и 3 на овој член е должно да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(9) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Одлучување за издавање дозвола за вршење на работи на осигурување

Член 33

(1) Во решението со кое се издава дозвола за вршење на работи на осигурување, се утврдуваат класите на осигурување кои може да ги врши друштвото за осигурување. Ако дозволата се издава за сите класи на осигурувања во рамките на одделна група на осигурување, тогаш во решението ќе се наведе групата на осигурување.

(2) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе издаде дозвола за вршење на работи на осигурување во рамките на одделна класа на осигурување, ако друштвото за осигурување ги исполнува условите за вршење на работи на осигурување во рамките на таа класа на осигурување.

(3) По исклучок на ставовите 1 и 2 од овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување во решението за издавање дозвола за вршење на работи на реосигурување ќе наведе дека дозволата се однесува исклучиво на работи на реосигурување, како и дека истата ги покрива сите класи на осигурување.

Одбивање на барањето за добивање дозвола за вршење на работи на осигурување

Член 34

(1) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе го одбие барањето за добивање дозвола за вршење на работи на осигурување, доколку:

1) барањето не ја содржи комплетната документација;

2) барањето содржи неточни или невистинити податоци;

3) акционерите кои се иматели на квалификувано учество немаат согласност согласно со членот 18 ставови 1 и 2 од овој закон;

4) предлогот на членовите на органот на управување немаат согласност за вршење на функцијата членови на органот на управување согласно со членот 24 став 1 од овој закон;

5) расположливите податоци и информации укажуваат дека основачите на друштвото и/или лицата поврзани со него, како последица на правната или финансиската состојба, односно начинот на кој работат или природата на нивните активности индицира тенденција на висок ризик со што може да биде загрозена стабилноста, сигурноста и репутацијата на друштвото за осигурување, односно неговото работење во согласност со прописите;

6) од доставената документација се утврди дека друштвото за осигурување не е кадровски, технички и организационо оспособено за вршење на работите предвидени со планот за работа;

7) од предлогот на актите на деловната политика на друштвото за осигурување се утврди дека не се воспоставени услови за вршење на работите на осигурување на друштвото за осигурување, согласно со овој закон;

8) предлогот на статутот и предлогот на актите на деловната политика на друштвото за осигурување се во спротивност со одредбите на овој закон;

9) пресметаните премии и резерви не се доволни за постојано и целосно покривање на обврските на друштвото за осигурување кои произлегуваат од договорите за осигурување и

10) друштвото за осигурување не ги исполнува другите услови предвидени со овој или друг закон, или пропис кои се однесуваат на вршење на работи на осигурување општо и/или вршење на работи на осигурување во рамките на одредена класа на осигурување на која се однесува дозволата за вршење на работи на осигурување.

(2) Покрај случаите од ставот 1 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе го одбие барањето за добивање дозвола за вршење на работи на осигурување во класи на задолжително осигурување, како и дополнително здравствено осигурување, доколку Општите и посебни услови на полиси се во спротивност на одредбите кои го регулираат задолжителното осигурување и дополнителното здравствено осигурување.

Акт за основање

Член 35

Друштвото за осигурување го донесува Актот за основање во рок од 60 дена од денот на донесувањето на решението со кое се издава дозвола за вршење на работи на осигурување.

Упис во трговскиот регистар
Член 36
(1) Друштвото за осигурување стекнува својство на правно лице со упис во трговскиот регистар.
(2) Кон пријавата за упис во трговскиот регистар, покрај документацијата утврдена со Законот за трговските друштва се приложува и:
1) доказ дека се уплатени парични средства на име акционерски капитал на засебна привремена сметка кај носител на платниот промет, односно дека странскиот основач ги уплатил девизните средства на посебна сметка кај Народната банка на Република Македонија и
2) дозвола од членот 31 став 1 на овој закон.
(3) По извршената регистрација во трговскиот регистар, судот е должен до Агенцијата за супервизија на осигурување да достави примерок од решението за упис во трговскиот регистар.
(4) Агенцијата за супервизија на осигурување води евиденција на друштвата за осигурување регистрирани во трговскиот регистар.

Започнување со работа
Член 37
(1) Друштвото за осигурување е должно да започне со работа во рок од шест месеци од денот на донесувањето на решението со кое се издава дозвола за вршење на работи на осигурување.
(2) Друштвото за осигурување е должно писмено да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување за започнување или престанок со работа во рамките на секоја од класите на осигурување за кои добило дозвола за вршење на работи на осигурување, веднаш по започнувањето, односно престанокот.

План за работа
Член 38
(1) Планот за работа од точката 2 став 1 на членот 32 од овој закон содржи:
1) основи на деловната политика;
2) класи на осигурување во рамките на кои друштвото за осигурување планира да врши работи на осигурување;
3) принципи за реосигурување, вклучувајќи табели за максимално покритие за сите класи на осигурувања;
4) пресметка на потребното ниво на маргината на солвентност согласно со членовите 75 или 76 од овој закон;
5) планиран обем на трошоци за основање, организациски трошоци и трошоци за развој на друштвото;
6) проценка на ликвидноста, како и финансиски извори потребни за исполнување на обврските и обезбедување потребно ниво на маргина на солвентност и
7) елаборат со проекција за очекувани деловни резултати за најмалку тригодишен период, пред се во врска со очекуваниот приход од премиите, очекуваните штети, расходите за спроведување на осигурувањето, очекуваната добивка, очекуваните обесштетувања, како и висината на технички и други резерви.
(2) Ако планот за работа се однесува на работи на реосигурување, тогаш истиот ќе ги содржи само одредбите предвидени во точките 1, 4, 5 и 7 од ставот 1 на овој член.
(3) Ако друштвото за осигурување има намера да врши работи на осигурување вклучувајќи ги и работите од точката 18 став 1 на членот 5 од овој закон, планот за работа, исто така треба да вклучува спецификација на расположливи средства на друштвото за осигурување кои се потребни за задоволување на непаричните обврски (средства за помош), кои произлегуваат од таа класа на осигурување.
(4) Друштвото за осигурување е должно на годишно ниво да изготвува план за работа кој ќе ги содржи одредбите предвидени со ставот 1 на овој член, со исклучок на точките 5 и 7. Планот за работа, друштвото за осигурување го доставува до Агенцијата за супервизија на осигурување најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.
(5) Кон Планот за работа друштвото за осигурување е должно за секоја деловна година да

донесе акт за управување со ризик согласно со одредбите пропишани во Дел четврти од овој закон и истата да ја достави до Агенцијата за супервизија на осигурување во рокот утврден во ставот (4) на овој член.

Акти на деловната политика
Член 39

(1) Акти на деловната политика на друштвото за осигурување се:
1) општи и посебни услови за осигурување по класи на осигурување;
2) тарифи на премии по групи и класи на осигурување со структура на премијата согласно со членовите 78 и 79 од овој закон;
3) правилник за формирање на технички резерви на осигурување и политика за управување со средствата;
4) правилник за пласирање на средствата на техничките резерви;
5) акт за формирање, управување и користење на математичката резерва за осигурување на живот и за други групи на осигурување во кои се применуваат табелите на смртност и други слични веројатносни табели и пресметки што се однесуваат на осигурување на живот;
6) правилник за формирање фонд за превентива и управување и користење на фондот, доколку формирање на фондот за превентива е предвидено со статутот на друштвото;
7) програма за потребите од реосигурување, согласно со членот 100 на овој закон и
8) правилник за остварување на регреси.
(2) Актите од ставот 1 на овој член се изготвуваат и за сите задолжителни осигурувања.

Истекување на дозволата за вршење на работи на осигурување
Член 40

(1) Дозволата за вршење на работи на осигурување во одделна класа на осигурување, или за сите класи на осигурување за кои друштвото има дозвола за вршење на работи на осигурување, ќе истече доколку:
1) друштвото за осигурување не започне со работа во период од шест месеци од денот на донесувањето на решението за издавање на дозвола за вршење на работи на осигурување;
2) друштвото за осигурување не донесе акт за основање во рок од 60 дена од денот на донесувањето на решението за издавање на дозвола за вршење на работи на осигурување;
3) друштвото за осигурување писмено ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување дека ќе престане да врши работи на осигурување;
4) по отворање на стечајна постапка;
5) по отворање на ликвидација и
6) по пренос на сите договори за осигурување на друго друштво за осигурување.
(2) При настанување на случаите од ставот 1 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение за истекување на дозволата за вршење на работи на осигурување.
(3) Друштвото за осигурување не може да склучува нови договори за осигурување:
1) во случаите од точките 1 до 3 од ставот 1 на овој член, од денот на донесувањето на решението од ставот 2 на овој член;
2) во случај од точката 4 од ставот 1 на овој член, од денот на објавувањето на отворањето на стечајната постапка на огласна табла на надлежниот суд;
3) во случај од точката 5 од ставот 1 на овој член, од истекот на роковите од ставот 2 член 169 на овој закон, во зависност од основата за отворање на ликвидација и
4) во случај од точката 6 од ставот 1 на овој член, од денот кога друштвото за осигурување добило дозвола за пренос на договорите за осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

3. Дозвола за воведување нова класа на осигурување
Член 41

(1) Друштвото за осигурување кое има дозвола за вршење на работи на осигурување во рамките на одделни класи на осигурување, е должно за вршење на работи на осигурување во рамките на други класи на осигурување да добие дозвола за воведување нова класа на осигурување, од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе го одбие барањето за добивање дозвола за

воведување нова класа на осигурување, доколку:
1) се утврди дека со воведување на новата класа на осигурување, работењето на друштвото за осигурување може да биде загрозено согласно со правилата за управување со ризик и
2) друштвото за осигурување не ги исполнува другите услови за вршење на работи на осигурување во рамките на класите на осигурување за кои е поднесено барање за добивање на дозволата.
(3) Во однос на дозволата за воведување нова класа на осигурување од ставот 1 на овој член, ќе се применуваат одредбите од членовите 32 до 34, 38 и 40 на овој закон, освен ако поинаку не е определено со овој закон.

4. Дозвола за пренос на осигурително портфолио

Пренос на осигурително портфолио

Член 42

(1) Друштвото за осигурување може преку договор да изврши пренос на договорите за осигурување во рамките на една или повеќе класи на осигурување (во натамошниот текст: осигурително портфолио), заедно со средствата кои ги покриваат техничките резерви и/или математичката резерва, во висина на техничките резерви и/или математичката резерва кои треба да бидат издвоени за осигурителното портфолио кое е предмет на пренос на друго друштво за осигурување.
(2) За пренос на осигурително портфолио не е потребна согласност од осигурениците.
(3) Договорот од ставот 1 на овој член влегува во сила на денот кога Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение за издавање дозвола за пренос на осигурително портфолио.
(4) Друштвото за осигурување кое го презема осигурителното портфолио е должно во период од пет дена последователно, во најмалку два дневни весници на територијата на која се покриваат ризиците со осигурителното портфолио, да ги информира осигурениците за извршениот пренос.
(5) Друштвото за осигурување може да изврши пренос на осигурително портфолио на:
1) друго друштво за осигурување со седиште во Република Македонија;
2) друштво за осигурување од земја членка или негова филијала во Република Македонија или некоја друга земја членка и
3) филијала на странско друштво за осигурување во Република Македонија.

Барање за добивање дозвола за пренос на осигурително портфолио

Член 43

Барањето за добивање дозвола за пренос на осигурително портфолио содржи:
1) листа на договори за осигурување според одделни класи на осигурување кои се предмет на пренос, како и Општите и посебни услови за осигурување за тие договори за осигурување и соодветни пресметки за техничките резерви и/или математичката резерва;
2) податоци за средствата кои ги покриваат техничките резерви и/или математичката резерва, со наведување на нивниот обем и податоци врз основа на кои може да се изврши проверка на обемот;
3) измени во планот на работа на друштвото за осигурување кое го презема осигурителното портфолио, а кои се јавуваат како резултат на преносот и
4) договор за пренос на осигурително портфолио.

Донесување решение за издавање на дозвола за пренос на осигурително портфолио

Член 44

(1) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе го одбие барањето за добивање дозвола за пренос на осигурително портфолио, ако обемот на средствата кои ги покриваат техничките резерви и/или математичката резерва се пониски од техничките резерви и/или математичката резерва кои требало да се издвојат за осигурителното портфолио што е предмет на пренос, или ако постојат други услови поради што ќе бидат загрозени интересите на осигурениците.
(2) Во случаите од точките 1 и 3 од ставот 5 на членот 42 од овој закон, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе го одбие барањето за добивање дозвола за пренос на

осигурително портфолио, ако друштвото за осигурување кое го презема осигурителното портфолио не ги исполнува условите за вршење на работи на осигурување во рамките на класите на осигурување во чии рамки е осигурителното портфолио или ако поради преземање на осигурителното портфолио, работењето на друштвото за осигурување може да биде загрозено согласно со правилата за управување со ризик.
(3) Ако друштвото за осигурување го пренесе осигурителното портфолио на негова филијала во земја членка, пред да се донесе решение за издавање на дозвола за пренос на осигурително портфолио, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна да побара мислење од надлежниот орган за супервизија на земјата членка. Ако во рок од три месеци од приемот на барањето за мислење, надлежниот орган за супервизија на земјата членка не одговори, ќе се смета дека истиот нема приговор во однос на преносот на осигурителното портфолио.
(4) Во случај од точката 2, став 5 од членот 42 на овој закон, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе издаде дозвола за пренос на осигурително портфолио, само доколку надлежниот орган за супервизија на земјата членка издаде потврда дека друштвото за осигурување од земјата членка го обезбедува потребното ниво на маргина на солвентност по извршениот пренос на осигурителното портфолио.
(5) Ако во случај од ставот 4 на овој член, осигурителното портфолио покрива ризици на територијата на некоја друга земја членка, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе издаде дозвола за пренос на осигурителното портфолио, доколку надлежниот орган за супервизија на таа земја членка се согласи со преносот. Доколку во рок од три месеци од приемот на барањето за добивање согласност, надлежниот орган за супервизија на таа земја членка не издаде согласност, ќе се смета дека истиот нема приговор во однос на преносот на осигурителното портфолио.
(6) Одредбите од ставот 4 на овој член ќе се применуваат и на пренос на осигурителното портфолио на филијала на швајцарско друштво за осигурување во Република Македонија.
(7) Ако за пренос на осигурително портфолио од своја филијала во земја членка, странско друштво за осигурување бара согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување, тогаш Агенцијата за супервизија на осигурување е должна да одлучи по барањето.
(8) Ако друштвото за осигурување на земја членка планира да изврши пренос на осигурително портфолио на нејзина филијала во Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурување е должно во рок од три месеци од приемот на барањето за согласност да го информира надлежниот орган на супервизија на земјата членка за можниот приговор против преносот.
(9) Ако е побарана потврда од Агенцијата за супервизија на осигурување за пренос на осигурителното портфолио од друштвото за осигурување на земја членка согласно со ставот 4 од овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна да издаде соодветна потврда или да одбие да издаде потврда.
(10) Ако друштво за осигурување од земја членка има намера да изврши пренос на осигурително портфолио на друштво за осигурување од друга земја членка, при што осигурителното портфолио што е предмет на пренос, исто така покрива ризици на територијата на Република Македонија, тогаш Агенцијата за супервизија на осигурување може да одбие да издаде согласност за пренос согласно со ставот 5 од овој член, доколку се загрозени интересите на осигурениците. Решението за одбивање за давање согласност ќе се донесе во рок од три месеци од приемот на известувањето за планираниот пренос од страна на надлежниот орган на супервизија на земјата членка.

5. Дозвола за пренос на надворешни активности
Договор за пренос на надворешни активности
Член 45

(1) Договорот за пренос на надворешни активности претставува договор со кој друштвото за осигурување пренесува значаен дел од своите активности на друго друштво за осигурување или друго правно лице.
(2) За надворешни активности во смисла на овој закон се сметаат:
1) управување со средствата кои ги покриваат техничките резерви или математичката резерва на друштвото за осигурување;
2) реализација на оштетни побарувања и

3) водење на сметководство.
(3) Во договорот за пренос на надворешни активности се наведува дека субјектот што прифаќа да ги врши надворешните активности е должен да му ги обезбеди на друштвото за осигурување податоците согласно со ставот 2 од членот 47 на овој закон, кои друштвото за осигурување може да ги користи само за намените од ставот 2 на членот 47 од овој закон.

Дозвола за пренос на надворешни активности
Член 46
(1) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе го одбие барањето за добивање дозвола за пренос на надворешни активности, доколку поради видот и обемот на надворешните активности ќе бидат загрозени интересите на осигурениците, или доколку преносот на надворешните активности значително ќе го оневозможи или отежни спроведувањето на супервизијата на друштвото за осигурување.
(2) За издавање на дозвола за пренос на надворешни активности, Агенцијата за супервизија на осигурување може да побара исполнување на дополнителни услови од страна на субјектите кои прифаќаат да ги вршат надворешните активности, доколку тоа е потребно за заштита на интересите на осигурениците.

Супервизија на вршењето на надворешни активности
Член 47
(1) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на супервизија на друштвата за осигурување ќе се применуваат и врз субјектите кои прифаќаат да ги вршат надворешните активности.
(2) Друштвото за осигурување е должно до Агенцијата за супервизија на осигурување да достави податоци за правниот статус, финансиската состојба и работењето на субјектот со кој е склучен договорот за пренос на надворешните активности.
(3) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе ја одземе дозволата за пренос на надворешните активности, ако:
1) настанат случаите предвидени со ставот 1 од членот 46 на овој закон и
2) субјектот кој прифаќа да ги врши надворешните активности повеќе не ги исполнува условите наведени во ставот 2 од членот 46 на овој закон.

6. Дозвола за статусни измени
Член 48
(1) Друштвото за осигурување е должно за статусни измени да добие дозвола за статусни измени од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Под статусни измени од ставот 1 на овој член се подразбира спојување на друштва за осигурување, припојување на едно друштво кон друго или поделба на друштво за осигурување на повеќе самостојни друштва за осигурување.
(3) Во однос на дозволата за статусни измени од ставот 1 на овој член, ќе се применуваат одредбите од членовите 32 до 39 на овој закон, освен ако поинаку не е определено со овој закон.
(4) Решението за издавање на дозвола од ставот 1 на овој член, ќе се донесе заедно со решението за издавање на дозвола за вршење на работи на осигурување од членот 31 став 1 на овој закон, освен ако барањето за добивање дозвола од ставот 1 на овој член е поднесено откако друштвото за осигурување добило дозвола за вршење на работи на осигурување.

Глава 2
Услови на полиси и известувања на осигурениците
Договори за осигурување и Општи услови на полиси
Член 49
(1) Ако осигурувањето покрива ризици на територијата на Република Македонија, договорот за осигурување особено ќе ги содржи следниве податоци:
1) настани врз основа на кои настанува обврска на друштвото за осигурување за плаќања кои произлегуваат од договорот за осигурување, како и настани поради кои обврската на друштвото за осигурување за плаќање престанува;
2) начин на извршување, обем и пристигнување на обврските на друштвото за осигурување;

3) износот и условите за плаќање на премија, како и правни последици во случај на неплаќање;
4) период на важење на договорот за осигурување, во кој особено треба да се наведе:
- начин на автоматско обновување на договорот за осигурување;
- начин на кој договорот за осигурување може да се откаже, делумно или целосно да се прекине, како и обврски на друштвото за осигурување во тие случаи;
5) последици од побарувања кои произлегуваат од договори за осигурување во случај на пропуштање на предвидените рокови;
6) името на застапникот во осигурувањето, називот на друштвото за застапување во осигурувањето, односно осигурително брокерското друштво, доколку договорот за осигурување е склучен преку застапник, друштво за застапување односно осигурително брокерско друштво;
7) потребни дејствија кои треба да ги превземе осигуреникот во случај на настанување на осигурениот случај во насока на реализација на оштетно побарување до друштвото за осигурување;
8) во однос на осигурување на живот, рокови и услови, како и обем на авансни плаќања согласно со полисите за осигурување, рокови и услови кои се однесуваат на учество на осигурениците во добивката на друштвото за осигурување, како и критериуми за пресметка на нивното учество, и услови и методи за пресметка и исплата на откупна вредност.
(2) Во случај на осигурување на правна заштита од точката 17 став 2 од членот 5 на овој закон, во договорот за осигурување децидно се наведува дека друштвото за осигурување ги покрива исклучиво трошоците за правно застапување преку адвокат или друго лице назначено од друштвото за осигурување.
(3) договорот за осигурување не смее да биде во спротивност со одредбите на други закони кои ги регулираат договорите за осигурување.

Известување на осигурениците при склучување на договори за осигурување

Член 50

(1) Ако осигуреникот е физичко лице, друштвото за осигурување, осигурителното брокерско друштво, друштвото за застапување во осигурувањето или застапникот во осигурувањето се должни, при склучување на договорот за осигурување од членот 49 на овој закон, во писмена форма да го известат лицето за следното:
1) назив, правен статус, седиште и адреса на друштвото за осигурување, како и филијалата преку која е склучен договорот за осигурување;
2) назив, правен статус, седиште, адреса и контакт телефон на друштвото за застапување во осигурувањето или осигурително брокерското друштво, во случај кога договорот за осигурување е склучен преку друштво за застапување во осигурувањето или осигурително брокерско друштво;
3) општите и посебни услови на полиси кои се применуваат на осигуреникот и осигурителот и законот што го регулира договорот за осигурување;
4) случаи при кои општите и посебни услови на полисата не се применуваат на односот меѓу осигурителот и осигуреникот, извршување, обемот и пристигнување на обврските на друштвото за осигурување;
5) период на важење на договорот за осигурување;
6) износот на премија, како и пресек на премијата по одделни ризици (доколку со договорот за осигурување се покриени ризици кои произлегуваат од неколку класи на осигурување) и износите на даноци, такси и други трошоци по основа на премијата и вкупниот износ што треба да се плати;
7) право на одложување или прекинување на договорот за осигурување;
8) упатување на Агенцијата за супервизија на осигурување, како надлежен орган за супервизија на друштвото за осигурување до кое може да се достави жалба во однос на друштвата за осигурување и осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и застапниците во осигуру вањето;
9) начин на поднесување на оштетно побарување до друштвото за осигурување, а во случај кога договорот за осигурување е склучен преку осигурително брокерско друштво и известување на осигуреникот за неговата можност да побара помош од страна на

осигурително брокерското друштво во случај на настанување на осигурениот случај;
10) начин на поднесување на приговор, односно жалба против работењето на друштвото за осигурување, друштвото за застапување во осигурувањето, односно осигурително брокерското друштво и начин на вонсудско решавање на спорови меѓу договорните страни и
11) органот надлежен за супервизија врз работењето на друштвото за осигурување.
(2) Во случај на осигурување на живот или осигурување од последици на несреќен случај со право на поврат на еден дел од премијата за осигурување, известувањето на осигуреникот покрај наведените податоци од ставот 1 на овој член, треба да содржи и податоци за:
1) основи и критериуми за распределба на добивката;
2) табела на откупната вредност на полисата;
3) минималната премија и минималното времетраење на осигурувањето потребни за капитализација на договорот за осигурување и правата кои ги има осигуреникот во тој случај;
4) во случај кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот, издвоени средства кои ја покриваат математичката резерва за тоа осигурување, како и структурата на вложување на тие средства и
5) даночната регулатива која се однесува на осигурувањето.

Известување на осигурениците во тек на периодот на важење на
договорот за осигурување
Член 51

(1) Во текот на периодот на важење на договорот за осигурување од членот 49 на овој закон, друштвото за осигурување, осигурителното брокерско друштво, друштвото за застапување во осигурувањето или застапникот во осигурувањето се должни да го известат осигуреникот за:
1) промена на назив, правен статус, седиште или адреса на друштвото за осигурување, или филијалата преку која бил склучен договорот за осигурување преку средствата за јавно информирање;
2) промена на податоците од членот 50 на овој закон или податоците од точките од 1 до 4 од ставот 2 од членот 50 на овој закон, доколку тие промени настанале како резултат на измена на некои прописи.
(2) Во текот на периодот на важење на договорот за осигурување од членот 50 став (2) на овој закон, друштвото за осигурување, осигурителното брокерско друштво, друштвото за застапување во осигурувањето или застапникот во осигурувањето се должни еднаш годишно да ги известат осигурениците за нивното учество во добивката.

Содржина на Општите и посебни услови на полиси и известувања
за полисите
Член 52

Текстот на Општите и посебни услови на полиси и известувањето од членовите 50 и 51 на овој закон, треба да бидат составени на јасен и разбирлив начин на македонски јазик.

Глава 3
Вршење на работи на осигурување надвор од територијата на
Република Македонија
Вршење на работи на осигурување во земји членки
Член 53

(1) Друштвото за осигурување преку филијала или директно, може да врши работи на осигурување на територијата на земјата членка, и тоа за оние класи на осигурување за кои има дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување за вршење работи на осигурување на територијата на Република Македонија, доколку ги исполнува условите согласно со прописите на таа земја членка.
(2) Ако друштвото за осигурување склучува договори за осигурување кои покриваат ризици во земјата членка, ќе се смета дека тоа врши работи на осигурување во таа земја членка.
(3) При определување на земјата во која се покриваат ризиците, ќе се применува ставот 2 од членот 10 на овој закон.

Почеток на вршење на работи на осигурување во земја членка

Член 54

(1) Друштво за осигурување кое има намера да започне со вршење на работи на осигурување во земја членка е должно за тоа претходно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување, притоа наведувајќи ја земјата членка. Известувањето содржи опис на работите на осигурување кои ќе ги врши друштвото, видот и обемот на работа по одделни класи на осигурување, дополнет план за работа, како и потврда согласно со ставот 2 од членот 32 на овој закон.

(2) Ако друштвото за осигурување има намера да отвори филијала во земја членка, тогаш известувањето од ставот 1 на овој член содржи и:

1) имиња на лицата кои ќе управуваат со филијалата;

2) адреса на филијалата во земјата членка, од каде може да се добие документација за филијалата.

(3) Агенцијата за супервизија на осигурување е должна најдоцна во рок од еден месец, да го поднесе известувањето од ставовите 1 и 2 на овој член до надлежниот орган за супервизија на земјата членка и за тоа да го извести друштвото за осигурување.

(4) Кон известувањето од ставовите 1 и 2 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна до надлежниот орган за супервизија на земјата членка да приложи:

1) документ од кој може да се утврди дека друштвото за осигурување го обезбедува потребното ниво на маргината на солвентност;

2) податоци за класите на осигурување кои друштвото за осигурување има право да ги врши согласно со дозволата за вршење работи на осигурување.

(5) Друштвото за осигурување може да започне со вршење работи на осигурување на територијата на земја членка, по приемот на известувањето од ставот 3 на овој член.

(6) По исклучок на одредбите од ставот 3 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе одбие да поднесе известување до надлежниот орган за супервизија на земјата членка, ако врз основа на презентираните податоци и документација од ставовите 1 и 2 на овој член, како и во зависност од планираниот обем на работа, се утврди дека друштвото за осигурување не го обезбедува потребното ниво на маргината на солвентност или ако по започнувањето со вршење работи на осигурување во земјата членка, работењето на друштвото за осигурување ќе биде загрозено согласно со правилата за управување со ризик.

(7) При постоење на околностите од ставот 6 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе изрече забрана друштвото за осигурување да врши работи на осигурување во земјата членка.

Промени во однос на податоците наведени во известувањето

Член 55

(1) Одредбите од членот 54 на овој закон ќе се применуваат и во случај кога, друштвото за осигурување кое започнало со вршење на работи на осигурување во земја членка согласно со ставот 5 од членот 54 на овој закон, има намера да го прошири своето работење на други класи на осигурувања кои не се наведени во известувањето од ставовите 1 и 2 од членот 54 на овој закон или ако настанале промени во други околности или услови.

(2) Во случаите од ставот 1 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна да го извести надлежниот орган за супервизија на земјата членка согласно со ставот 3 од членот 54 на овој закон.

(3) Покрај одредбите од ставот 1 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна веднаш да го извести надлежниот орган за супервизија на земјата членка, доколку друштвото за осигурување повеќе не го обезбедува потребното ниво на маргината на солвентност.

Супервизија над вршењето на работи на осигурување во земја членка

Член 56

(1) Агенцијата за супервизија на осигурување спроведува супервизија на работењето на филијалите на друштво за осигурување во земјата членка, како и на директното вршење на работи на осигурување во земјата членка.

(2) Агенцијата за супервизија на осигурување може да побара од надлежниот орган за

супервизија на земјата членка во која друштвото за осигурување врши работи на осигурување, да спроведува супервизија на работењето на филијалата во таа земја членка, ако тоа е во насока на побрзо или поедноставно спроведување на супервизијата или е во согласност со принципите за ефикасност, ефективност и економичност на постапката. Во овој случај, овластените лица на Агенцијата за супервизија на осигурување можат да учествуваат во супервизијата која ја спроведува надлежниот орган за супервизија на земјата членка.
(3) Ако друштвото за осигурување кое врши работи на осигурување во земја членка и покрај опомената од надлежниот орган за супервизија на земјата членка, продолжи да не ги почитува законските прописи на таа земја членка, тогаш Агенцијата за супервизија на осигурување ќе преземе мерки за супервизија согласно со овој закон. Агенцијата за супервизија на осигурување е должна веднаш да го извести надлежниот орган за супервизија на земјата членка за преземените мерки.
(4) Ако Агенцијата за супервизија на осигурување ја одземе дозволата за вршење на работи на осигурување на друштвото за осигурување на територијата на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна веднаш да го извести надлежниот орган за супервизија на земјата членка, во која друштвото за осигурување врши работи на осигурување.

Поднесување извештаи за работењето во земја членка
Член 57
(1) Друштво за осигурување кое врши работи на осигурување во земја членка, е должно до Агенцијата за супервизија на осигурување да поднесува годишен извештај за работењето во секоја земја членка одделно. За работите на осигурување кои се вршат преку филијали и за работите на осигурување кои се извршуваат директно, се изготвува посебен извештај.
(2) Извештајот од ставот 1 на овој член, треба да содржи податоци за премии, штети и провизии, вклучувајќи ги оние за реосигурување.
(3) Агенцијата за супервизија на осигурување поблиску ја пропишува деталната содржина на извештаите и крајниот рок за поднесување на истите.
(4) На барање на надлежниот орган за супервизија на земјата членка, Агенцијата за супервизија на осигурување доставува збирна информација за податоците од извештаите од ставот 1 на овој член.

Вршење на работи на осигурување во странска земја
Член 58
(1) Друштво за осигурување може да врши работи на осигурување во странска земја исклучиво преку филијала.
(2) Друштвото за осигурување за основање и работа на филијала во странска земја е должно да добие дозвола од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.
(3) При донесување на решение за издавање на дозвола за основање и работа на филијала во странство, се применуваат одредбите од ставовите 1, 2, 4, 5 и 6 од членот 54 на овој закон.
(4) Агенцијата за супервизија на осигурување, исто така ќе одбие да издаде дозвола за основање и работа на филијала во странство, ако земајќи ги предвид прописите на земјата во која се основа филијалата и/или земајќи ја предвид практиката стекната со примена на овие прописи во таа земја, постои можност сериозно да биде отежнато спроведувањето на супервизијата согласно со одредбите од овој закон.

Глава 4
Слободно вршење на работи на осигурување од страна на друштво
за осигурување од земја членка

Друштва за осигурување од земја членка
Член 59
(1) Друштво за осигурување кое има дозвола за вршење на работи на осигурување за одделни класи на осигурување во земја членка, за тие класи има право да врши работи на осигурување на територијата на Република Македонија, преку филијала или директно.

(2) Во однос на работењето на друштвото за осигурување од ставот 1 на овој член или филијала на друштвото на територијата на Република Македонија, ќе се применуваат следниве одредби на овој закон:
1) членовите од 49 до 52 на овој закон;
2) членот 145 од овој закон и
3) одредбите од законот кој го уредува задолжителното осигурување.

Започнување со вршење на работи на осигурување
Член 60

(1) Филијалата на друштво за осигурување од земја членка може да започне со вршење на работи на осигурување во Република Македонија, ако надлежниот орган за супервизија на земјата членка:
1) ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување за податоците од ставовите 1 и 2 од членот 54 на овој закон, за кои бил претходно известен од страна на друштвото за осигурување и
2) ја достави документацијата согласно со став 4 од членот 54 на овој закон.
(2) Филијалата на друштво за осигурување на земја членка може да започне со вршење на работи на осигурување во Република Македонија по истекот на двомесечен период, сметано од денот кога Агенцијата за супервизија на осигурување го примила известувањето од надлежниот орган за супервизија на земјата членка, согласно со ставот 1 на овој член.
(3) Одредбите од точката 2 од ставовите 1 и 2 на овој член, ќе се применуваат за секоја промена во класите на осигурување во рамките на кои друштвото за осигурување врши работи на осигурување во земјата членка.
(4) Филијалата на друштво за осигурување на земја членка е должна да престане да врши работи на осигурување во Република Македонија, доколку:
1) надлежниот орган за супервизија на земјата членка одлучи дека друштвото за осигурување не располага со доволно капитал за понатамошно вршење на работи на осигурување преку филијала, или
2) истече дозволата за вршење на работи на осигурување на друштвото за осигурување во земјата членка.
(5) Покрај одредбите од ставот (1) на овој член, друштвото за осигурување од земја членка може да започне да врши работи на задолжително осигурување на територијата на Република Македонија, доколку до Агенцијата за супервизија на осигурување поднесе документ издаден од страна на Националното биро за осигурување со кој ќе се докаже дека друштвото за осигурување е негов член и дека ги исполнува условите од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.
(6) Покрај одредбите од ставот 1 на овој член, друштвото за осигурување од земја членка може да започне да врши работи на задолжително осигурување при транспорт или дополнително здравствено осигурување, доколку од Агенцијата за супервизија на осигурување добие одобрување на Општите и посебни услови на полиси, во однос на овие класи на осигурување.

Супервизија на друштво за осигурување на земја членка
Член 61

(1) Супервизија на друштво за осигурување на земја членка кое врши работи на осигурување на територијата на Република Македонија, спроведува надлежниот орган за супервизија на земјата членка.
(2) Надлежниот орган за супервизија на земјата членка или негови овластени лица имаат право непосредно да спроведат супервизија на работењето на друштвото за осигурување на територијата на Република Македонија.
(3) Во случај на ставот 1 од овој член, надлежниот орган за супервизија на земја членка или негови овластени лица, имаат исти овластувања како и Агенцијата за супервизија на осигурување согласно со одредбите од членот 204 до 210 на овој закон.
(4) Агенцијата за супервизија на осигурување е должна, на барање на надлежниот орган за супервизија на земјата членка, да спроведе супервизија на работењето на друштвото за осигурување од таа земја членка на територијата на Република Македонија.
(5) По исклучок на одредбите од ставовите од 1 до 4 на овој член, Агенцијата за супервизија

на осигурување е должно да спроведе супервизија на работењето на друштвото за осигурување од земја членка на територијата на Република Македонија, во врска со ставот 2 од членот 59 на овој закон, а согласно со одредбите на членовите од 204 до 210 на овој закон,

Мерки на супервизија на друштва за осигурување од земја членка

Член 62

(1) Доколку друштвото за осигурување од земја членка на територијата на Република Македонија не ги почитува одредбите од ставот 2 од членот 59 на овој закон, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе издаде наредба за отстранување на незаконитостите.

(2) Ако друштвото за осигурување од земјата членка не го усогласи работењето во рок предвиден со наредбата од ставот 1 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна за тоа да го информира надлежниот орган за супервизија на земјата членка.

(3) За незаконитостите извршени на територијата на Република Македонија од страна на друштво за осигурување на земја членка, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе одреди дополнителна мерка - забрана за склучување на нови договори за осигурување, доколку настанат околностите наведени во точката 10 од ставот 2 на членот 167 од овој закон.

(4) Пред да се одреди мерката од ставот 3 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна за тоа да го информира надлежниот орган за супервизија на земјата членка.

(5) По исклучок на одредбите од ставот 4 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување може привремено да изрече забрана за склучување нови договори за осигурување на друштвото за осигурување од земја членка, без претходно да го извести надлежниот орган за супервизија на земјата членка, ако тоа е за заштита на интересите на осигурениците.

(6) Агенцијата за супервизија на осигурување е должна да го информира надлежниот орган за супервизија на земјата членка и Европската комисија во најкраток можен рок за привременото изрекување на забрана за склучување нови договори за осигурување,

Глава 5

Вршење на работи на осигурување од страна на странско друштво за осигурување

Вршење на работи на осигурување од страна на странско друштво за осигурување

Член 63

(1) Странско друштво за осигурување може да врши работи на осигурување на територијата на Република Македонија исклучиво преку филијала.

(2) За основање и работа на филијала на странско друштво за осигурување треба да бидат исполнети следниве услови:

1) со работењето на филијалата да управуваат двајца менаџери, на кои ќе се применуваат одредбите на членовите од 22 до 25 и 27 од овој закон;

2) филијалата треба да биде соодветно кадровски, технички и организационо оспособена за вршење на работите предвидени со планот за работа на филијалата;

3) филијалата треба да има доволно капитал на располагање, одредбите од членовите 75 или 76 на овој закон ќе се применуваат во однос на капиталот на филијалата и

4) филијалата е должна, на територијата на Република Македонија да располага со средства во износ од најмалку една половина од гарантниот фонд од членот 77 став (2) на овој закон, како и на посебна сметка во Народната банка на Република Македонија да депонира парични средства како обезбедување за покривање на обврските што произлегуваат од договорите за осигурување склучени на територијата на Република Македонија и/или за покривање на ризици во Република Македонија и тоа во износ од една четвртина од гарантниот фонд од членот 77 став (2) на овој закон (во натамошниот текст: гарантен депозит).

(3) Во врска со работењето на филијалата на странско друштво за осигурување ќе се применуваат следниве одредби од овој закон:

1) членот од 49 до 52 на овој закон;

2) членот 145 од овој закон;
3) одредбите од законот кој го уредува задолжителното осигурување, и
4) одредбите од Деловите 4, 5 и 7 на овој закон.
(4) Во врска со супервизијата на странско друштво за осигурување и негова филијала основана на територијата на Република Македонија, ќе се применуваат одредбите од Делот 11 на овој закон.

Дозвола за основање на филијала
Член 64

(1) Странско друштво за осигурување е должно за основање и работа на филијала на територијата на Република Македонија, да добие дозвола за основање и работа од Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Кон барањето за добивање дозвола за основање и работа на филијала на странско друштво за осигурување се приложува:
1) статут на филијалата;
2) примерок од решението за упис во трговскиот регистар или друг релевантен регистар што се води во државата во која се наоѓа седиштето на друштвото за осигурување кое ја основа филијалата;
3) статут и други акти кои го регулираат работењето на друштвото за осигурување кое ја основа филијалата;
4) ревидирани финансиски извештаи за последните три деловни години на друштвото за осигурување кое ја основа филијалата;
5) документ со податоци за сопствениците и износот на акции со право на управување во друштвото за осигурување кое ја основа филијалата, доколку во документот од точката 2 на овој став не се наведени сопствениците на друштвото за осигурување кое ја основа филијалата;
6) примерок од решението за упис во трговскиот регистар или релевантен регистар од земјата во која се наоѓа седиштето на правните лица кои имаат квалификувано учество во друштвото за осигурување кое ја основа филијалата;
7) план на работа за период од две години, согласно со членот 38 од овој закон;
8) изјава дека филијалата ќе води евиденција и ќе ја чува целокупната документација во однос на своето работење во седиштето на филијалата во Република Македонија;
9) дополнителна документација со која се потврдува дека е обезбеден минимален капитал, како и дека е депониран гарантниот депозит и
10) документација од која се утврдува дека филијалата е кадровски, технички и организационо оспособена за вршење на работите наведени во барањето за добивање дозвола за основање и работа на филијала.
(3) Во однос на издавање на дозвола за основање и работа на филијала на странското друштво за осигурување, соодветно се применуваат одредбите на членовите од 32 до 34 на овој закон.
(4) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе одбие да издаде дозвола за основање на филијала на странско друштво за осигурување, доколку:
1) земајќи ги предвид прописите на земјата во која се наоѓа седиштето на друштвото за осигурување кое ја основа филијалата, и/или земајќи ја предвид практиката стекната со примена на овие прописи, постои можност сериозно да биде отежнато спроведувањето на супервизијата согласно со одредбите од овој закон, или
2) друштвата за осигурување со седиште во Република Македонија не можат да вршат работи на осигурување во земјата во која се наоѓа седиштето на друштвото за осигурување кое ја основа филијалата, или ако поради прописите на таа земја или практика стекната со примена на овие прописи, друштвата за осигурување со седиште во Република Македонија немаат конкурентска можност за вршење на работи на осигурување, како и националните друштва за осигурување.

Посебни одредби за основање и работа на филијала на швајцарско друштво за осигурување
Член 65

(1) Пред да се донесе решение за давање дозвола за основање и работа на филијала на

швајцарско друштво за осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна да го извести и воедно да побара мислење од надлежниот орган за супервизија на Швајцарската конфедерација. Ако за период од три месеци од приемот на известувањето, надлежниот орган за супервизија на Швајцарската конфедерација не даде одговор, ќе се смета дека не постои пречка за отворање и работа на филијалата.
(2) Пред да се донесе решение за одземање на дозволата за основање и работа на филијала на швајцарско друштво за осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна да го извести и воедно да побара мислење од надлежниот орган за супервизија на Швајцарската конфедерација. Ако во периодот пред да се добие мислењето, Агенцијата за супервизија на осигурување изрече забрана за склучување договори за осигурување на филијалата на швајцарското друштво за осигурување, за тоа веднаш треба го извести надлежниот орган за супервизија на Швајцарската конфедерација.

VI. Согласност
Согласност
Член 66
(1) Друштвото за осигурување е должно да бара претходна согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување за:
1) измена на статутот;
2) измена на актот за основање;
3) вложувања на друштвото за осигурување во акции и удели во друго правно лице кои изнесуваат повеќе од 10% од капиталот на друштвото за осигурување;
4) именување на членови на органот на управување и
5) измена на назив и седиште на друштво за осигурување.
(2) Агенцијата за супервизија на осигурување поблиску го пропишува начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласност од ставот 1 на овој член.

IV. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
Глава 1
Општи одредби Управување со ризик
Член 67
(1) Друштвото за осигурување е должно во секое време да располага со соодветен капитал во однос на обемот на работа и класите во рамките на кои врши работи на осигурување, како и ризиците на кои е изложено при вршење на тие работи (во натамошниот текст: капитал).
(2) Друштвото за осигурување е должно да работи на начин кој ќе обезбеди, ризиците на кој е изложено друштвото за осигурување при вршење на работи на осигурување, да не ги надминува ограничувањата предвидени со овој закон.
(3) Друштвото за осигурување е должно да работи на начин кој ќе овозможи, во секое време да ги намири пристигнатите долгови (ликвидност), како и редовно да ги покрива сите свои обврски (солвентност).

Глава 2
Капитал на друштвото за осигурување
Капитал на друштвото за осигурување
Член 68
Капиталот на друштвото за осигурување се состои од основен и дополнителен капитал и се пресметува на начин утврден согласно со одредбите од оваа глава.

Основен капитал
Член 69
(1) При пресметка на основниот капиталот на друштвото за осигурување ќе се земат предвид следниве ставки:
1) уплатен акционерски капитал со исклучок на уплатениот акционерски капитал од кумулативните приоритетни акции;
2) резерви на друштвото (законски и статутарни), кои не произлегуваат од договорите за осигурување;

3) пренесена нераспределена добивка и
4) нераспределена добивка од тековната година (по одбивање на даноците и другите придонеси, како и дивидендата предвидена за исплата), доколку износот на добивка е потврден од овластен ревизор.
(2) При пресметка на основниот капиталот на друштвото за осигурување следниве ставки ќе се сметаат за одбивни:
1) сопствени акции кои ги поседува друштвото за осигурување;
2) долгорочни нематеријални средства;
3) пренесена непокриена загуба и загуба од тековната година и
4) други потенцијални обврски кои друштвото за осигурување има обврска да ги прикаже во вонбилансна евиденција.

Резерви на сигурност
Член 70

(1) Резерви на сигурност се средства наменети за покривање на обврските од договорите за осигурување во подолг временски период.
(2) Друштвото за осигурување е должно во резервите на сигурност да издвои најмалку една третина од остварената добивка искажана по финансиските извештаи, ако добивката не се користи за покривање на загубите од претходните години.
(3) Друштвото за осигурување што формирало резерви на сигурност најмалку во висина на 50% од остварената просечна премија на осигурување во последните две години, при што премиите од претходните години се зголемуваат за индексот на порастот на цените на мало, сметајќи ја и годината за која се распоредува остварената добивка, не е должно да издвојува од добивката во резервите на сигурност.
(4) На друштвата за осигурување не се применува членот 485 од Законот за трговски друштва што се однесува на општата задолжителна резерва.

Дополнителен капитал
Член 71

(1) При пресметка на дополнителниот капитал на друштвото за осигурување ќе се земат предвид следниве ставки:
1) уплатен акционерски капитал од кумулативни приоритетни акции;
2) субординирани должнички инструменти;
3) хартии од вредност со неопределен рок на пристигнување.
(2) При пресметка на капиталот на друштвото за осигурување, дополнителниот капитал од ставот 1 на овој член, ќе се земе предвид само во износ не повеќе од 50% од основниот капитал од членот 69 на овој закон.
(3) Субординирани должнички инструменти, се хартии од вредност и други финансиски инструменти, кои во случај на стечај или ликвидација на издавачот, можат да се наплатат само после намирување на другите долгови на издавачот, и кои според нивното достасување и други карактеристики се соодветни за покривање на можните загуби кои настанале како резултат на ризиците на кои е изложено друштвото за осигурување.

Пресметка на капиталот на друштвото за осигурување
Член 72

При пресметка на капиталот на друштвото за осигурување, износот на основниот и дополнителниот капитал ќе се намали за следниве ставки:
1) вложувања на друштвото за осигурување во акции или субординирани должнички инструменти издадени од друго друштво за осигурување или друга финансиска институција кај кои друштвото за осигурување има удел од повеќе од 10%, како и други вложувања во тие субјекти, кои се вклучени во пресметката на капиталот на тие субјекти и
2) вложувања на друштво за осигурување во акции или субординирани должнички инструменти, издадени од друштва за осигурување или финансиски институции освен оние наведени во точката 1 на овој став, кои се во износ поголем од 10% од капиталот на друштвото за осигурување пресметан пред одбивање на ставките наведени во точката 1 и оваа ставка.

Вложување на капиталот на друштвото за осигурување
Член 73
(1) Друштвото за осигурување е должно да ги држи средствата од капиталот на друштвото на сметки и во пласмани во Република Македонија.
(2) Одделните ограничувања за вложувања на капиталот на друштвото за осигурување можат да изнесуваат најмногу до:
1) 60% од капиталот за вложувања во недвижности, како и капитални вложувања во други друштва за осигурување, финансиски институции и други правни лица и
2) 15% од капиталот за вложувања во аконтации и заеми што друштвото според Општите услови на осигурувањето ги одобрува со презентација на сопствените полиси за кои премијата е навремено уплатена, при што одделното вложување на друштвото за осигурување во вакви заеми не може да надмине 1% од капиталот.
(3) Друштвото за осигурување може да ги вложува средствата на капиталот во банки (освен за капитални вложувања) и да одобрува заеми на правни лица со обезбедување на банкарска гаранција неограничено, притоа почитувајќи ги принципите на ликвидност, сигурност и рентабилност.
(4) Заемите од ставот 3 на овој член се одобруваат со рок на враќање најмногу до една година.
(5) Вкупните финансиски вложувања на друштвото за осигурување во една банка можат да изнесуваат најмногу до 25% од капиталот на друштвото за осигурување.
(6) Вкупните финансиски вложувања на друштвото за осигурување кај поединечен субјект кој не е банка, можат да изнесуваат најмногу до 10% од капиталот на друштвото за осигурување.
(7) Под вкупни финансиски вложувања во смисла на овој член се сметаат капитални вложувања на друштвото за осигурување (вложувања во акции), купени должнички хартии од вредност, дадени заеми, дадени депозити во банки, како и пресметана камата по основа на овие вложувања.
(8) Под вкупни вложувања во смисла на овој член се сметаат вкупни финансиски вложувања и вложувања во недвижности (земјиште и градежни објекти).

Прописи за управување со ризик
Член 74
Агенцијата за супервизија на осигурување поблиску ќе ги пропише:
1) начинот и степенот до кој одредени ставки ќе се користат при пресметка на капиталот и потребното ниво на маргината на солвентност на друштвото за осигурување;
2) видови и опис на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштвото за осигурување;
3) карактеристики на субординираните должнички инструменти од ставот 3 на членот 71 од овој закон;
4) правила за пресметка на потребното ниво на маргината на солвентност на друштвото за осигурување согласно со членот 75 или членот 76 од овој закон;
5) правила и минимални стандарди за пресметка на техничките резерви;
6) видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детални пласирања и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување;
7) метод за пресметка на износот на максимално покритие на друштвото за осигурување во табелата за максимално покритие и методот за пресметување на максимална можна штета;
8) метод за пресметка на коефициентите на ликвидност и минимална ликвидност и
9) детална содржина на извештаите од членот 104 на овој закон, како и крајни рокови и начини на известување.

Потребно ниво на маргината на солвентност на друштвата за осигурување кои вршат работи на неживотно осигурување
Член 75
(1) Капиталот на друштвото за осигурување кое врши работи на неживотно осигурување и/или реосигурување во секое време треба да биде барем еднаков на потребното ниво на маргината на солвентност на друштвото за осигурување, кое се пресметува со примена на

методот стапка на премија или методот - стапка на штета, во зависност од тоа кој ќе даде повисок резултат.
(2) Со примена на методот стапка на премија, потребното ниво на маргината на солвентност се пресметува на следниов начин:
1. Вкупниот износ на бруто полисирани премии за осигурување и реосигурување во последната деловна година, се намалува за износот на сторнираните, односно отпишаните износи на премија во таа деловна година.
2. Вака добиениот износ:
- во висина до 10.000.000 ЕВРА се множи со 0.18 и
- остатокот над 10.000.000 ЕВРА се множи со 0.16.
1) Резултатот од примена на овој метод се добива кога збирот од двата производа од точката 2 на овој став се множи со коефициентот (но не помал од 50%) добиен како резултат на:
- вкупниот износ на бруто исплатените штети во последната деловна година, исклучувајќи ги штетите покриени со реосигурување и
- вкупниот износ на бруто исплатените штети во последната деловна година, вклучувајќи ги штетите покриени со реосигурување.
(3) Со примена на методот стапка на штети, потребното ниво на маргината на солвентност се пресметува на следниов начин:
1. Вкупниот износ на бруто исплатени штети за осигурување и реосигурување во последните три деловни години, зголемен за бруто резервите за штети по основа на осигурување и реосигурување на крајот на последната деловна година од периодот, и намален за бруто резервите за штети по основа на осигурување и реосигурување на почетокот на тој период, се дели со 3.
2. Вака добиениот износ:
- во висина до 7.000.000 ЕВРА се множи со 0.26 и
- остатокот над 7.000.000 ЕВРА се множи со 0.23.
3) Резултатот од примена на овој метод се добива кога збирот од двата производа од точката 2 на овој став ќе се помножи со коефициентот (но не помал од 50%) добиен како резултат на:
- вкупниот износ на бруто исплатените штети во последната деловна година, исклучувајќи ги штетите покриени со реосигурување и
- вкупниот износ на бруто исплатените штети во последната деловна година, вклучувајќи ги штетите покриени со реосигурување.
(4) Друштвата за осигурување кои вршат осигурување на еден или повеќе ризици: кредити и гаранции, луња, град или мраз, при пресметка на износот од ставот 3 точка 1 на овој член, го земаат предвид периодот од последните седум деловни години, при што истиот се дели со 7.
(5) Потребното ниво на маргината на солвентност за почетната деловна година од работењето на друштвото за осигурување се пресметува само со примена на методот стапка на премија:
(6) Покрај одредбите од ставот 1 на овој член, потребното ниво на маргината на солвентност во однос на здравственото осигурување на кое се применуваат табелите на веројатност и пресметките слични на животно осигурување, ќе биде еднакво на една третина од потребното ниво на маргината на солвентност од ставот 1 на овој член, или еднакво на потребното ниво на маргината на солвентност од ставот 2 на членот 76 од овој, закон, под услов истото да биде повисоко, како и да се исполнети следниве услови:
1) премиите на осигурување да се пресметани врз основа на пресметките на веројатност, користејќи актуарска основа;
2) во однос на ова осигурување, издвоени се посебни резерви за старост од страна на друштвото за осигурување;
3) премиите на осигурување вклучуваат дополнителна премија за сигурност;
4) по истекот на најмногу три годишен период, друштвото за осигурување го изгубило правото да ги прекине договорите за осигурување и
5) друштвото за осигурување предвидува можност за зголемување на премиите или намалување на обврските на друштвото за осигурување.

Пресметка на потребното ниво на маргината на солвентност на друштвата за осигурување кои вршат работи на осигурување на

живот

Член 76

(1) Капиталот на друштвото за осигурување кое врши работи на осигурување на живот во секое време, треба да биде барем еднаков на потребното ниво на маргината на солвентност која се пресметува како збир од резултатите добиени од ставовите 2 и 3 на овој член.

(2) Првиот резултат се пресметува на следниов начин:

1. Вкупниот износ на математичката резерва на последниот ден од претходната деловна година, вклучувајќи ја математичката резерва по основа на осигурување покриено со реосигурување се множи со 0.04;

2. Производот од точката 1 на овој став се множи со коефициентот од последната деловна година (но не помал од 85%) добиен како резултат на:

- вкупниот износ на математичката резерва на последниот ден од претходната деловна година, исклучувајќи ја математичката резерва по основа на осигурување покриено со реосигурување и вкупниот износ на математичката резерва на последниот ден од претходната деловна година, вклучувајќи ја математичката резерва по основа на осигурување покриено со реосигурување.

(3) Вториот резултат се пресметува за оние класи на осигурување кај кои ризичниот капитал не е негативен број, и тоа на следниов начин:

1. Вкупниот износ на ризичен капитал на последниот ден од претходната деловна година, вклучувајќи го износот на ризичен капитал по основа на осигурување покриено со реосигурување се множи со 0.003;

2. Производот од точка 1 од овој став се множи со коефициентот за последната деловна година (но не помал од 50%) добиен како резултат на:

- вкупниот износ на ризичен капитал на последниот ден од претходната деловна година, исклучувајќи го износот на ризичен капитал по основа на осигурување покриено со реосигурување; и

- вкупниот износ на ризичен капитал на последниот ден од претходната деловна година, вклучувајќи го износот на ризичен капитал по основа на осигурување покриено со реосигурување.

(4) Ризичниот капитал од ставот 3 на овој член, претставува разлика меѓу сумата на осигурување во случај на смрт и издвоената математичка резерва.

(5) При пресметување на потребното ниво на маргината на солвентност на друштвата за осигурување кои вршат работи на осигурување на живот во случај на смрт, износот од ставот 3 точка 1 на овој член се множи со 0.001 ако договорот за осигурување е склучен за период до три години, односно 0.0015 ако договорот за осигурување е склучен за период поголем од три, а помал од пет години.

(6) Кога друштвото за осигурување кое врши работи на осигурување на живот врши дополнително осигурување, кое се однесува на осигурување од лични повреди вклучувајќи и неспособност за работа, осигурување од смрт како резултат на незгода, како и осигурување од инвалидитет како резултат на незгода или болест, потребното ниво на маргината на солвентност за овие класи на осигурување се пресметува на следниов начин:

1. Вкупниот износ на бруто премиите за осигурување и реосигурување во последната деловна година, се намалува за износот на сторнираните, односно отпишаните износи на премија во таа деловна година;

2. Вака добиениот износ:

- во висина до 10.000.000 ЕВРА се множи со 0.18 и

- остатокот над 10.000,000 ЕВРА се множи со 0.16;

3. Збирот на двата производа од точката 2 на овој став ќе се помножи со коефициентот од последната деловна година (но не помал од 50%) добиен како резултат на:

- износот на бруто исплатените штети во последната деловна година, исклучувајќи ги штетите покриени со реосигурување и

- износот на бруто исплатените штети во последната деловна година, вклучувајќи ги штетите покриени со реосигурување.

(7) Освен одредбите во ставот 1 од овој член, потребното ниво на маргината на солвентност во однос на осигурување на средства за исплата согласно со членот 5 став 1 точка 23 од овој закон, се пресметува според првиот резултат од ставот 2 на овој член.

(8) Покрај одредбите од ставот 1 на овој член потребното ниво на маргината на солвентност

во однос на осигурување на живот во врска со удели во инвестициони фондови согласно со членот 5 став 1 точка 21 од овој закон, се пресметува на следниов начин:
1) ако осигуреникот има право на гарантирано минимално плаќање, потребното ниво на маргината на солвентност се пресметува според првиот резултат од ставот 2 на овој член;
2) ако инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот, потребното ниво на маргината на солвентност се пресметува според првиот резултат од ставот 2 на овој член, при што износот од ставот 2 точка 1 се множи со 0.01 и
3) ако ризикот во случај на смрт е на товар на друштвото за осигурување, резултатот од ставот 3 треба да се додаде на резултатот од точката 1 или 2 на овој став.
(9) Покрај одредбите од ставот 1 на овој член, потребното ниво на маргината на солвентност во однос на тонтина (здружение на рентиери), согласно со членот 5 став 1 точка 22 од овој закон, е еднакво на 0.01 од вредноста на капитализираните средства.

Гарантен фонд
Член 77

(1) Гарантниот фонд го сочинуваат ставките кои влегуваат во пресметка на капиталот од членот 68 на овој закон.
(2) Гарантниот фонд не смее да биде понизок од една третина од потребното ниво на маргината на солвентност од членот 75 или 76 на овој закон.
(3) Гарантниот фонд на друштвото за осигурување, покрај одредбите од ставот (2) на член, не смее да биде понизок од:
1) 2.000.000 евра ако друштвото врши работи на осигурување во одделни класи на осигурување во групата на неживотно осигурување;
2) 3.000.000 евра, ако друштвото врши работи на осигурување во сите класи на осигурување во групата на неживотно осигурување, односно во одделни класи на осигурување од членот 5 точки 10, 11, 12, 13, 14 и 15 на овој закон;
3) 3.000.000 евра ако друштвото врши работи на осигурување во една или сите класи на осигурување во групата на осигурување на живот и
4) 4.500.000 евра ако друштвото врши работи на реосигурување.
(4) Во случај кога друштвото за осигурување покрива ризици од две или повеќе класи на неживотно осигурување, при определување на износот на акционерски капитал, ќе се земе предвид пропишаниот износ на гарантниот фонд од ставот 3 на овој член, за онаа класа на осигурување за која износот на гарантен фонд е највисок.

Премија
Член 78

(1) Премијата за осигурување се состои од техничка премија и дел на премијата за вршење на дејноста на осигурувањето.
(2) Техничката премија е дел од премијата наменет за исполнување на обврските од договорите за осигурување.

Премија за осигурување на живот
Член 79

Премијата за осигурување на живот се состои од:
1) дел од премија на име математичка резерва -штеден дел;
2) дел од премија на име ризико премија и
3) дел од премија на име трошоци за работење на друштвото за осигурување.

Глава 3
Технички резерви Технички резерви
Член 80

(1) Заради трајно обезбедување на извршувањето на обврските по договорите за осигурување, друштвото за осигурување е должно да формира технички резерви, кои се состојат од:
1) резерви за преносни премии;
2) резерви за бонуси и попусти;
3) резерви за штети и

4) други технички резерви.
(2) Друштвата за осигурување по претходна согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување, покрај одредбите од ставот (1) на овој член, можат да издвојуваат и еквилизациона резерва во однос на оние класи на осигурување кај кои врз основа на статистички податоци може да се очекува значително отстапување во годишниот износ на настанати штети.
(3) По исклучок на ставот (2) од овој член друштвата за осигурување се должни да издвојуваат еквилизациона резерва од ставот (1) на овој член во однос на класата на осигурување од членот 5 точка 14 на овој закон.
(4) Друштвото за осигурување кое врши осигурување на живот и/или други осигурувања за кои се однесуваат табелите на веројатност и пресметките кои се слични со осигурувањето на живот се должни, исто така да издвојат и математичка резерва во утврден процент од уплатените премии по овие осигурувања, согласно со техничките основи.
(5) Друштвото за осигурување кое склучува осигурителни полиси кај кои инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот, исто така е должно, во однос на тие осигурителни полиси да издвои посебни средства кои ги покриваат техничките резерви.

Резерви за преносни премии
Член 81
Резерви за преносни премии се издвојуваат во висина на оној дел од премијата што се пренесува во идниот пресметковен период во сразмер меѓу истечениот осигурителен период и преостанатиот период до истекот на договорот за осигурување.

Резерви за бонуси и попусти
Член 82
Резервите за бонуси и попусти се издвојуваат во висина еднаква на сумите кои осигурениците имаат право да ги примат врз основа на:
1) право на учество во добивката како и други права кои произлегуваат од договорите за осигурување (бонуси);
2) право на делумно намалување на премиите (попусти) и
3) право на враќање на еден дел од премијата која се однесува на неискористениот период на осигурување кој се должи на прерано прекинување на осигурувањето (откажување).

Резерви за штети
Член 83
(1) Резерви за штети се издвојуваат во висина на проценетите обврски кои друштвото за осигурување е должно да ги намири, врз основа на договорите за осигурување каде што осигурениот настан се појавил до крајот на пресметковниот период, без оглед дали настанот е пријавен, вклучувајќи ги сите трошоци кои произлегуваат од ненавременото извршување на обврските на друштвата за осигурување по комплетирани отштетни барања.
(2) Резервите за штети покрај проценетите обврски за пријавени, а се уште неликвидирани штети, ги вклучуваат и проценетите обврски за настанати, а непријавени штети.

Математичка резерва
Член 84
(1) Математичката резерва се издвојува во висина на сегашната вредност на проценетите идни обврски на друштвото за осигурување кои произлегуваат од договорите за осигурување, намалени за сегашната вредност на идните премии кои треба да се платат врз основа на тие договори.
(2) Математичката резерва се пресметува со користење на соодветни актуарски проценки, притоа земајќи ги предвид сите идни обврски на друштвото за осигурување кои произлегуваат од поединечните договори за осигурување, вклучувајќи го и следново:
1) гарантирани плаќања на кои осигурениците имаат право;
2) бонуси на кои осигуреникот има право, поединечно или заедно со други осигуреници без оглед на видот на тие бонуси;
3) сите права кои осигуреникот може да ги избере врз основа на договорите за осигурување и

4) трошоци, вклучувајќи провизии.
(3) При одбирање на методите за актуарска проценка, треба да се имаат предвид методите за проценка на средствата кои ги покриваат техничките резерви што ги применува друштвото за осигурување.
(4) Математичката резерва мора да се пресметува за секој договор за осигурување поединечно. Соодветни генерализации можат единствено да се применат кога е очигледно дека резултатот кој произлегува од нив ќе биде приближно ист како и оној од поединечната пресметка.
(5) Кога врз основа на договорот за осигурување, осигуреникот има право на исплата на откупната вредност на полисата, математичката резерва издвоена врз основа на договорот за осигурување, не смее да биде под откупната вредност на полисата.
(6) Друштвото за осигурување, во прилог на годишниот извештај, е должно да обезбеди објаснување на основите и методите кои се применуваат за пресметување на математичката резерва.

Еквилизациона резерва
Член 84-а
Еквилизациона резерва се издвојува заради израмнување на нерамномерното настанување на штети, односно израмнување на каков било технички дефицит или натпросечен коефициент на штети.

Други технички резерви
Член 85
Други технички резерви ќе се издвојат за планираните идни обврски и ризици од поголеми штети кои произлегуваат од осигурителното покритие за одговорност на фармацевтските производители, земјотрес, поплава како и други обврски и ризици од договорите за осигурување на кои не се однесува ниту една одредба на точките од 1 до 3 од ставот 1 и ставовите 2 и 3 на членот 80 од овој закон.

Глава 4
Средства кои ги покриваат техничките резерви Средства кои ги покриваат техничките резерви
Член 86
(1) Средствата кои ги покриваат техничките резерви, се оние средства на друштвото за осигурување кои служат за покривање на идните обврски на друштвото за осигурување кои произлегуваат од договорите за осигурување, како и можните загуби во однос на оние ризици поврзани со вршење на работи на осигурување за кои друштвото за осигурување е должно да издвои средства за технички резерви.
(2) Друштвото за осигурување е должно да вложува средства во висина барем еднаква на вредноста на техничките резерви (во натамошниот текст: средства кои ги покриваат техничките резерви), согласно со одредбите од оваа глава и прописите донесени врз основа на точката 6 од членот 74 на овој закон.

Вложување на средства кои ги покриваат техничките резерви
Член 87
(1) При изборот на видот на вложувањето на средства кои ги покриваат техничките резерви, друштвото за осигурување е должно да ги земе предвид класите во рамките на кои врши работи на осигурување, на начин кој ќе обезбеди сигурност, профитабилност и ликвидност на вложувањата.
(2) Средствата кои ги покриваат техничките резерви мора да бидат диверсифицирани на начин кој ќе обезбеди дека не постои значително потпирање на било каква категорија на средства, пазар или инвестиција.
(3) Друштвото за осигурување е должно да изврши приспособување на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви, а кои се изложени на ризик од потенцијални загуби поради промена на каматните стапки, флуктуации на девизниот курс, кредитен ризик и други пазарни ризици, со обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување на кои влијаат овие промени.

(4) При вложување на средствата кои ги покриваат техничките резерви, друштвото за осигурување е должно да ја земе предвид пристигнатоста на своите обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување.
(5) Покрај одредбите од ставот (4) на овој член, друштвото за осигурување треба да ги прилагоди своите вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва со своите обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување, чии износи зависат од промените на девизниот курс на странските валути најмалку до 80%.

Видови на дозволени вложувања
Член 88

(1) Средствата кои ги покриваат техничките резерви можат да бидат во форма на следниве вложувања:
1) парични средства во благајна и средства на деловните сметки на друштвата за осигурување (банкарски сметки);
2) депозити во банки кои имаат дозвола издадена од Народна Банка на Република Македонија;
3) хартии од вредност што ги издава Народната Банка на Република Македонија;
4) обврзници и други должнички хартии од вредност издадени или за кои гарантира Република Македонија на домашниот пазар;
5) обврзници и други должнички хартии од вредност што ги издаваат или за кои гарантираат единиците на локалната самоуправа на Република Македонија;
6) обврзници и други должнички хартии од вредност со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија;
7) обврзници и други должнички хартии од вредност со кои не се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност, ако нивен издавач е правно лице со седиште во Република Македонија;
8) акции со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија;
9) акции со кои не се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност, ако нивен издавач е правно лице со седиште во Република Македонија;
10) удели во трговски друштва во Република Македонија;
11) удели и акции на инвестициски фондови кои се регистрирани во Република Македонија;
12) долгорочни обврзници и други долгорочни должнички хартии од вредност чиј издавач е земја членка на Европската унија или земја членка на ОЕЦД;
13) долгорочни обврзници и други долгорочни хартии од вредност чиј издавач е странски правен субјект од земја членка на Европската унија или земја членка на ОЕЦД;
14) акции чиј издавач е странско акционерско друштво со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во земјите членки на Европската унија или во земјите членки на ОЕЦД;
15) удели на инвестициски фондови со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во земја членка на Европската унија или земја членка на ОЕЦД и
16) друг вид на вложување согласно со правилата на Агенцијата за супервизија на осигурување, под услов тоа да не е во спротивност со членот 89 став (2) на овој закон.
(2) Агенцијата за супервизија на осигурување врз основа на членот 74 точка 6 од овој закон, може да пропише и други видови на вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и ограничувања кај одделни вложувања, притоа водејќи сметка истите да ги задоволуваат принципите на сигурност, профитабилност и можност за тргување.
(3) Тргувањето со хартиите од вредност на друштвата за осигурување се врши исклучиво на регулирани секундарни пазари на капитал, освен во случај на државни хартии од вредност и банкарски сертификати за депозит кои можат да се стекнат непосредно од издавачот, како и документи за удел и акции на инвестициони фондови кои, исто така можат да се стекнат непосредно од отворен или затворен инвестиционен фонд.
(4) Друштвото за осигурување може да користи фјучерс договори, опции и други деривативни финанскиски инструменти, доколку тие овозможуваат обезбедување од ризици настанати како резултат на флуктуации на девизниот курс, каматните стапки и други видови на пазарни ризици. Друштвото за осигурување е должно да ја известува Агенцијата за супервизија на осигурување за употребата на деривативните инструменти.

Ограничувања кај одделни вложувања
Член 89
(1) Вложувањата во одделни видови на инструменти согласно со членот 88 став (1) од овој закон, подлежат на следниве ограничувања:
1) најмногу 20% од средствата кои ги покриваат техничките резерви можат да се вложат во инструменти на странски издавач надвор од Република Македонија.
2) најмногу 3% од вредноста на средствата кои ги покриваат техничките резерви можат да се вложат во инструментите од членот 88 став (1) точка 1 на овој закон;
3) најмногу 60% од вредноста на средствата кои ги покриваат техничките резерви можат да се вложат во инструментите од членот 88 став (1) точка 2 на овој закон;
4) најмногу 80% од вредноста на средствата кои ги покриваат техничките резерви може да се вложуваат во инструменти наведени во членот 88 став (1) точки 3 и 4 на овој закон;
5) најмногу 10% од вредноста на средствата кои ги покриваат техничките резерви можат да се вложат во инструменти наведени во членот 88 став (1) точка 5 на овој закон;
6) најмногу 35% од вредноста на средствата кои ги покриваат техничките резерви можат да се вложат во инструментите наведени во членот 88 став (1) точка 6 на овој закон, при што вложувањата кај ист издавач не смеат да надминат 5%.
7) најмногу 5% од вредноста на средствата кои ги покриваат техничките резерви можат да се вложат во инструментите наведени во членот 88 став (1) точка 7 на овој закон, при што вложувањата кај ист издавач не смеат да надминат 1%;
8) најмногу 25% од вредноста на средствата кои ги покриваат техничките резерви можат да се вложат во инструментите наведени во членот 88 став (1) точка 8 на овој закон, при што вложувањата кај ист издавач не смеат да надминат 5%;
9) најмногу 5% од вредноста на средствата кои ги покриваат техничките резерви можат да се вложат во инструментите наведени во членот 88 став (1) точки 9 и 10 на овој закон, при што вложувањата кај ист издавач не смеат да надминат 1% и
10) најмногу 20% од вредноста на средствата кои ги покриваат техничките резерви можат да се вложат во инструментите наведени во членот 88 став (1) точка 11 на овој закон.
(2) Средствата кои ги покриваат техничките резерви не смеат да се вложуваат во:
1) инструменти со кои не може правно да се располага (кои не може законски да се отуѓуваат);
2) материјални добра кои ретко се регистрирани на организирани пазари и чија проценка е несигурна, како на пример антиквитети, уметнички дела и моторни возила;
3) недвижен имот и било каков удел во недвижен имот освен хартии од вредност издадени врз основа на хипотека и посредно вложување преку инвестициони фондови;
4) акции, обврзници и други хартии од вредност и удели издадени од:
- акционер на друштвото за осигурување и
- поврзани лица со лицата наведени во алинејата 1 од оваа точка.

Глава 5
Средства кои ја покриваат математичката резерва
Средства кои ја покриваат математичката резерва
Член 90
(1) Средствата кои ја покриваат математичката резерва, се оние средства кои ги покриваат техничките резерви, планирани за покривање на обврските на друштвото за осигурување кои настануваат од оние класи на осигурување за кои треба да се издвои математичка резерва.
(2) Средствата кои ја покриваат математичката резерва можат да се користат исклучиво за исплата на штети кои произлегуваат од оние класи на осигурување за кои била издвоена математичка резерва.

Потребно покритие
Член 91
(1) Потребното покритие ја содржи математичката резерва. Во однос на осигурувањето на живот, вклучувајќи осигурување на живот каде инвестициониот ризик е на товар на

осигуреникот, потребното покритие, покрај математичката резерва, содржи и резерви за преносни премии, резерви за штети и резерви за бонуси и попусти.
(2) Потребното покритие ќе се пресметува за секоја класа на осигурување посебно, согласно со ставот 2 од членот 92 на овој закон.

Обврска за издвојување средства на математичката резерва
Член 92

(1) Друштвото за осигурување кое издава полиси за оние класи на осигурување за кои е должно да издвои математичка резерва, е должно да издвои средства кои ја покриваат математичката резерва и да управува со нив одвоено од другите средства на друштвото.
(2) Друштвото за осигурување е должно да издвои посебни средства (фондови на средства), кои ја покриваат математичката резерва за секоја од следните класи на осигурување:
1) осигурување од групата на осигурување на живот, освен осигурувањето од точките 2, 3, 4 и 5 на овој став;
2) осигурување на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот, со исклучок на преносните премии, резерви за штети и дополнителните технички резерви за гарантираното минимално плаќање;
3) осигурување на тонтина;
4) осигурување на ануитети за корисници на пензии од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување од членот 5 точка 24 од овој закон;
5) осигурување на ануитети за корисници на пензии од доброволно капитално финансирано пензиско осигурување од членот 5 точка 25 од овој закон;
6) здравствено осигурување кое не е покриено со задолжителното здравствено осигурување и
7) други класи на осигурување за кои се издвојува математичка резерва.
(3) Во случај кога, согласно со ставот 2 од овој член, друштвото за осигурување формира неколку фондови на средства кои ја покриваат математичката резерва, одредбите од овој закон кои се однесуваат на средствата кои ја покриваат математичката резерва и исплатите што се вршат од тие средства, ќе се применуваат одделно на секој од формираните фондови на средства.
(4) Вредноста на средствата кои ја покриваат математичката резерва треба во секое време да биде барем еднаква на висината на потребното покритие.
(5) На крајот на секој квартал, друштвото за осигурување е должно да обезбеди дополнителни средства за покривање на математичката резерва, ако тоа е потребно за изедначување на вредноста на средствата кои ја покриваат математичката резерва со висината на потребното покритие.

Вложување на средствата на математичката резерва
Член 93

(1) Одредбите на членовите од 87 до 89 од овој закон, ќе се применуваат на вложување на средствата кои ја покриваат математичката резерва.
(2) Ограничувањата на одделните видови вложувања согласно со членот 89 од овој закон и прописите донесени врз основа на точката 6 од членот 74 на овој закон, ќе се применуваат одделно за секој од формираните фондови на средства кои ја покриваат математичката резерва.

Посебни одредби за осигурување во случај кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот
Член 94

(1) Кога правата на осигурениците кои произлегуваат од договорите за осигурување, директно зависат од вредноста на уделот или акцијата на еден инвестиционен фонд, вложувањата на средствата кои ја покриваат математичката резерва кои се посебно издвоени од страна на друштвото за осигурување во однос на тие договори за осигурување, треба до највисок можен степен да вклучат вложувања во удели или други хартии од вредност што претставуваат дел од сопственичката структура на тој инвестиционен фонд.
(2) Кога правата кои ги имаат осигурениците врз основа на нивните договори за осигурување, директно зависат од промената на вредноста на хартиите од вредност или

други соодветни вредности, вложувањата на средствата на математичката резерва кои се посебно издвоени од страна на друштвото за осигурување во однос на тие договори за осигурување, треба до најголем можен степен, да вклучат вложувања во удели и хартии од вредност кои во согласност со нивните карактеристики и можност за тргување, се еднакви на оние кои служат како основа за одредување на вредноста на хартиите од вредност или другите соодветни вредности.
(3) Одредбите од членот 93 на овој закон не се применуваат на осигурувањата од ставовите 1 и 2 на овој член.
(4) Покрај одредбите од ставот 3 на овој член, во однос на осигурувањата од ставовите 1 и 2 на овој член, во случај кога во правата на осигуреникот е вклучено минимално гарантирано плаќање, без оглед на промените на вредноста на хартиите од вредност или другите соодветни вредности од ставовите 1 и 2 на овој член, одредбите од членот 93 на овој закон, ќе се применуваат на оној дел од вложувањата кој се однесува на средствата кои ја покриваат математичката резерва, а кои одговараат на износот на техничките резерви, кои што друштвото за осигурување е должно да ги издвои за тие гарантирани плаќања.

Одвојување на средствата кои ја покриваат математичката резерва
од другите средства на друштвото за осигурување
Член 95

(1) Друштвото за осигурување е должно да ги одвои средствата кои ја покриваат математичката резерва од своите сопствени средства, на начин предвиден со членовите од 95 до 98 на овој закон.
(2) Користењето на средствата кои ја покриваат математичката резерва од ставот 1 на овој член е дозволено исклучиво за исплата на штети кои произлегуваат од оние договори за осигурување, за кои биле издвоени средствата кои ја покриваат математичката резерва.
(3) Кај осигурување на живот и други класи на осигурување на кои се применуваат табелите на веројатност и пресметки слични на осигурување на живот, користењето на средствата кои ја покриваат математичката резерва е ограничено до оној дел на средства на математичката резерва чија вредност е:
1) во ист однос со потребното покритие во однос на договорот за осигурување од кој произлегува побарувањето, како што е односот меѓу вкупните средства кои ја покриваат математичката резерва и потребното покритие за сите договори за осигурување на друштвото за осигурување во рамките на класата на осигурување за која се издвоени средства на математичката резерва и
2) не го надминува потребното покритие во однос на осигурувањето од кое произлегува побарувањето.

Одвојување на вложувањата во хартии од вредност
Член 96

(1) Друштвото за осигурување е должно да отвори посебна сметка кај Централниот депозитар за хартии од вредност за секое средство кое ја покрива математичката резерва, а е вложено во хартии од вредност.
(2) Централниот депозитар за хартии од вредност е должен, на барање на Агенцијата за супервизија на осигурување да го информира истото за состојбата на хартиите од вредност во кои се вложени средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и да дозволи нивна контрола.

Вложувања во банкарски депозити и заеми
Член 97

(1) Во однос на вложувањата на средствата кои ја покриваат математичката резерва во банкарски депозити или заеми, друштвото за осигурување е должно да склучи договор со банката, односно должникот, во свое име, а за сметка на средствата кои ја покриваат математичката резерва.
(2) Ако заемот од ставот 1 на овој член е обезбеден со хипотека на недвижен имот, друштвото за осигурување е должно да ја внесе хипотеката во катастарот на недвижности, односно Централниот регистар, а во корист на средствата кои ја покриваат математичката резерва како заемодавач.

(3) Ако заемот од ставот 1 на овој член е обезбеден со залог на хартии од вредност, друштвото за осигурување е должно да го внесе залогот во Централниот регистар, а во корист на средствата кои ја покриваат математичката резерва како заемодавач.
(4) Кај сите други видови на ломбардни заеми кои не се регулирани со ставовите 2 и 3 од овој член, а во врска со ставот 1 од овој член, залогот треба да се пренесе во корист на средствата кои ја покриваат математичката резерва како заемодавач, а согласно со прописите кои го регулираат заложното право.

Посебна сметка на средствата кои ја покриваат математичката резерва
Член 98

Друштвото за осигурување е должно за секој одделен фонд на средства, кои ја покриваат математичката резерва, да отвори посебна сметка во банка на која ќе се вршат сите уплати и од која ќе се извршуваат сите исплати што се однесуваат на средствата кои ја покриваат математичката резерва.

Глава 6
Други правила за управување со ризик

Реосигурување
Член 99

(1) Друштвото за осигурување е должно во друштво за осигурување регистрирано за активно реосигурување да ги реосигура обврските од договорите за осигурување, над износот што со табелата за максимално покритие е предвидено друштвото да ги покрие со сопствени средства.
(2) Друштвото за осигурување регистрирано за активно реосигурување е должно понудените вишоци на ризици кои не може да ги покрие со сопствени средства да ги реосигура кај други друштва за осигурување регистрирани за активно реосигурување.

Програма за планирано реосигурување
Член 100

(1) Друштвото за осигурување, за секоја деловна година треба да донесе програма за потребите од реосигурување, во зависност од структурата на осигурителното портфолио и да определи со кои договори за реосигурување ќе го обезбеди вишокот на ризик.
(2) Програмата за потребите од реосигурување од ставот 1 на овој член, содржи:
1) пресметка на максималното покритие по одделни класи на осигурување;
2) табела за максимално покритие изготвена врз основа на пресметките од точката 1 на овој став и
3)основи и критериуми за утврдување највисоки можни штети, врз основа на присутните околности од значење за ризикот и нивото на договореното покритие.
(3) При пресметките од ставот 2 точка 1 на овој член, друштвото за осигурување ќе ги земе предвид:
1) обемот на капиталот и потребното ниво на маргината на солвентност;
2) вкупниот обем на работењето;
3) наплатената премија во рамките на групите и класите на осигурување;
4) износот на преземени ризици (ниво на договорено покритие) по одделни класи на осигурување согласно со основите од точките 2 и 3 на овој став и
5) приспособување кои се должат на девијации во рамките на одделни класи на осигурување.
(4) Агенцијата за супервизија на осигурување може да пропише посебни услови за реосигурување во класите на осигурување кои се однесуваат на соодветноста на реосигурителното покритие и рејтингот на друштвото за реосигурување.

Соосигурување
Член 101

Друштвото за осигурување не смее да го соосигура износот на ризик кој го надминува ризикот по одделни класи на осигурување, кој не може да го покрие со сопствени средства

согласно со Табелата за максимално покритие од точката 1 став 2 на членот 100 од овој закон.

Статистички стандарди во осигурувањето
Член 102

(1) При статистичката обработка на склучени договори за осигурување, ризици покриени со договорите за осигурување, осигурени случаи и штети, друштвото за осигурување е должно да се придржува кон статистичките осигурителни стандарди.
(2) Статистичките осигурителни стандарди ги донесува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Управување со ликвидност
Член 103

(1) Друштвото за осигурување е должно да управува со средствата на начин кој ќе овозможи друштвото за осигурување во секое време да одговори на пристигнатите обврски.
(2) Со цел обезбедување од ризикот на ликвидност, друштвото за осигурување е должно да спроведува политика на редовно управување со ликвидноста, преку:
1) планирање на тековните и можните одливи на парични средства и соодветен прилив на истите;
2) редовна контрола на ликвидноста и
3) усвојување на соодветни мерки за спречување или отстранување на причините за неликвидност.
(3) Друштвото за осигурување е должно да врши пресметка на коефициентите на ликвидност на дневна основа.
(4) Органот на управување на друштвото за осигурување е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување, доколку:
1) е загрозена ликвидноста или солвентноста на друштвото за осигурување и
2) финансиската состојба на друштвото за осигурување се променила до степен кога друштвото за осигурување повеќе не го обезбедува потребното ниво на маргината на солвентност согласно со членот 75 или членот 76 од овој закон.

Пресметување и контрола
Член 104

(1) Друштвото за осигурување е должно редовно да врши пресметка и контрола а на квартална основа да ја известува Агенцијата за супервизија на осигурување за:
1) обемот на капитал;
2) потребното ниво на маргината на солвентност, со мислење на овластениот актуар;
3) износот на техничките резерви, со мислење на овластениот актуар;
4) вредност на средствата кои ги покриваат техничките резерви;
5) видови, вложување и локализација на средствата кои ги покриваат техничките резерви или математичката резерва;
6) видови, вложување и локализација на капиталот;
7) ликвидност на друштвото;
8) статистичките осигурителни податоци и
9) финансиски извештаи.
(2) Друштвото за осигурување е должно во рок од триесет дена од завршувањето на секој квартал да ја известува Агенцијата за супервизија на осигурување за податоците од ставот 1 на овој член.

Забрана за распределба на добивка
Член 105

Друштвото за осигурување не смее да врши распределба на добивката било во вид на дивиденди или плаќања кои настануваат како резултат на учество во добивката на органот на управување, надзорниот орган или на вработените во следниве случаи:
1) ако друштвото за осигурување не го обезбедува потребното ниво на маргината на солвентност согласно со членот 75 или членот 76 од овој закон;
2) ако за сметка на исплатената дивиденда, капиталот на друштвото за осигурување се

намали под потребното ниво на маргината на солвентност согласно со член 75 или членот 76 од овој закон;
3) ако друштвото за осигурување не ја постигне минималната ликвидност предвидена во прописите наведени во точката 8 од членот 74 на овој закон;
4) ако поради исплатената дивиденда, друштвото за осигурување не ја постигне минималната ликвидност предвидена во прописите наведени во точката 8 од членот 74 на овој закон и
5) ако Агенцијата за супервизија на осигурување издаде наредба друштвото за осигурување да го отстрани несоодветното прикажување на ставките во активата и пасивата во билансот на состојба чиешто прикажување влијае врз билансот на успех на друштвото за осигурување, во периодот до кога друштвото за осигурување не ги отстрани незаконитостите за кои е издадена наредбата.

Мерки на органот на управување за обезбедување потребното ниво
на маргината на солвентност
Член 106

(1) Ако друштвото за осигурување не го обезбедува потребното ниво на маргината на солвентност согласно со членот 75 или членот 76 од овој закон, како резултат на зголемените потреби од капитал или други причини, органот на управување е должен веднаш да прифати мерки за обезбедување на потребното ниво на маргината на солвентност во рамките на неговата одговорност или да предложи мерки во рамките на надлежностите на други органи на друштвото за осигурување.
(2) Органот на управување е должен да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување за предложените, односно преземените мерки од ставот 1 на овој член, а во врска со извештајот предвиден во ставот 2 од членот 104 на овој закон.

Мерки на супервизорскиот орган
Член 106-а

(1) Во случај кога правата на осигурениците се загрозени, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе побара од друштвото за осигурување да донесе финансиски план со предлог на мерки за наредните три години, кој мора да содржи:
1) пресметка на административните трошоци, односно трошоците за управување како и споредба со тековните општи трошоци и провизии;
2) детална пресметка на приходите и расходите од вршење работи на осигурување;
3) биланс на состојба и биланс на успех;
4) пресметка на потребните финансиски средства потребни за обезбедување на потребното ниво на маргина на солвентност и
5) политика на реосигурување.
(2) Агенцијата ќе му наложи на друштвото за осигурување да го зголеми капиталот над пропишаниот износ со овој закон, доколку оцени дека поради влошување на финансиската состојба на друштвото правата на осигурениците се загрозени. Висината на капиталот се одредува врз база на финансискиот план со предлог на мерки за наредните три деловни години.
(3) Агенцијата ќе му наложи на друштвото за осигурување да изврши намалување на вредноста на средствата на друштвото за осигурување кои се вклучени при пресметката на капиталот на друштвото за осигурување, доколку дошло до промена на пазарната вредност на тие средства.
(4) Агенцијата ќе му наложи на друштвото за осигурување да изврши прилагодување на пресметката на маргината на солвентност на друштво за осигурување за износот на реосигурување, доколку природата или квалитетот на договорот за реосигурување во однос на претходната деловна година значително се промениле или доколку договорите за реосигурување не овозможуваат соодветен пренос на ризикот.
(5) Агенцијата поблиску ќе го пропише начинот на подобра заштита на правата на осигурениците.
(6) Агенцијата не смее да издаде дозвола од членот 42 став (3) на овој закон, како и да поднесе известување од членот 54 став (3) на овој закон, доколку го побарала предлогот на мерките од ставот (1) на овој член.

V.ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ

Доверливост на податоците

Член 107

Друштвата за осигурување се должни, сите податоци за осигурениците и/или други корисници на осигурување со кои се стекнале во текот на вршењето на работи на осигурување, да ги третираат како доверливи податоци.

Обврска за чување на доверливи податоци

Член 108

(1) Членовите на органите на друштвата за осигурување, нивните акционери, вработените и други лица, кои при работењето имаат пристап до доверливите податоци од членот 107 на овој закон, истите не смеат да ги пренесуваат на трети лица, самите или пак трети лица да дозволат да ги употребуваат,

(2) Обврската за чување на доверливи податоци нема да се применува во следниве случаи:

1) ако податоците се потребни за утврдување на факти во кривични постапки или друга судска постапка и ако од надлежниот суд е добиено писмено барање за доставување на податоци;

2) во случаи предвидени со Законот за спречување перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;

3) ако податоците се потребни за одредување на правните односи меѓу друштвото за осигурување и негов осигуреник и/или друг корисник на осигурувањето при спроведување на законски постапки;

4) ако податоците се потребни заради извршување на присилни постапки над недвижен имот на осигуреник или друг корисник на осигурувањето, и ако од надлежниот суд е добиено писмено барање за доставување на податоци;

5) ако податоците се побарани од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување или друг надлежен орган за супервизија, а заради спроведување на супервизија во рамките на утврдените одговорности;

6) ако податоците се побарани од страна на даночен орган, а во врска со водење на постапки во негова надлежност и

7) во случаите предвидени со законот кој го уредува задолжителното осигурување.

(3) Агенцијата за супервизија на осигурување или друг надлежен орган за супервизија, даночните органи и судовите, податоците согласно со ставот 2 од овој член ги користат само за предвидените намени.

Прибирање, чување и користење на лични податоци

Член 109

(1) Друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување, имаат обврска да прибираат, обработуваат, чуваат, користат и доставуваат лични податоци кои се потребни при склучување на договорите за осигурување, во согласност со Законот за заштита на личните податоци и со посебните прописи кои се однесуваат на базата на податоци од областа на осигурувањето.

(2) Друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување, се должни да ги воспостават и одржуваат следниве бази на податоци:

1) база на податоци за осигурениците;

2) база на податоци за настанати штети и

3) база на податоци за оценување на осигурително покритие и степен на оштета.

(3) За базата на податоци од точката 1 од ставот 2 на овој член, се прибираат следниве лични податоци:

1) име и презиме, датум и место на раѓање, постојана или привремена адреса на живеење на осигуреникот и

2) назив на друштвото за осигурување, број на полисата, времетраење на осигурувањето, осигурен случај и осигурително покритие.

(4) За базата на податоци од точката 2 од ставот *2* на овој член, се прибираат следниве лични податоци:

1) име и презиме, датум и место на раѓање, постојана или привремена адреса на живеење и

ЕМБГ на лицата инволвирани во настанатата штета, како и истите податоци за сведоците;
2) кривични дела и прекршоци во врска со настанатата штета;
3) вид на штетен настан;
4) место, време и тек на настанување на штетата и
5) опис на штетата од штетниот настан.
(5) За базата на податоци од точката 3 од ставот 2 на овој член, се прибираат следниве лични податоци:
1) име и презиме, датум и место на раѓање, постојана или привремена адреса на живеење на осигуреникот на кој се однесува осигурителното покритие, како и истите податоци за подносителот на барањето за надомест на штета;
2) краткотрајни повреди и здравствена состојба, вид на физичката повреда, времетраење на третманот и последиците како за осигуреното лице така и за подносителот на барањето за надомест на штета;
3) приходи кои ги остварува осигуреното лице и подносителот на барањето за надомест на штетата;
4) пензионирање (старосно или инвалидско), преквалификација и степен на инвалидитет на осигуреното лице и подносителот на барањето за надомест на штетата и
5) трошоци за медицинскиот третман, медицински препарати и ортопедски помагала за осигуреното лице и подносителот на барањето за надомест на штетата.
(6) Личните податоци наведени во ставовите 3, 4 и 5 се прибираат на следниов начин:
1) како правило, директно од лицето за кое се однесуваат;
2) од други лица (сведоци при настанување на штетата);
3) податоците од ставот 3 можат, исто така да се прибираат од базите на податоци воспоставени при друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување;
4) податоците од точките 1, 3, 4 и 5 од ставот 4 на овој член, можат исто така да се прибираат од базата на податоци воспоставена при Министерството за внатрешни работи;
5) податоците од точката 2 од ставот 4 на овој член, можат исто така да се приберат од базата на податоци воспоставена при судските органи,
6) податоците од ставот 5 на овој член можат исто така да се прибираат на следниов начин:
- податоците од точките 2 и 5 од базата на податоци воспоставена при здравствените институции;
- податоците од точката 3, од базата на податоци на работодавецот, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Министерството за труд и социјална политика и
- податоците од точката 4, од базата на податоци при Фондот за пензиското и инвалидското осигурување.
(7) Органите и организациите од ставот 6 на овој член, се должни на писмено барање да ги достават наведените податоци до друштвата за осигурување и/или Националното биро за осигурување.
(8) Податоците од точката 1 од ставот 2 на овој член, ќе се чуваат за период од десет години по истекот на договорот за осигурување, или во случај на настанување на штета, десет години по затворањето на случајот. Податоците од точките 2 и 3 од ставот 2 на овој член, ќе се чуваат десет години по затворањето на случајот на настанување на штетата. По истекот на гореспоменатиот период, податоците од базата на податоци од ставот 2
на овој член ќе бидат избришани.

VI. ОВЛАСТЕНИ АКТУАРИ

Овластени актуари

Член 110

(1) Актуарски работи во смисла на овој закон вршат овластени актуари.
(2) Овластен актуар е лице кое има дозвола за работа како овластен актуар од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.
(3) Агенцијата за супервизија на осигурување може да овласти орган или правно лице кое спроведува обука за работа како овластен актуар.

Независност во работењето на овластениот актуар

Член 111

Овластениот актуар е независен и самостоен во вршењето на работата и одговара за

точноста на утврдените дејствија.

Услови за работа како овластен актуар

Член 112

(1) За добивање дозвола за работа како овластен актуар, лицето мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има завршено четиригодишно високо образование VII/1 или студирал според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);

2) да има положено стручен испит потребен за работа како овластен актуар;

3) да има најмалку една година работно искуство во областа на осигурувањето или супервизија на осигурувањето;

4) **Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 130/2011 од 02.05.2012 година.**

5) да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка и

6) да не му е претходно одземена дозволата за работа како овластен актуар.

(2) Покрај одредбите од ставот (1) на овој член, лице кое има положено стручен испит за вршење работи како овластен актуар во странство може да добие дозвола за работа како овластен актуар во Република Македонија, доколку ги исполнува и следниве услови:

1) квалификацијата на лицето да е со стандарди не пониски од стандардите што се бараат согласно со овој закон и

2) лицето успешно да го положи испитот со кој се обезбедува дека тоа лице има адекватно знаење на законите и праксата во Република Македонија потребни за работа како овластен актуар во Република Македонија.

(3) Агенцијата за супервизија на осигурување поблиску ги пропишува начинот и постапката за признавање на квалификации за актуар стекнати во странство.

(4) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение за одземање на дозволата за работа како овластен актуар, доколку:

1) дозволата е добиена со наведување невистинити податоци;

2) лицето повеќе не ги исполнува условите од ставот (1) точки 4 и 5 на овој член и

3) лицето ги прекршило правилата на актуарската професија.

(5) Агенцијата за супервизија на осигурување е должна да ги информира друштвата за осигурување за лицата на кои им е одземена дозволата за работа како овластен актуар.

(6) Супервизија на работењето на овластените актуари врши Агенцијата за супервизија на осигурување. Во врска со супервизијата на работењето на овластените актуари ќе се применуваат одредбите од членовите 159, 160, 165 и 166 на овој закон."

Назначување на овластени актуари

Член 113

(1) Друштвото за осигурување коешто добило дозвола за вршење на работи на осигурување е должно во рок од два месеца од денот на уписот на друштвото во трговскиот регистар да назначи овластен актуар.

(2) Друштвото за осигурување е должно да ја информира Агенцијата за супервизија на осигурување за овластениот актуар кој го назначило во рок од пет дена од денот на неговото назначување.

(3) Доколку друштвото за осигурување не назначи овластен актуар во рок од два месеца од денот на уписот на друштвото во трговскиот регистар или пак назначи лице кое нема дозвола за работа како овластен актуар од надлежен орган, тогаш Агенцијата за супервизија на осигурување ќе назначи такво лице, при што трошоците за ангажирање на овластениот актуар ќе ги сноси друштвото за осигурување.

(4) Во случај овластениот актуар да престане да врши актуарски работи во некое друштво за осигурување, истиот е должен за тоа да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од пет дена од престанокот.

(5) Доколку овластениот актуар престане да врши актуарски работи во друштво за осигурување, друштвото за осигурување е должно во рок од 30 дена од денот на престанувањето на договорот да назначи ново лице да врши актуарски работи и за тоа да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување.

Забрана за работа како овластен актуар
Член 114
Овластениот актуар не смее да врши актуарски работи во друштвото за осигурување, ако:
1) директно или индиректно учествува во капиталот на друштвото за осигурување;
2) член на органот на управување или на надзорниот орган на друштвото за осигурување и
3) во роднинска поврзаност до втор степен со имателите на квалификувано учество или членовите на службата за внатрешна ревизија во друштвото.

Отпуштање на овластениот актуар
Член 115
(1) Доколку Агенцијата за супервизија на осигурување донесе решение за одземање на дозволата за работа како овластен актуар или поради настанување на случаите од членот 114 на овој закон или доколку по кој било друг основ престане ангажманот на овластениот актуар во друштвото, друштвото за осигурување е должно да назначи друг овластен актуар во рок од 30 дена.
(2) Доколку друштвото за осигурување не назначи друг овластен актуар во рокот од ставот (1) на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе издаде наредба за отстранување на незаконитостите и ќе побара друштвото за осигурување во рок од 30 дена да назначи друг овластен актуар.
(3) Доколку друштвото за осигурување во рокот од ставот (2) на овој член не назначи овластен актуар, Агенцијата за супервизија на осигурување по службена должност ќе назначи овластен актуар, на товар на друштвото за осигурување.
(4) За разрешување на овластениот актуар, друштвото за осигурување е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од осум дена од денот на разрешувањето.

Задачи на овластениот актуар
Член 116
(1) Овластениот актуар е должен да ја провери усогласеноста на податоците во годишните сметки со осигурителните сметководни стандарди и правилноста на пресметките во годишните сметки во однос на формирањето на техничките резерви и другите резерви на друштвата за осигурување.
(2) Овластениот актуар е должен да провери дали премиите и техничките резерви се пресметани во согласност со одредбите од овој закон, како и дали истите се пресметани и издвоени на начин кој ќе овозможи долгорочно исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување од страна на друштвото за осигурување.
(3) За преземените дејствија од ставовите 1 и 2 на овој член, овластениот актуар издава потврда.
(4) Овластениот актуар потврдата од ставот 3 на овој член ја поднесува до друштвата за осигурување и до Агенцијата за супервизија на осигурување во роковите од членот 120 на овој закон.
(5) Трошоците за ангажманот од ставовите 1 и 2 на овој член, паѓаат на товар на друштвото за осигурување.
(6) Органот на управување на друштвото за осигурување е должен да ги обезбеди сите потребни податоци за вршење на работите од ставовите 1 и 2 на овој член.
(7) Кон мислењето за годишната сметка на друштвото за осигурување од членот 121 на овој закон, овластениот актуар до органот на управување и надзорниот орган на Друштвото за осигурување е должен да поднесе и извештај со мислење во врска со спроведената супервизија во претходната година согласно со ставот 1 од овој член. Извештајот треба да ги содржи причините за позитивното мислење, мислењето со резерва или пак негативното мислење на овластениот актуар во врска со годишната сметка.
(8) Доколку овластениот актуар при вршење на својата работа, согласно со ставот 2 од овој член, утврди дека премиите не се пресметани, а техничките резерви не се издвоени согласно со одредбите на овој закон, или пак тие се пресметани и издвоени на начин кој ја загрозува долгорочната способност на друштвото за осигурување за исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување, истиот е должен веднаш да го

извести органот на управување на друштвото за осигурување доколку органот на управување не го земе предвид извештајот на овластениот актуар, актуарот е должен за тоа веднаш да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување.

VII. ДЕЛОВНИ КНИГИ И ИЗВЕШТАИ

Општи одредби

Член 117

Друштвото за осигурување е должно да води трговски книги, да составува сметководствени документи, да ги вреднува средствата и обврските, да изготвува финансиски извештаи и да ја известува јавноста за податоците од финансиските извештаи согласно со одредбите од Законот за трговските друштва и друг закон, ако со овој закон поинаку не е уредено.

Член 118

Друштвото за осигурување е должно да го организира своето работење согласно со членот 117 од овој закон, на начин кој ќе овозможи непречено и ефикасно спроведување на супервизијата на работењето на друштвото за осигурување согласно со правилата за управување со ризик.

Водење на трговски книги и изготвување на финансиски извештаи

Член 119

(1) Друштвото за осигурување е должно да ги води своите трговски книги и да изготвува финансиски извештаи во согласност со прописите за сметководство, освен ако со овој закон поинаку не е определено.
(2) Друштвото за осигурување ги води трговските книги според контниот план наменет за друштвата за осигурување.
(3) Друштвото за осигурување изготвува финансиски извештаи согласно со членот 122 од овој закон.

Изготвување и доставување на финансиски извештаи и годишен извештај

Член 120

(1) Друштвото за осигурување изготвува годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за своето работење.
(2) Друштвото за осигурување е должно до Агенцијата за супервизија на осигурување да достави неревидиран годишен финансиски извештај најдоцна до 1 март во тековната за претходната година.
(3) Друштвото за осигурување е должно до Агенцијата за супервизија на осигурување да достави примерок од годишниот извештај за работењето заедно со извештајот за извршената ревизија во рок од осум дена од денот на усвојувањето на годишниот извештај за работењето.
(4) Друштвото за осигурување кое има преовладувачко влијание во група на друштва за осигурување е должно да изготвува консолидирани финансиски извештаи.

Потврда на овластен актуар за годишните извештаи

Член 121

(1) Годишниот извештај на друштвото за осигурување вклучува и потврда од овластен актуар согласно со ставот 3 од членот 116 на овој закон, придружен со мислење за тоа дали премиите и техничките резерви се пресметани во согласност со овој закон.
(2) Во однос на потврдата на овластениот актуар, ќе се применуваат одредбите од Законот за ревизија кои се однесуваат на потврдата на овластениот ревизор.

Прописи за водење на трговски книги и изготвување на годишни сметки

Член 122

(1) Агенцијата за супервизија на осигурување, согласно со меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување пропишува:
1) контен план за друштвата за осигурување;

2) форма и содржина на финансиските извештаи за друштвата за осигурување и белешки кон извештаите;
3) детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување;
4) метод за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за изготвување на финансиските извештаи;
5) форма и содржина на ревизорскиот извештај и
6) детална содржина на потврдата на овластениот актуар согласно со ставот 1 од членот 116 на овој закон.
(2) Агенцијата за супервизија на осигурување ги пропишува извештаите од ставот (1) точки 2, 3 и 5 на овој член, како и начинот и роковите за нивно јавно објавување.

VIII. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Внатрешна ревизија

Член 123

(1) Надзорниот орган на друштвото за осигурување е должен да воспостави внатрешна ревизија како независна организациона единица.
(2) Надзорниот орган на друштвото за осигурување донесува правила за работа на внатрешната ревизија.

Работи на внатрешната ревизија

Член 124

(1) Внатрешните ревизори вршат целосна ревизија на работењето на друштвото за осигурување со цел да се утврди дали друштвото за осигурување:
1) ги врши работите на осигурување во согласност со овој закон, како и во согласност со внатрешните прописи на друштвото за осигурување со кои се регулира работењето на друштвото за осигурување;
2) води трговски книги и изготвува годишни извештаи, составува сметководствени документи, ги вреднува ставките во деловните биланси и годишни сметки и ја известува јавноста за податоците од годишните извештаи согласно со овој закон, како и согласно со внатрешните прописи со кои се регулира работењето на друштвото за осигурување.
(2) Внатрешната ревизија се спроведува во согласност со меѓународните стандарди за внатрешна ревизија, кодексот на етичко однесување и правилата за вршење на внатрешна ревизија.

Лица вработени во внатрешната ревизија

Член 125

(1) За вршење на работи на внатрешна ревизија, друштвото за осигурување е должно да вработи најмалку еден овластен ревизор согласно со Законот за ревизија.
(2) Лицата кои вршат работи на внатрешна ревизија не смеат да вршат други работи во друштвото за осигурување.
(3) Членовите на органот на управување и надзорниот орган на друштвото за осигурување не смеат да вршат работи на внатрешна ревизија.

Годишна програма на внатрешна ревизија

Член 126

(1) Внатрешните ревизори изготвуваат годишна програма за работа која ја одобрува надзорниот орган на друштвото за осигурување.
(2) Годишната програма на внатрешна ревизија содржи:
1) области од работењето на друштвото за осигурување, на кои ќе се врши ревизија на работењето и
2) опис на содржината на планираните оперативни ревизни на одделни области од работењето.
(3) Надзорниот орган на друштвото за осигурување е должен врз основа на годишната програма за внатрешна ревизија, да донесе подетален план за работата на внатрешната ревизија.

Извештаи за внатрешната ревизија

Член 127

(1) Внатрешните ревизори се должни најмалку два пати годишно да изготват извештаи за спроведената внатрешна ревизија, кои содржат:

1) опис на спроведените ревизии на работењето;

2) адекватност и ефикасност на системот на внатрешна ревизија;

3) незаконитости и неправилности откриени при спроведувањето на внатрешната ревизија и предложените мерки за отстранување на тие незаконитости и неправилности и

4) констатации во врска со спроведување на предложените мерки за отстранување на незаконитостите и неправилностите откриени при внатрешната ревизија.

(2) Внатрешните ревизори се должни да изготват годишен извештај за внатрешната ревизија, кој содржи:

1) извештај за реализација на годишната програма за внатрешна ревизија и

2) преглед на позначајни сознанија стекнати при спроведувањето на внатрешната ревизија.

(3) Извештаите од ставовите (1) и (2) на овој член се поднесуваат до надзорниот орган на друштвото за осигурување на мислење.

(4) Надзорниот орган на друштво за осигурување е должен годишниот извештај за внатрешната ревизија заедно со мислењето од ставот (3) на овој член да ги достави до Собранието на акционери, а во рок од осум дена од денот на усвојувањето од страна на Собранието на акционери да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

(5) Годишниот извештај за внатрешната ревизија заедно со мислењето од ставот (3) на овој член задолжително се става на дневен ред на Годишното собрание на акционери, заедно со ревизорскиот извештај на друштвото за осигурување.

Известувања до органот на управување и надзорниот орган на друштво за осигурување

Член 128

(1) Доколку при спроведување на внатрешната ревизија се утврди дека друштвото за осигурување ги повредило правилата за управување со ризик и како резултат на тоа му претстои неликвидност или несолвентност, или е доведена во опасност сигурноста на работењето на друштвото за осигурување или сигурноста на осигурениците, веднаш за тоа треба да бидат известени надзорниот орган и органот на управување на друштвото за осигурување.

(2) Доколку при спроведување на внатрешната ревизија се утврди дека органот на управување на друштвото за осигурување ги повредил правилата за управување со ризик, веднаш за тоа треба да биде известен надзорниот орган на друштвото за осигурување.

IX. РЕВИЗИЈА

Ревизија на годишни сметки

Член 129

(1) Друштвото за осигурување е должно финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи да ги поднесе на ревизија.

(2) Друштвото за осигурување е должно до Агенцијата за супервизија на осигурување да достави барање за добивање согласност за друштвото за ревизија кое го определило да врши ревизија на финансиските извештаи и консолидирани финансиски извештаи, во рок од 15 дена од денот кога го определило.

(3) Агенцијата ќе издаде согласност за друштвото за ревизија од ставот 2 на овој член доколку друштвото за ревизија:

- има повеќе од три години искуство во вршење на ревизии;
- не е поврзано лице со друштвото за осигурување;
-во последните три години не давало консултантски услуги на друштвото за осигурување;
- не извршило пет последователни ревизии на финансиските извештаи и консолидирани финансиски извештаи на друштвото за осигурување и
- во последните три години не му биле изречени мерки од страна на Институтот на овластени ревизори.

(4) Агенцијата за супервизија на осигурување е должна во рок од 15 дена од денот на добивање на барањето за добивање согласност од ставот 2 на овој член да издаде согласност или да го одбие барањето и да побара од друштвото да определи друго друштво

за ревизија.
(5) Друштвото за осигурување е должно да определи друго друштво за ревизија во рок од 30 дена од денот на добивање на решението со кое се одбива барањето за добивање согласност.

Известување до Агенцијата за супервизија на осигурување
Член 130

Ако во текот на спроведувањето на ревизијата, се утврди дека друштвото за осигурување или лице поврзано со друштвото за осигурување работи спротивно на правилата за управување со ризик и поради тоа на друштвото за осигурување му се заканува неликвидност или несолвентност, или е загрозена сигурноста на осигурениците, друштвото за ревизија е должно за тоа веднаш писмено да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување.

Содржина на ревизорскиот извештај
Член 131

(1) Овластениот ревизор врши ревизија и известува за:
1) билансот на состојба;
2) билансот на успех;
3) паричните текови и промените во капиталот;
4) состојбата и промените на техничките резерви;
5) состојбата и структурата на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви;
6) состојбата и структурата на вложувањата на средствата кои ја покриваат математичката резерва;
7) состојбата и структурата на вложувањата на капиталот;
8) спроведување на прописите за управување со ризик;
9) спроведување на внатрешната ревизија;
10) начинот на водење на трговските книги;
11) квалитетот на информатичкиот систем на друштвото за осигурување;
12) точноста и комплетноста на извештаите до Агенцијата за супервизија на осигурување;
13) вреднување на билансните и вонбилансните ставки, и сметководствената политика и
14) распределбата на добивката.
(2) Агенцијата за супервизија на осигурување детално ќе ја пропише формата и содржината на ревизорскиот извештај, како и минималниот опфат на ревизијата.

Доставување на ревизорски извештаи до
Агенцијата за супервизија на осигурување

Член 131-а

(1) Друштвото за ревизија е должно ревизорскиот извештај истовремено да го достави до органот на управување и надзорниот орган на друштвото за осигурување и до Агенцијата за супервизија на осигурување најдоцна до 30 април во тековната година за претходната календарска година.
(2) Агенцијата за супервизија на осигурување може од друштвото за ревизија да бара дополнителни објаснувања и податоци во врска со извештајот за извршената ревизија.
(3) Друштвото за ревизија е должно на барање на Агенцијата за супервизија на осигурување да и ги направи достапни работните материјали од ревизијата на друштвото.
(4) Агенцијата за супервизија на осигурување нема да го прифати извештајот за извршена ревизија ако утврди дека не се темели врз објективни податоци за финансиската состојба во друштвото, доколку не е изработен во согласност со членот 131 од овој закон и/или друштвото за ревизија при вршење на ревизијата не постапувало согласно со ревизорските стандарди и процедури.
(5) Доколку Агенцијата за супервизија на осигурување не го прифати извештајот за извршената ревизија, за тоа ги известува друштвото за осигурување, Институтот за овластени ревизори и Советот за унапредување и надзор на ревизијата во рок од 45 дена од добивањето на извештајот.

(6) Во случаите од ставот (4) на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе побара од друштвото за осигурување да назначи друго друштво за ревизија кое ќе изготви нов извештај.
(7) Сите трошоци настанати во врска со назначување на друго друштво за ревизија согласно со ставот (6) на овој член ги поднесува друштвото за осигурување.

Неиздавање согласност и не прифаќање на извештај
на друштво за ревизија

Член 131-б

Агенцијата за супервизија на осигурување во наредните три години нема да даде согласност на друштво за ревизија да врши ревизија на финансиските и консолидираните финансиски извештаи на друштво за осигурување и нема да прифати извештај од друштво за ревизија:

1) кое вршело ревизија во друштво за осигурување без согласноста од членот 129 од овој закон и/или

2) чиј извештај за извршена ревизија Агенцијата за супервизија на осигурување не го прифатила заради причините од членот 131-а од овој закон.“

Објавување на ревизорскиот извештај
Член 132

Друштвото за осигурување е должно најмалку во еден дневен весник, да го објави ревизорскиот извештај придружен со мислењето на ревизорот, во рок од 15 дена од усвојување на извештајот од страна на собранието на акционери, но не подоцна од шест месеци од завршувањето на календарската година на која се однесува извештајот.

X. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПОСРЕДУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО
Застапување во осигурувањето
Глава 1

Застапување во осигурувањето
Член 133

(1) Застапување во осигурувањето во смисла на овој закон претставува подготовка и склучување на договори за осигурување во име и за сметка на едно или повеќе друштва за осигурување основани согласно со овој закон, за производи на осигурување кои меѓусебно не си конкурираат.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член за застапување во осигурувањето не се сметаат работите на подготовка и склучување на договори за осигурување, доколку се исполнети сите наведени услови:
1) договорот за осигурување бара познавање само на осигурителното покритие кое се обезбедува со договорот;
2) договорот за осигурување не е договор за осигурување на живот;
3) договорот за осигурување не покрива одговорност како ризик;
4) основната дејност на лицето кое врши подготовка и склучување на договори за осигурување не е застапување во осигурувањето;
5) договорот за осигурувањето претставува дополнување или е поврзан со производот или услугата која ја нуди лицето и истиот покрива:
- ризик од уништување или оштетување на производи или предмети или
- ризик од губење или оштетување на багаж или други ризици поврзани со туристичка услуга договорени преку туристичка агенција и во случаи кога договорот содржи осигурување на живот или одговорност како ризик и истиот се склучува како дополнување на основниот ризик поврзан со туристичката услуга и
6) износот на годишната бруто премија е помал од 500 евра во денарска противвредност и траењето на договорот е помало од пет години.
(3) Агенцијата за супервизија на осигурување врши супервизија над субјектите кои ги вршат работите од ставот (2) на овој член.

Застапник во осигурувањето

Член 134

(1) Застапник во осигурувањето е физичко лице кое има лиценца за застапник во осигурувањето од Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Застапникот во осигурувањето врши работи на подготовка и склучување на договори за осигурување во име и за сметка на едно или повеќе друштва за осигурување основани согласно со овој закон, за производи на осигурување кои меѓусебно не си конкурираат.

(3) Застапникот во осигурувањето може да врши и работи на продолжување и прекинување на договори за осигурување врз основа на согласност на осигурениците.

(4) Застапникот во осигурувањето од ставот (1) на овој член може да врши работи на застапување во осигурувањето само врз основа на работен или друг правен однос (договор за застапување) со друштво за застапување во осигурувањето, односно друг правен однос (договор за застапување) со друштво за осигурување.

(5) Односите меѓу застапникот и друштвото за застапување, односно друштвото за осигурување се регулираат со договор за застапување во кој задолжително се наведуваат сите права и одговорности на застапникот во согласност со овој закон, а особено видовите на работи кои застапникот може да ги врши во име и за сметка на друштвото за осигурување.

(6) Лицата кои вршат работи на подготовка и склучување на договори за осигурување врз основа на редовен работен однос во друштво за осигурување не се сметаат за застапници во осигурувањето согласно со овој закон.

(7) За застапник во осигурувањето се смета и секое лице кое дополнително на својата основна професионална дејност врши работи на застапување во осигурувањето, односно работи на подготовка и склучување на договори за осигурување во име и за сметка на едно или повеќе друштва за осигурување основани согласно со овој закон, за производи на осигурување кои меѓусебно не си конкурираат.

(8) Правните и физички лица кои при вршење на својата дејност повремено даваат информации на клиенти во врска со договори за осигурување, при што не вршат работи на подготовка и склучување на договори за осигурување не се сметаат за застапници во осигурувањето.

(9) Застапникот во осигурувањето не смее во свое име и за своја сметка да наплаќа премија или други надоместоци за осигурување од договорувачот на осигурувањето.

(10) Застапникот во осигурувањето не смее да работи во осигурително брокерско друштво.

Друштво за застапување во осигурувањето

Член 134-а

(1) Друштвото за застапување во осигурувањето е правно лице - акционерско друштво со седиште во Република Македонија кое врши работи на застапување во осигурувањето и кое има дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Друштвото за застапување во осигурувањето не може да биде запишано во Централниот регистар без да добие дозвола од ставот (1) на овој член.

(3) Зборовите "застапување во осигурување", односно изведени зборови од истите може да ги запише во Централниот регистар и да ги користи во правниот промет исклучиво друштво за застапување во осигурувањето кое има дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување.

(4) Друштвото за застапување во осигурувањето е должно на видно место во своите деловни простории да го истакне името на друштвото за осигурување кое го застапува.

Обврски на застапникот во осигурувањето и
одговорност на друштвата за осигурување

Член 134-б

(1) Друштвото за застапување во осигурувањето, односно застапник во осигурувањето може да врши работи на застапување исклучиво за друштва за осигурување основани согласно со овој закон.

(2) Застапникот во осигурување може да врши само работи за кои е овластен од друштвото за осигурување, односно друштвото за застапување во осигурувањето.

(3) За работењето на застапникот во осигурувањето одговара друштвото за осигурување,

односно друштвото за застапување во осигурувањето.
(4) Друштвото за осигурување одговара за работењето на друштвото за застапување во осигурувањето, односно застапникот во осигурувањето во делот на вршењето работи на застапување согласно со склучениот договор за застапување.
(5) Друштвото за застапување во осигурувањето, односно застапникот во осигурувањето одговара за штетата која ќе настане поради лажно претставување, невнимание или непочитување на одредбите од склучениот договор за застапување.

Лиценца за застапник во осигурување
Член 134-в

(1) Застапник во осигурувањето може да биде физичко лице кое има лиценца за застапник во осигурувањето издадена од Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе издаде лиценца за застапник во осигурувањето на лицето кое ги исполнува следниве услови:
1) да има положено стручен испит за застапник во осигурувањето;
2) да има најмалку средно образование;
3) да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;
4) **Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 122/2011 од 16.05.2012 година.**
5) **Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 122/2011 од 16.05.2012 година.**
6) да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка.
(3) Во лиценцата за застапник во осигурувањето Агенцијата за супервизија на осигурување ќе го наведе друштвото, односно друштвата за осигурување за кои застапникот врши работи на застапување во осигурувањето, како и класите на осигурување за кои застапникот е овластен да врши работи на застапување согласно со договорот за застапување склучен со друштвото за осигурување.
(4) Во случај на раскинување на договорот за застапување склучен меѓу застапникот и друштвото за осигурување, односно друштвото за застапување во осигурување, застапникот и друштвото за осигурување се должни за раскинувањето да ја известат Агенцијата за супервизија на осигурување.
(5) Агенцијата за супервизија на осигурувањето ќе донесе решение за одземање на лиценцата за застапник во осигурувањето, доколку:
1) лиценцата е добиена со наведување невистинити податоци;
2) **Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 122/2011 од 16.05.2012 година.**
3) се раскине договорот за застапување согласно со членот 134 став (5) од овој закон;
4) лицето работи спротивно на другите одредби од овој закон и
5) лицето ги прекрши добрите деловни обичаи и правила на струката.

Барање за добивање лиценца за застапник во осигурувањето
Член 134-г

(1) Барање за добивање лиценца за застапник во осигурувањето се поднесува до Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) По барањето од ставот (1) на овој член Агенцијата за супервизија на осигурување одлучува со решение со кое се издава лиценца или се одбива барањето.
(3) Барањето кое не ја содржи потребната документација се отфрла со решение.
(4) Агенцијата за супервизија на осигурување поблиску ќе ја пропише потребната документација која се приложува кон барањето за добивање лиценца за застапник во осигурувањето.

Дозвола за вршење работи застапување во осигурувањето
Член 134-д

(1) Друштво за застапување во осигурувањето е правно лице - акционерско друштво со седиште во Република Македонија кое има дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето издадена од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Агенцијата за супервизија на осигурувањето ќе донесе решение за издавање на дозволата за вршење работи на застапување во осигурувањето, доколку се исполнети условите од членовите 134-ѓ и 134-е на овој закон.

(3) Агенцијата за супервизија на осигурувањето ќе донесе решение за одземање на дозволата за вршење дејност на застапување во осигурувањето, доколку:
1) дозволата е добиена со наведување невистинити податоци;
2) друштвото за застапување во осигурувањето повеќе не ги исполнува условите од членовите 134-ѓ и 134-е на овој закон;
3) друштвото работи спротивно на одредбите од овој закон и
4) друштвото ги прекрши добрите деловни обичаи и правила на дејноста.
(4) Дозволата за вршење работи на застапување во осигурувањето ќе престане да важи, доколку:
1) друштвото за застапување во осигурувањето не започне да врши дејност застапување во осигурувањето во рок од шест месеца од денот на издавањето на дозволата;
2) друштвото за застапување во осигурувањето престане да врши дејност застапување во осигурувањето повеќе од шест месеца и
3) по отворање на стечајна, односно ликвидациона постапка.
(5) Во случаите од ставот (4) на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение со кое ќе констатира дека дозволата за вршење работи на застапување во осигурување престанала да важи.

Барање за добивање дозвола за вршење работи
на застапување во осигурувањето
Член 134-ѓ

(1) Барање за добивање дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од членот 134-д на овој закон се поднесува до Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член основачите на друштвото се должни да поднесат:
1) предлог на статут;
2) план за работа;
3) доказ дека се уплатени парични средства на име акционерски капитал на засебна привремена сметка кај носител на платен промет согласно со членот 134-е став (2) од овој закон;
4) извори на средства за уплата на капиталот;
5) **Укинат со Одлука на Уставен суд У. бр. 129/2011 од 06.02.2013 година**
6) список на акционери, со наведување на име, презиме и адреса на живеење на физичките лица и назив и седиште на правните лица, како и податоци за вкупниот номинален износ на поседувани акции и процент на учество во акционерскиот капитал на друштвото за осигурување;
7) докази во врска со членот 14 од овој закон;
8) предлог на акти на деловната политика од членот 149 на овој закон;
9) документација врз основа на која може да се констатира дека друштвото за застапување во осигурувањето е кадровски, технички и организационо оспособено за вршење на работите предвидени со статутот на друштвото;
10) преддоговор или договор за застапување склучен со друштво за осигурување кој мора да содржи одредба за постојан надзор на друштвото за осигурувње врз извршувањето на тој договор;
11) преддоговор или договор за осигурување од одговорност согласно со членот 134-е став (5) од овој закон;
12) доказ за непостоење на капитална или управувачка поврзаност со друштва за осигурување, други друштва за застапување во осигурувањето или осигурително брокерски друштва и
13) програма за имплементација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.
(3) Покрај документацијата од ставот (2) на овој член акционерите - правни лица кон барањето поднесуваат и:
- акт за основање и список на членови на органот на управување на правното лице;
- извод од регистарот во кој е регистрирано седиштето на правното лице;
- копија од акционерска книга, односно доказ од друг соодветен јавен регистар и
- ревизорски извештај од овластено друштво за ревизија за последните две деловни години.
(4) По барањето од ставот (1) на овој член Агенцијата за супервизија на осигурување

одлучува со решение со кое се издава дозвола или се одбива барањето.
(5) Барањето кое не ја содржи потребната документација се отфрла со решение.
(6) Овластеното службено лице од Агенцијата за супервизија на осигурување кое ја води постапката за добивање дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето е должно доказите од ставовите (2) точка 7) и (3) алинеи 2 и 3 на овој член по службена должност да ги побара од надлежен јавен орган во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(7) Овластеното службеното лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите од ставовите (2) точка 7) и (3) алинеи 2 и 3 на овој член е должно да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(8) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Услови за добивање дозвола за вршење работи
на застапување во осигурувањето
Член 134-е

(1) Друштво за застапување во осигурувањето може да се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија.
(2) Акционерскиот капитал потребен за основање на друштво за застапување во осигурувањето изнесува 15.000 евра во денарска противвредност по курсот на Народната банка, на денот на уплатата.
(3) Друштвото за застапување во осигурувањето не смее да биде поврзано лице со друштво за осигурување или друго друштво за застапување во осигурувањето.
(4) Друштвото за застапување во осигурувањето е должно да склучи договор за осигурување со друштво за осигурување за да ги осигури своите обврски кон сопствениците на полиси во случај на прекршување на одредбите од договорот за застапување до еден осигурен износ, кој во однос на поединечен осигурен случај не смее да биде помал од 250.000 евра и/или во врска со сите осигурени случаи во една година не смее да биде помал од 500.000 евра.
(5) Договорот за осигурување од ставот (4) на овој член, покрај другото, задолжително треба да ги содржи видовите на ризици и осигурени случаи кои се опфатени со осигурителното покритие, како и договорни обврски на друштвото за осигурување во случај на настанување на ризиците што се предмет на договорот за осигурување.
(6) Договорот за осигурување од ставот (4) на овој член треба да биде склучен со друштво за осигурување со кое не е склучен договорот за застапување.
(7) Договорот за осигурување од ставот (4) на овој член задолжително се обновува и истиот се доставува до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 15 дена од денот на неговото склучување/обновување.
(8) Друштвото за застапување во осигурувањето е должно да вработи најмалку еден застапник во осигурувањето со полно работно време кој врз основа на договор за вработување ќе биде одговорно лице во друштвото за застапување.

Вршење на работи на застапување во осигурувањето
од страна на друштво за застапување во осигурувањето
Член 134-ж

(1) Друштвото за застапување во осигурувањето е должно да врши работи на застапување во осигурувањето како единствена дејност.
(2) Друштвото за застапување во осигурувањето не смее да врши осигурително брокерски работи.
(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член работи на застапување во осигурувањето може да врши и банка која добила дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од Народната банка. Народната банка ќе издаде дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето само врз основа на претходна согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување.
(4) Агенцијата за супервизија на осигурување е должна да ја издаде согласноста од ставот 3 на овој член во рок од 30 дена од денот на добивање на барањето од Народната банка на Република Македонија.
(5) Работите на застапување во осигурувањето во банка од ставот (3) на овој член можат да

вршат единствено лица кои имаат лиценца за застапник во осигурувањето од членот 134-в на овој закон.

Членот 134-з Укинат со Одлука на Уставен суд 154/2007 од 16.01.2008 (Службен весник на Република Македонија бр.08/08)

Друштва за застапување во осигурувањето од земји членки
Член 134-s

(1) Друштво за застапување во осигурувањето од земја членка е правно лице со седиште во земја членка кое има дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од соодветен надлежен орган на таа земја членка.
(2) Друштво за застапување во осигурувањето од земја членка може да врши работи на застапување во осигурувањето во Република Македонија, преку филијали или директно.
(3) Одредбите од членовите 133, 134, 134-а, 134-б, 134-в, 134-г, 134-д, 134-ѓ, 134-е и 134-ж на овој закон соодветно се применуваат на друштва за застапување во осигурувањето од ставот (1) на овој член на работите на застапување во осигурувањето кои друштвото ги врши на територијата на Република Македонија.

Започнување со вршење работи на застапување во осигурувањето од
друштва за застапување во осигурување од земји членки
Член 134-и

(1) Друштво за застапување во осигурувањето од членот 134-s став (1) на овој закон кое има намера да врши работи на застапување во осигурувањето во Република Македонија е должно за својата намера да го извести надлежниот орган за супервизија на земјата членка во која друштвото има седиште.
(2) Надлежниот орган за супервизија од ставот (1) на овој член е должен во рок од еден месец да го поднесе известувањето од ставот (1) на овој член до Агенцијата за супервизија на осигурување.
(3) Друштво за застапување во осигурувањето може да почне да врши работи на застапување во осигурувањето во Република Македонија во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето од надлежниот орган за супервизија на земјата членка согласно со ставот (2) од овој член.
(4) Одредбите од овој член соодветно се применуваат и на вршење работи на застапување во осигурувањето од страна на застапници во осигурувањето од земји членки кои вршат работи на застапување на територијата на Република Македонија.
(5) Надлежните органи на земјите членки се должни меѓусебно да разменуваат податоци и информации кои се однесуваат на застапниците во осигурувањето и друштвата за застапување во осигурувањето, посебно во случаи кога против нив се одредени мерки поради непочитување на прописите на државата во која вршат работи, односно дејност застапување во осигурувањето.

Вршење работи на застапување во осигурувањето
во земји членки на Европската унија
Член 134-ј

(1) Друштво за застапување во осигурувањето кое има дозвола за вршење работи на застапување во осигурувњето може да врши работи на застапување во осигурувањето во земја членка, преку филијала или директно, доколку ги исполнува условите предвидени со прописите на таа земја членка.
(2) Друштво за застапување во осигурувањето кое има намера да започне да врши работи на застапување во осигурувањето во земја членка е должно за својата намера да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување.
(3) На барање на надлежниот орган на супервизија од земјата членка, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна во рок од еден месец да го поднесе изветувањето од ставот (2) на овој член до надлежниот орган на супервизија на земјата членка и за тоа да го извести друштвото за застапување во осигурувањето.
(4) Друштво за застапување во осигурувањето може да почне да врши работи на застапување во осигурувањето во земјата членка во рок од еден месец од денот на приемот

на известувањето од Агенцијата за супервизија на осигурување од ставот (3) на овој член. Друштво за застапување во осигурувањето може веднаш да почне да врши работи на застапување во осигурувањето во земјата членка доколку надлежниот орган на супервизија од земјата членка не побара известување од ставот (2) на овој член.

Одговорности на застапниците во осигурувањето
Член 134-к

Одредбите од членовите 49 до 52 на овој закон соодветно се применуваат и врз работењето на застапниците во осигурувањето.

Членот 134-л е укинат со Уставна одлука У.бр. 218/2008 од 22.04.2009 (Службен весник на Република Македонија бр. 56/09)

Глава 2
Осигурителни брокери Осигурително брокерски работи
Член 135

(1) Осигурително брокерски работи во смисла на овој закон се: посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие и при реализирање на отштетни побарувања по остварен осигуран штетен настан.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член за осигурително брокерски работи не се сметаат работите на посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие и реализирање на отштетни побарувања по остварен осигуран штетен настан, доколку се исполнети сите наведени услови:
1) договорот за осигурување бара познавање само на осигурителното покритие кое се обезбедува со договорот;
2) договорот за осигурување не е договор за осигурување на живот;
3) договорот за осигурување не покрива одговорност како ризик;
4) основната дејност на лицето кое врши работи на посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие и реализирање на отштетни побарувања по остварен осигуран штетен настан не е вршење на осигурително брокерски работи;
5) договорот за осигурувањето е директно поврзан со производот или услугата која ја нуди лицето и истиот покрива:
- ризик од уништување или оштетување на производи или предмети или
- ризик од губење или оштетување на багаж или други ризици поврзани со туристичка услуга договорени преку туристичка агенција, и во случаи кога договорот содржи осигурување на живот или одговорност како ризик и истиот се склучува како дополнување на основниот ризик поврзан со туристичката услуга и
6) износ на годишната бруто премија е помал од 500 евра во денарска противвредност и траењето на договорот за осигурување е помало од пет години.
(3) Одредбите од Законот за облигационите односи кои се однесуваат на договорите за посредување се применуваат и на договорите за вршење на осигурително брокерски работи, доколку поинаку не е предвидено со овој закон.
(4) Агенцијата за супервизија на осигурување врши супервизија над субјектите кои ги вршат работите од ставот (2) на овој член.

Вршење на осигурително брокерски работи
Член 136

(1) Осигурително брокерски работи може да врши осигурителен брокер кој е во работен однос во осигурително брокерско друштво од членот 145 на овој закон.
(2) Ниту едно лице, освен оние од ставот 1 на овој член, не може да ги врши осигурително брокерските работи.

Осигурителен брокер
Член 137

(1) Осигурителен брокер е лице кое има добиено лиценца за осигурителен брокер од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Осигурителен брокер врши исклучиво осигурително брокерски работи и ги претставува и

делува во име и за сметка на своите клиенти во однос на друштвата за осигурување и реосигурување.
(3) Лицата кои во контекст на вршење на својата професионална активност даваат информации на клиентите во врска со договори за осигурување при што не вршат посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие и реализирање на отштетни побарувања по остварен осигуран штетен настан не се сметаат за осигурителни брокери согласно со овој закон.

Услови за издавање и одземање на лиценца за осигурителен брокер

Член 138

(1) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе издаде лиценца за осигурителен брокер доколку лицето ги исполнува следниве услови:
1) да има завршено четиригодишно средно образование;
2) да има положено стручен испит за осигурителен брокер;
3) да има најмалку една година искуство од областа на осигурувањето или посредување во осигурувањето;
4) да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;
5) да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка.
(2) Агенцијата за супервизија на осигурувањето ќе донесе решение за одземање на лиценцата за осигурителен брокер, доколку:
1) лиценцата е добиена со наведување невистинити податоци;
2) лицето повеќе не ги исполнува условите од ставот (1) точка 6 на овој член;
3) лицето работи спротивно на одредбите од овој закон и
4) лицето ги прекрши добрите деловни обичаи и правила на дејноста.

Лиценца за осигурителен брокер

Член 139

(1) Барање за добивање лиценца за осигурителен брокер се поднесува до Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе ја пропише потребната документација која мора да биде доставена кон барањето за добивање на лиценца од ставот (1) на овој член.
(3) По барањето од ставот 1 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување одлучува со решение со кое се издава лиценца или се одбива барањето.
(4) Барањето кое не ја содржи документацијата од ставот 2 на овој член, се отфрла со решение.

Обврски на осигурителен брокер

Член 140

(1) Осигурителниот брокер е должен да ги штити интересите на осигурениците, што вклучува давање појаснувања и совети на осигурениците за сите околности релевантни за нивното одлучување во однос на склучување на договори за осигурување за одделни класи на осигурување или по однос на одделни друштва за осигурување.
(2) За исполнување на обврската од ставот 1 на овој член, осигурителниот брокер е особено должен да:
1) изготви адекватна анализа на ризикот и предложи соодветно осигурително покритие за осигуреникот;
2) посредува во име на осигуреникот за склучување на договор за осигурување, кој земајќи ги предвид сите околности од значење за ризикот на поединечен случај, ќе му обезбеди на осигуреникот најсоодветно покритие;
3) го информира друштвото за осигурување за намерата на осигуреникот да склучи договор за осигурување и го запознава осигуреникот со условите на полисите и прописите кои го регулираат определувањето на износот на премија;
4) ја проверува содржината на полисите за осигурување и
5) укажува помош на осигуреникот во текот на важење на договорот за осигурување, како пред, така и по настанување на осигурениот настан, а особено да обезбеди дека

осигуреникот ги извршил правните дејствија во предвидените рокови, а кои се предуслов за стекнување и уживање на правата кои произлегуваат од договорот за осигурување.
(3) Осигурителниот брокер доколку посредува во реализација на отштетните побарувања е должен да соработува со надлежните лица служби на клиентот, за подготовка на доказна документација за основата и висината на отштетното побарување, како и да прибира други потребни докази.

Конфликт на интереси
Член 141

(1) Осигурителниот брокер е должен да ги презентира на осигуреникот сите правни и економски односи кои ги има со одредено друштво за осигурување, кои можат да влијаат на објективноста на осигурителниот брокер при извршување на обврските спрема осигуреникот.
(2) Правните и економските односи од ставот 1 од овој член, особено се однесуваат на оние одредби од договорите за вршење на брокерски работи склучени со одредено друштво за осигурување, врз основа на кои осигурителниот брокер има право на посебна или повисока провизија за посредување за склучување на договори за осигурување за одделна класа на осигурување како и за одделно друштво за осигурување.

Провизија
Член 142

(1) Осигурителниот брокер нема право да наплаќа провизија или друг вид надомест од осигуреникот, освен доколку поинаку не е предвидено со договорот за вршење на осигурително брокерски работи склучен со осигуреникот.
(2) Доколку со договорот за вршење на осигурително брокерски работи склучен со осигуреникот е предвидено дека осигурителниот брокер има право на провизија, истиот се стекнува со правото на таа провизија со денот на влегувањето во сила на договорот за осигурување за кој е извршено посредувањето.
(3) Секоја одредба од договор за вршење на осигурително брокерски работи која е спротивна на ставот 2 од овој член е ништовна.
(4) Осигурителниот брокер е должен да го извести осигуреникот за износот на провизијата што ја наплаќа од друштвата за осигурување по склучените договори за осигурително брокерски работи.

Забрана за посредување
Член 143

(1) Осигурителниот брокер посредува при склучување на договори за осигурување исклучиво со друштва за осигурување основани согласно со овој закон.
(2) По исклучок на одредбите од ставот 1 на овој член, доколку осигурувањето, односно реосигурувањето на односниот ризик не може да се изврши во Република Македонија, осигурителниот брокер може да посредува при склучување на договори за осигурување со странски друштва за осигурување.
(3) Осигурителниот брокер не смее да посредува при склучување на договор за осигурување кој е во спротивност со членот 49 од овој закон.

Обврски на осигурителните друштва
Член 144

Друштвата за осигурување склучуваат договори за вршење на осигурително брокерски работи исклучиво со осигурителни брокерски друштва основани согласно со овој закон.

Глава 3
Осигурителни брокерски друштва
Дозвола за вршење на осигурително брокерски работи
Член 145

(1) Осигурително брокерско друштво е правно лице-акционерско друштво со седиште во Република Македонија кое има дозвола за вршење осигурително брокерски работи од Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение за издавање дозвола за

вршење на осигурително брокерски работи, доколку се исполнети условите од членовите 146, 147, 148, 149,150 на овој закон.
(3) Агенцијата за супервизија на осигурувањето ќе донесе решение за одземање на дозволата за вршење на осигурително брокерски работи, доколку:
1) дозволата е добиена со наведување невистинити податоци;
2) осигурително брокерското друштво повеќе не ги исполнува условите од членовите 146, 147, 148, 149, 150 на овој закон;
3) друштвото работи спротивно на одредбите од овој закон;
4) друштвото ги прекрши добрите деловни обичаи и правила на дејноста и
5) друштвото не постапи согласно со наредбата за отстранување на незаконитости од членот 165 на овој закон.
(4) Дозволата за вршење осигурително брокерски работи ќе престане да важи, доколку:
1) осигурително брокерското друштво не започне да врши осигурително брокерски работи во рок од шест месеца од денот на издавањето на дозволата;
2) осигурително брокерското друштво престане да врши осигурително брокерски работи повеќе од шест месеца и
3) по отворање на стечајна, односно ликвидациона постапка.
(5) Во случаите од ставот (4) на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение со кое ќе констатира дека дозволата за вршење осигурително брокерски работи престанала да важи.

Барање за добивање дозвола
Член 146

(1) Барањето за добивање дозвола за вршење на осигурително брокерски работи се поднесува до Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член основачите на друштвото се должни да поднесат:
1) предлог на статут;
2) план за работа;
3) доказ дека се уплатени парични средства на име акционерски капитал на засебна привремена сметка кај носител на платен промет согласно со членот 148 од овој закон;
4) извори на средства за уплата на капиталот;
5) **Укинат со Одлука на Уставен суд У. бр. 129/2011 од 06.02.2013 година**
6) список на акционери, со наведување на име, презиме и адреса на живеење на физичките лица и назив и седиште на правните лица, како и податоци за вкупниот номинален износ на поседувани акции и процент на учество во акционерскиот капитал на друштвото за осигурување;
7) докази во врска со членот 14 од овој закон;
8) предлог на акти на деловната политика наведени во членот 149 од овој закон;
9) документација врз основа на која може да се констатира дека осигурително брокерското друштво е кадровски, технички и организационо оспособено за вршење на работите предвидени со статутот на друштвото;
10) преддоговор или договор за осигурување од одговорност согласно со членот 150 од овој закон;
11) доказ за непостоење на капитална или управувачка поврзаност со друштва за осигурување, друштва за застапување во осигурувањето или други осигурителни брокерски друштва и
12) програма за имплементација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.
(3) Покрај документацијата од ставот (2) на овој член, акционерите - правни лица кон барањето поднесуваат и:
- акт за основање и список на членови на органот на управување на правното лице;
- извод од регистарот во кој е регистрирано седиштето на правното лице;
- копија од акционерска книга, односно доказ од друг соодветен јавен регистар и
- ревизорски извештај од овластено друштво за ревизија за последните две деловни години.
(4) Овластеното службено лице од Агенцијата за супервизија на осигурување кое ја води постапката за добивање дозвола за вршење на осигурително брокерски работи е должно доказите од ставовите (2) точка 7) и (3) алинеи 2 и 3 на овој член кои се обезбедуваат по

службена должност да ги побара од надлежен јавен орган во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(5) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите од ставовите (2) точка 7) и (3) алинеи 2 и 3 на овој член е должно да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(6) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Активности на осигурителни брокерски друштва
Член 147

(1) Осигурително брокерско друштво врши осигурително брокерски работи преку осигурителни брокери.
(2) Осигурително брокерско друштво врши исклучиво осигурително брокерски работи.
(3) Покрај одредбите од ставот 1 на овој член, осигурителното брокерско друштво може да ги врши и работите на точките од 3 до 6 од ставот 4 на членот 4 од овој закон.

Основање на осигурително брокерско друштво
Член 148

(1) Осигурително брокерско друштво се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија, кое има дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување за вршење на осигурително брокерски работи.
(2) Осигурително брокерско друштво може да основаат домашни и/или странски, правни и/или физички лица.
(3) Акционерскиот капитал за основање на осигурително брокерско друштво изнесува 50.000 евра во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.
(4) За вршење на осигурително брокерски работи, осигурителното брокерско друштво потребно е да вработи најмалку двајца осигурителни брокери.

Акти на деловна политика на осигурително брокерско друштво и друштво
за застапување во осигурувањето
Член 149

Акти на деловната политика на осигурителното брокерско друштво и друштво за застапување во осигурувањето се:
- основи на деловната политика;
- тарифа за извршени услуги и
- елаборат со проекција на очекувани деловни резултати за најмалку тригодишен период.

Осигурување на обврските на осигурително брокерско друштво
Член 150

(1) Осигурителното брокерско друштво е должно да ги осигура своите обврски кон сопствениците на полиси во случај на прекршување на одредбите од договорот за посредување до еден осигурен износ, кој во однос на поединечен осигурен случај не смее да биде помал од 250.000 ЕВРА и/или во врска со сите осигурени случаи во една година не смее да биде помал од 500.000 ЕВРА.
(2) Договорот за осигурување од ставот (1) на овој член, покрај другото, задолжително треба да ги содржи видовите на ризици и осигурени случаи кои се опфатени со осигурителното покритие, како и договорни обврски на друштвото за осигурување во случај на настанување на ризиците што се предмет на договорот за осигурување.
(3) Договорот за осигурување од ставот (1) на овој член задолжително се обновува и истиот се доставува до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 15 дена од денот на неговото склучување/обновување.

Наплата на премија преку осигурително брокерски друштва.
Член 150-а

(1) Осигурително брокерското друштво е должно наплатата на премијата од страна на осигурениците и наплатата на провизијата од страна на друштвата за осигурување да ја

врши преку посебни банкарски сметки.
(2) Осигурително брокерското друштво е должно да изврши пренос на наплатената премија од сметките од ставот (1) на овој член на сметка на друштвото за осигурување најдоцна во рок од 15 дена од денот на наплата на премијата.
(3) Осигурителното брокерско друштво е должно еднаш месечно до Агенцијата за супервизија на осигурување да доставува извештај за бројот на склучени договори и за износот на наплатената и пренесената премија.
(4) Агенцијата за супервизија на осигурување поблиску го пропишува начинот и постапката за наплатата и преносот на наплатената премија и за доставување на извештаите од ставот (3) на овој член.

Известување
Член 151

Осигурителното брокерско друштво и друштвото за застапување во осигурувањето се должни да ја известуваат Агенцијата за супервизија на осигурување за:
1) промени на податоците внесени во трговскиот регистар;
2) структурата и обемот на осигурително брокерските работи, односно работите на застапување по одделни друштва за осигурување на квартална основа;
3) исполнување на обврските од членовите 134-е ставови (3) и (5) и 150 на овој закон и
4) правни и економски, односи од членот 141 став (2) на овој закон.

Регистар на застапници во осигурувањето, друштва за застапување во осигурувањето, осигурителни брокери и осигурителни брокерски друштва
Член 152

(1) Агенцијата за супервизија на осигурување, во согласност со овој закон, води регистар на:
1) осигурителни брокери и осигурително брокерски друштва овластени за вршење на осигурително брокерски работи на територијата на Република Македонија и
2) застапници во осигурувањето и друштва за застапување во осигурувањето кои имаат лиценца, односно дозвола за вршење работи застапување во осигурувањето.
(2) Секое друштво за осигурување е должно да води регистар на застапници во осигурувањето, односно друштва за застапување во осигурувањето со кои има склучено договор за застапување.
(3) Секое осигурително брокерско друштво е должно да води регистар на осигурителни брокери кои се во работен однос во тоа осигурително брокерско друштво.
(4) Секое друштво за застапување во осигурувњето е должно да води регистар на застапници во осигурувањето кои се во работен или друг правен однос во тоа друштво за застапување.
(5) Регистрите од ставовите (1) до (4) на овој член се јавни.

Супервизија на работењето на застапниците во осигурување, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурителните брокери и осигурително брокерски друштва
Член 153

(1) Супервизија на работењето на осигурителните брокери, осигурителните брокерски друштва, застапниците во осигурувањето и друштвата за застапување спроведува Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Одредбите од членовите 159, 160, 163, 164, 165 и 166 на овој закон соодветно ќе се применуваат на спроведување на супервизија од ставот (1) на овој закон.

Спроведување на стручен испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар

Член 154

Стручен испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар (во натамошниот текст: стручен испит за актуар) можат да полагаат лица кои ги исполнуваат условите од член 112 од овој закон.

Обврски за давање информации од страна на застапникот во осигурување и осигурителниот брокер

Член 154-а

(1) Застапникот во осигурувањето, односно осигурителниот брокер е должен пред склучување на договорот за осигурување, како и при продолжување на истиот на осигуреникот да му ги даде следниве информации:

1) име, презиме и адреса;

2) регистарот во кој е прија авен и начинот на негова проверка;

3) друштвото за застапување во осигурувањето, односно осигурителното брокерско друштво во кое работи;

4) дали поседува сам или друштвото за застапување во осигурувањето, односно осигурителното брокерско друштво во кое работи повеќе од 10% од акциите со право на глас во друштвото за осигурување со кое се склучува договорот за осигурување;

5) дали друштвото за осигурување со кое се склучува договорот за осигурување или со него поврзано лице поседува повеќе од 10% од акциите со право на глас во друштвото за застапување во осигурувањето, односно осигурителното брокерско друштво и

6) податоци за можност од вонсудска постапка за решавање на спорови меѓу договорувачите на осигурувањето.

(2) Осигурителниот брокер е должен анализата од членот 140 став (2) на овој закон да ја изготви врз основа на соодветно голем број на договори за осигурување достапни на пазарот кои му овозможуваат давање на препораки согласно со стручни критериуми, со цел договорувачот на осигурувањето преку склучување на договорот да ги оствари своите потреби.

(3) Осигурителниот брокер пред склучување на договорот е должен врз основа на податоци добиени од договорувачи на осигурување, односно осигурениці да ги одреди потребите и желбите како и причините за давање на совет на договорувачот на осигурувањето, односно осигуреникот, а кои се врзани со договорот за осигурување.

Начин на давање информации од страна на застапникот во осигурување и осигурителниот брокер

Член 154-б

(1) Податоците од членот 154-а на овој закон на договорувачот на осигурувањето се даваат:

1)во пишана форма или на друг траен медиум кој е достапен на договорувачот на осигурувањето;

2) на начин кој е разбирлив за договорувачот на осигурувањето и

3) на македонски јазик освен доколку поинаку не е договорено.

(2) По исклучок на ставот (1) од овој член податоците може да се даваат и усно на барање на договорувачот на осигурувањето во случај кога е потребно веднаш да се договори осигурително покритие.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член податоците од ставот (2) на овој член мораат да се дадат непосредно по склучување на договорот за осигурување.

Член 154-в

(1) Стручниот испит за актуар се состои од два дела и тоа:

1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и

2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

(2) Првиот дел од стручниот испит за актуар се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Првиот дел од стручниот испит за актуар се полага по предметите:

1) веројатност и статистика;

2) финансиска математика;

3) стохастичко моделирање;

4) економија;

5) модели на доживување;

6) актуарска математика 1;

7) актуарска математика 2;

8) управување со инвестиции и средства;
9) осигурување на живот;
10) неживотно осигурување;
11) социјално и пензиско осигурување;
12) здравствено осигурување;
13) сметководство во осигурувањето;
14) регулатива од областа на осигурувањето и
15) професионализам и етика.

(4) Вториот дел од стрчениот испит за актуар се состои од:
1) практичен пример и/или
2) прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот промер и/или
3) задачи кои треба кандидатот да ги реши врз основа на анализата на практичниот пример.

(5) Агенцијата за супервизија на осигурување ја утврдува и објавува на веб страницата деталната содржина на секој од предметите од првиот дел од стручниот испит за актуар согласно ставот (3) на овој член.

(6) Агенцијата за супервизија на осигурување пропишува по кои предмети од првиот дел од стручниот испит за актуар се полага втор дел согласно со ставот (4) на овој член.

Член 154-г

(1) Стручниот испит за актуар се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литературата.

(2) Програмата за полагање на стручниот испит за актуар по предметите од членот 154-в од овој закон ја донесува Агенцијата за супервизија на осигурвање.

Член 154-д

(1) Обуката за предметите од наставната програма ја спроведуваат едукатори ангажирани од Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Едукатор може да биде лице кое има универзитетско образование и работно искуство од десет години од соодветната област за која ќе држи предавања. Во спроведувањето на обуката може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и од странство.

(2) Базата на прашања и/или задачи за стурчниот испит за актуар ја подготвуваат едукаторите од ставот (1) на овој член.

(3) Прашањата за стручниот испит за актуар ги верификува Комисија за спроведување на стручниот испит за актуар (во натамошниот текст: Комисијата), формирана од Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(4) Начинот на формирање и работењето на Комисијата од ставот (3) на овој член поблиску го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

(5) Комисијата од ставот (3) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базата на прашања од 154-о од овој закон најмалку двапати годишно.

(6) При ревизијата Комисијата особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, бројот на кандидати кои ги одговориле, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на базата на прашања.

(7) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базата на прашања, Комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови од базата на прашања.

(8) Едукаторите и членовите на Комисијата од ставовите (1) и (3) на овој член имаат право на паричен надомест што го определува Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(9) Износот на паричниот надомест од ставот (8) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања, како и сложеноста на материјата.

(10) Годишниот износ на паричниот надомест од ставот (8) на овој член не го надминува износот на три просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година објавена од Државниот завод за статистика.

Член 154-ѓ

(1) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит за актуар ги врши Агенцијата за супервизија на осигурување за што Советот на експерти определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија избрано од Агенцијата.

(2) На одговорното лице од ставот (1) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Агенцијата за супервизија на осигурување донесува решение.

Член 154-е

(1) Обуката и стручниот испит за актуар се спроведува врз основа на констатирана потреба од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување, но најмалку еднаш годишно.

(2) Агенцијата за супервизија на осигурување со оглас во дневен печат и на својата веб страна ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на одржување на обуката, односно стручниот испит за актуар.

(3) Доколку не се пријават најмалку пет кандидати Агенцијата за супервизија на осигурување може да не ја спроведе обуката, односно испитот.

Член 154-ж

Постапката за спроведување на испитите по предметите од членот 154-в став (3) од овој закон поблиску ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 154-з

Стручниот испит за актуар се полага по завршување на обуката за секој предмет одделно.

Член 154-ѕ

(1) Барањето за полагање на стручниот испит за актуар кандидатот го поднесува до Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Со барањето за полагање на стручниот испит за актуар кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит за актуар, пропишани со овој закон.

Член 154-и

(1) Агенцијата за супервизија на осигурување со решение утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на стручниот испит за актуар.

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на стручниот испит за актуар, може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 154-ј

(1) На кандидатот мора да му се овозможи да го полага стручниот испит за актуар во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на стручниот испит за актуар.

(2) Кандидатот е должен во рок од пет дена од добивањето на известувањето од ставот (1) на овој член, преку електронска пошта да го пријави учеството на стручниот испит за актуар.

Член 154-к

(1) Стручниот испит за актуар се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручниот испит за актуар со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување и Јавниот радиодифузен сервис.

(3) Полагањето на стручниот испит за актуар се снима и во живо се емитува на веб страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на

Агенцијата за супервизија на осигурување.
(4) Правното лице кое го спроведува стручниот испит за актуар треба да ги исполнува просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот кои услови поблиску ги пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.
(5) Во просторијата за полагање на стручниот испит за актуар, за време на полагање на испитот се присутни двајца овластени претставници од Агенцијата за супервизија на осигурување, членовите на Комисија од член 154-д став (3) од овој закон, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и еден информатичар предложен од Министерството за информатичко општество и администрација.
(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Агенцијата за супервизија на осигурување донесува решение.
(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.
(8) Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.
(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.
(10) АЕК формира тричлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Агенцијата за супервизија на осигурување најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.

Член 154-л

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит за актуар, овластениот претставник од Агенцијата за супервизија на осигурување го утврдува идентитетот на кандидатот со увид на лична карта или патна исправа.
(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од стручниот испит за актуар не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.
(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од стручниот испит за актуар, му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кој во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот, калкулатор и пенкало.
(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од стручниот испит за актуар не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот од членот 154-к став (5) од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.
(5) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а дококу не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
(6) Ако има проблеми со повеќе од пет комјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија и му се изрекува забрана за полагање на испитот за овластен актуар во траење од три години, за што Агенцијата за супервизија на осигурување донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен

суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(8) Во случаите од ставот (7) на овој член, се смета дека кандидатот не го положил испитот и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.
(9) Лицата од членот 154-к став (5) од овој закон за време на полагањето на стручниот испит за актуар не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага стручниот испит за актуар, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржуваат подолго од пет минути.

Член 154-љ

(1) Ако во текот на обуката и полагањето на стручниот испит за актуар настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да присуствува, односно полага (болест, породилно отсуство, школување во странство и слично), обуката и стручниот испит за актуар се одлагаат за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.
(2) Решение за продолжување на стручниот испит за актуар донесува Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на стручниот испит за актуар, но најдоцна во рок од шест месеци.
(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на стручниот испит за актуар во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека стручниот испит за актуар не го положил.
(4) Против решението на Агенцијата за супервизија на осигурување од ставот (2) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(5) Во случајот од ставот (2) на овој член кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има положено.

Член 154-м

1)Стручниот испит за актуар започнува со полагање на првиот дел.
(2)Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.
(3) Начинот на бодување на првиот и вториот дел од испитот поблиску го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 154-н

(1) Првиот дел од испитот се полага по секој од предметите наведени во членот 154-в став (3) од овој закон со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични и две не се точни.
(2) Кандидатот кој не го положил успешно испитот од некој предмет може само еднаш да го повтори полагањето на испитот по истиот предмет.
(3) Кандидатот кој два пати едноподруго не го положил испитот од еден предмет го губи правото да ги полага преостанатите испити, но успешно положените испити му се признаваат при следно спроведување на стручниот испит за актуар.
(4) Бројот на прашањата од првиот дел од стручниот испит за актуар го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 154-њ

(1) Бројот на прашањата и/или задачите и начинот на полагање на вториот дел од стручниот испит за актуар поблиску го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2)Кандидатот мора вториот дел да го положи во две последователни сесии по завршувањето на теоретскиот дел.
(3) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од стручниот испит за актуар согласно со ставот (2) на овој член ќе се смета дека стручниот испит за актуар не го положил.

Член 154-о

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит за актуарот се врши со одговарање на

прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
(2) Полагањето на вториот дел од стручниот испит за актуар се врши со проучување на практичен пример од областа на предметот и одговарање на прашања и/или решавање на задачи кои кандидатот треба да ги одговори, односно реши врз основа на практичниот пример во вид на електронско софтверско решение. Задачите кои се составен дел на вториот дел од стручниот испит за актуар се решаваат писмено на хартија.
(3) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на стручниот испит за актуар и нивните одговори, практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичниот пример и нивните одговори, како и задачите и нивните решенија, доколку се во електронска форма, се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит за актуар.
(4) Електронскиот систем од ставот (3) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 500 прашања од областа на предметите од член 154-в став (3) од овој закон за потребите на првиот дел од испитот од кои 50% прашања се од стручната литература, како и јавно достапна база од најмалку 50 практични примери, прашања и задачи за потребите на вториот дел од стручниот испит за актуар.
(5) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од стручниот испит за актуар и прописите за вториот дел од стручниот испит за актуар.
(6) Резултатите од полагањето на првиот дел од стручниот испит за актуар му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.
(7) Резултатите од полагањето на вториот дел од стручниот испит за актуар му се достапни на кандидатот најдоцна во рок од пет дена од денот на полагањето.
(8) Кандидатот кој не го положил вториот дел од стручниот испит за актуар, како и кандидатот кој смета дека одговорите не му се соодветно бодувани, во рок од три дена може да изврши увид во својот испит и да испрати писмена забелешка до Агенцијата за супервизија на осигурување.
(9) Доставените писмени забелешки ги разгледува Комисијата од член 154-д став (3) од овој закон најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на забелешките и може да направи корекција на бројот на освоени бодови доколку утврди дека е настаната грешка при бодувањето.
(10) По истекот на рокот за разгледување на забелешките Агенцијата за супервизија на осигурување на својата веб страница објавува официјална листа на кандидати кои го положиле испитот.
(11) Агенцијата за супервизија на осигурување го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит за актуар.

Член 154-п

(1) На денот на полагањето на стручниот испит за актуар претставникот на Агенцијата за супервизија на осигурување му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 154-о од овој закон.
(2)По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за стручниот испит за актуар, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 154-о став (3) од овој закон, од базите од членот 154-о став (4) од овој закон.
(3) Првиот и вториот дел од стручниот испит за актуар содржат упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставникот на Агенцијата за супервизија на осигурување дава појаснување пред да започне полагањето на испитот.
(4) Електронскиот систем за полагање на стручниот испит за актуар не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно практичниот пример и прашања и/или задачи за вториот дел од испитот во една сесија за повеќе од еден кандидат.

Член 154-р

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од стручниот испит за актуар поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на

електронскиот систем од членот 154-о од овој закон полагањето на испитот се прекинува.
(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член ќе се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.
(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

Член 154-с

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути за секој од предметите наведени во членот 154-о став (2) од овој закон.
(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 154-т

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата и/или решавање на задачите од практичниот пример од вториот дел од испитот изнесува 120 минути за секој од предметите наведени во членот 154-в став (3) од овој закон.
(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 154-ќ

(1) На кандидатите кои го положиле стручниот испит за актуар им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршување на стручниот испит за актуар.
(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 154-у

На барање на кандидатот Агенцијата за супервизија на осигурување го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит за актуар со овозможување непосреден увид во тестот.

Член 154-ф

(1) Тестовите, прашањата и задачите се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит за актуар.
(2) Материјалите од одржаните стручни испити, особено хартиените верзии од тестовите и задачите за полагање на стручниот испит за актуар и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и задачите, како и снимките од одржаните стручни испити се чуваат во Агенцијата за супервизија на осигурување.
(3) Советот на експерти формира Комисија за ревизија на одржаните стручни испити која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член. Во Комисијата за ревизија, покрај другите членови, задолжително членуваат и две лица определени од Министерството за финансии.
(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно членовите 112, 138 или 134-в од овој закон, за што доставува извештај до Советот на експерти.
(5) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Агенцијата за супервизија на осигурување донесува решение.
(6) Доколку Комисијата за ревизија утврди нерегуларности во спроведувањето на стручниот испит за актуар од страна на поединци во смисла на член 154-л став (7) од овој закон, предлага одземање на уверението од членот 154-ќ од овој закон.
(7)Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата за ревизија во рок од три дена од приемот на предлогот.
(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред

надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 154-х

(1) За обуката и за полагање на стручниот испит за актуар кандидатот плаќа надоместок.
(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува Агенцијата за супервизија на осигурување врз основа на реално направените трошоци за обука и полагање на стручниот испит за актуар неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на стручниот испит за актуар, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.
(3) Надоместокот од ставот (1) на овој член се уплатува на сметката на Агенцијата за супервизија на осигурување.
(4) Ако надоместокот не се уплати на соодветна сметка на Агенцијата за супервизија на осигурување најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на обуката, односно испитот, на кандидатот нема да му се дозволи присуство на обуката, односно полагање на стручниот испит за актуар.
(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на надоместокот не го полага стручниот испит за актуар, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

Член 154-ц

(1) Стручниот испит за вршење осигурително брокерски работи (во натамошниот текст: стручен испит за брокер) се состои од два дела, и тоа:

1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

(2) Првиот дел од стручниот испит за брокер се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
(3) Првиот дел од стручниот испит за брокер се полага по предметите:

1) основи на управување со ризик и осигурување;
2) законска регулатива од областа на осигурувањето;
3) трговско и облигационо право;
4) посредување во осигурување и етички кодекс;
5) осигурување на живот;
6) неживотно осигурување;
7) финансиски аспекти на работењето;
8) снимање на ризик и посредување при реализирање на штети и
9) реосигурување.

(4) Вториот дел од стручниот испит за брокер се состои од:

1) практичен пример;
2) прашања кои кандидатот треба да ги одговори врз основа на практичниот пример и/или
3) задачи кои кандидатот треба да ги реши врз основа на практичниот пример.

(5) Агенцијата за супервизија на осигурување ја утврдува и објавува на веб страницата деталната содржина на секој од предметите од првиот дел од стручниот испит за брокер согласно со ставот (3) на овој член.
(6) Агенцијата за супервизија на осигурување пропишува по кои предмети од првиот дел од стручниот испит за брокер се полага втор дел согласно со ставот (4) на овој член.

Член 154-ч

(1) Стручниот испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето (во натамошниот текст: стручен испит за застапник) состои од два дела, и тоа:

1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

(2) Првиот дел од стручниот испит за застапник се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
(3) Првиот дел од стручниот испит за застапник се полага по предметите:

1) основи на управување со ризик и осигурување;

2) законска регулатива од областа на осигурувањето;
3) трговско и облигационо право;
4) застапување во осигурување и етички кодекс;
5) осигурување на живот и
6) неживотно осигурување;

(4) Вториот дел од стручниот испит за застапник се состои од:
1) практичен пример;
2) прашања кои кандидатот треба да ги одговори врз основа на практичниот пример и/или
3) задачи кои кандидатот треба да ги реши врз основа на практичниот пример.

(5) Агенцијата за супервизија на осигурување ја утврдува и објавува на веб страницата деталната содржина на секој од предметите од првиот дел од стручниот испит за застапник согласно со ставот (3) на овој член.

(6) Агенцијата за супервизија на осигурување пропишува на кои предмети од первиот дел од стручниот испит за застапник се полага втор дел согласно со ставот (4) на овој член.

Член 154-џ

(1) Првиот дел од испитот се полага по секој од предметите наведени во членот 154-ц став (3) и 154-ч став (3) од овој закон со пет опции за заокружување од кои едната е точна, две се слични и две не се точни.

(2) Кандидатот кој не го положил испитот од стручниот испит за брокер, односно стручниот испит за застапник со првото полагање има право на две повторни полагања на испитот во рок од шест месеци од денот на завршувањето на обуката.

(3) Кандидатот кој три пати едноподруго не го положил испитот од стручниот испит за брокер, односно стручниот испит за застапник, го губи правото за повторно полагање на испитот предвиден со обуката.

(4) Бројот и тежината на прашањата од првиот дел од стручниот испит за брокер, односно стручниот испит за застапник го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 154-ш

(1)Стручен испит за добивање лиценца за осигурителен брокер можат да полагаат лица кои ги исполнуваат условите од член 138 од овој закон.

(2)Стручен испит за добивање лиценца за застапник во осигурување можат да полагаат лица кои ги исполнуваат условите од член 134-в од овој закон.

(3)Одредбите од членовите 154-г, 154-д, 154-ѓ, 154-е, 154-ж, 154-з, 154-ѕ, 154-и, 154-ј, 154-к, 154-л, 154-љ, 154-м, 154-н, 154-њ, 154-о, 154-п, 154-р, 154-с, 154-т, 154-ќ, 154-у, 154-ф и 154-х од овој закон соодветно се применуваат и на стручниот испит за вршење осигурително брокерски работи и стручниот испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето.

Осигурително брокерски друштва од земји членки

Член 155

(1) Осигурително брокерско друштво од земја членка е правно лице со седиште во земја членка кое има дозвола за вршење на осигурителни брокерски работи од соодветен надлежен орган на таа земја.

(2) Осигурително брокерско друштво од земја членка може да врши осигурителни брокерски работи во Република Македонија, преку филијали или директно.

(3) Одредбите од членовите 135 до 144 и 151 на овој закон соодветно се применуваат на осигурително брокерски друштва од ставот (1) на овој член на осигурителните брокерски работи кои друштвото ги врши на територијата на Република Македонија.

Започнување со вршење осигурително брокерски работи од осигурително брокерски друштва од земји членки

Член 156

(1) Осигурително брокерско друштво од членот 155 став (1) на овој закон кое има намера да врши осигурително брокерски работи на територијата на Република Македонија е должно за својата намера да го извести надлежниот орган за супервизија на земјата членка во која

друштвото има седиште.
(2) Надлежниот орган за супервизија од ставот (1) на овој член е должен во рок од еден месец да го поднесе известувањето од ставот (1) на овој член до Агенцијата за супервизија на осигурување.
(3) Осигурителното брокерско друштво може да почне да врши осигурителни брокерски работи на територијата на Република Македонија во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето од надлежниот орган за супервизија на земјата членка согласно со ставот (2) од овој член.
(4) Одредбите од овој член соодветно се применуваат и на вршење осигурително брокерски работи од страна на осигурителни брокери - физички лица во Република Македонија.
(5) Надлежните органи на земјите членки се должни меѓусебно да разменуваат податоци и информации кои се однесуваат на осигурителните брокери и осигурителните брокерски друштва, посебно во случаи кога против нив се одредени мерки поради непочитување на прописите на државата во која вршат осигурителни брокерски работи.

Вршење осигурително брокерски работи во земји членки
Член 156-а
(1) Осигурително брокерско друштво кое има дозвола за вршење осигурителни брокерски работи може да врши осигурителни брокерски работи на територијата на земја членка, преку филијала или директно, доколку ги исполнува условите предвидени со прописите на таа земја членка.
(2) Осигурително брокерско друштво кое има намера да започне да врши осигурителни брокерски работи на територијата на земја членка е должно за својата намера да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување.
(3) На барање на надлежниот орган на супервизија од земјата членка, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна во рок од еден месец да го поднесе известувањето од ставот (2) на овој член до надлежниот орган на супервизија на земјата членка и за тоа да го извести осигурителното брокерско друштво.
(4) Осигурителното брокерско друштво може да почне да врши осигурителни брокерски работи на територијата на земјата членка во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето од Агенцијата за супервизија на осигурување од ставот (3) на овој член. Осигурителното брокерско друштво може веднаш да почне да врши осигурителни брокерски работи на територијата на земјата членка доколку надлежниот орган за супервизија од земјата членка не побара известување од ставот (2) на овој член.

Филијала на странско осигурително брокерско друштво
Член 157
(1) Странско осигурително брокерско друштво, на територијата на Република Македонија, може да врши осигурително брокерски работи исклучиво преку филијала.
2) Одредбите од оваа глава освен членовите 155 и 156 од овој закон, се применуваат на странско осигурително брокерско друштво кое основа филијала на територијата на Република Македонија.

Дозвола за основање филијала
Член 158
Одредбите на ставовите од 2 до 4 од членот 19 и членовите 64 и 145 на овој закон, ќе се применуваат на издавање и одземање дозвола за основање на филијала од ставот 1 од членот 157 на овој закон.

ДЕЛ ДЕСЕТТИ-А
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕТО
Глава 1
Статус на Агенцијата за супервизија на осигурувањето

Статус на Агенцијата за супервизија на осигурување
Член 158-а
(1) Агенција за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенција) се основа како

самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени во овој закон.
(2) Агенцијата во рамките на своите надлежности и овластувања се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување со цел за заштита на правата на сопствениците и корисниците на осигурување.
(3) Агенцијата стекнува својство на правно лице со упис во регистарот на други правни лица што се води во Централниот регистар на Република Македонија.
(4) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.
(5) Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија.

Надлежности на Агенцијата
Член 158-б

(1) Агенцијата ги има следниве надлежности:
1) спроведува супервизија на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурителните брокери, застапниците во осигурувањето и Националното биро за осигурување;
2) издава и одзема дозволи, согласности и лиценци врз основа на овој закон и другите закони во нејзина надлежност;
3) изрекува мерки на супервизија согласно со закон;
4) донесува подзаконски акти за спроведување на овој закон и другите закони во нејзина надлежност и други акти во насока на пропишување на услови, начин и процедури за спроведување на супервизијата;
5) дава предлози за донесување на закони од областа на осигурувањето;
6) членува во органите на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори и во органите на Европскиот совет на осигурителни супервизори и супервизорски органи на доброволното пензиско осигурување;
7) соработува со други надлежни супервизорски институции на финансискиот пазар во Република Македонија;
8) го поттикнува развојот на осигурувањето во Република Македонија;
9) ја развива свеста на јавноста за улогата на осигурувањето и улогата на супервизијата на осигурувањето;
10) врши надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам и
11) врши други работи согласно со закон.
(2) Подзаконските акти кои ги донесува Агенцијата се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

Статут на Агенцијата
Член 158-в

Агенцијата донесува Статут со кој се уредува внатрешната организација, управувањето и раководењето, постапките за донесување на акти, како и други прашања од значење за работењето на Агенцијата.

Одговорност на Агенцијата
Член 158-г

(1) Агенцијата не одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во кварталните и годишните извештаи на друштвата за осигурување доставени до Агенцијата и до јавноста.
(2) Членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата не одговараат за штетата што настанала во работењето под услов лицето да дејствувало чесно и совесно.
(3) Штетата предизвикана поради незаконско работење на член на Советот на експерти или лице вработено во Агенцијата се надоместува од средствата на Агенцијата, според општите прописи за надоместок на штета.
(4) Во случај на судски спор во кој е тужен член на Советот на експерти или вработен во Агенцијата поради извршување на неговите службени должности, Агенцијата обезбедува правно застапување и ги покрива трошоците на одбраната.
(5) Ако со правосилна судска пресуда е утврдено дека член на Советот на експерти или

вработен во Агенцијата, со умисла или од небрежност извршил повреда на работните задачи:
1) членот на Советот на експерти или вработениот е должен да і ги надомести на Агенцијата трошоците од ставот (4) на овој член и
2) не се применува ставот (3) од овој член, односно членот на Советот на експерти или вработениот се одговорни за настанатата штета.

Глава 2
Органи на Агенцијата

Орган на Агенцијата
Член 158-д
Орган на Агенцијата е Советот на експерти.

Совет на експерти
Член 158-ѓ
(1) Советот на експерти на Агенцијата е составен од пет члена од кои еден е претседател.
(2) Претседателот на Советот на експерти раководи со Агенцијата и ја застапува во односите со трети лица.
(3) Претседателот и четирите члена на Советот на експерти на Агенцијата ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија.
(4) Мандатот на членовите на Советот на експерти е пет години, со можност за реизбор.
(5) По исклучок од ставот (4) на овој член во првиот мандат на конституирање на Советот на експерти претседателот и еден член се именуваат на пет години, два члена се именуваат на четири години, а еден член се именува на три години. Кој од членовите ќе биде именуван на пет, четири или три години одлучува Собранието на Република Македонија врз основа на предлогот од Владата на Република Македонија од ставот (3) на овој член.
(6) Членовите на Советот на експерти можат да бидат разрешени од страна на Собранието на Република Македонија и пред истекот на мандатот, само во случај на исполнување на најмалку еден од условите предвидени во членот 158-з од овој закон.
(7) Кога некој член на Советот на експерти ќе престане да ја врши должноста пред истекот на мандатот, на негово место се именува друго лице со мандат до истекот на мандатот на членот на кој му престанува вршењето на должноста.
(8) Претседателот и најмалку двајца членови на Советот кои врз основа на предлогот од Владата на Република Македонија од ставот (3) на овој член ги определува Собранието на Република Македонија, се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно време и не можат да имаат друга функција и да бидат вработени на друго работно место или да добиваат друг надоместок освен плата и други додатоци на плата, согласно со Законот за работните односи и колективниот договор, како и надоместоци од повремени едукативни и авторски хонорари.

Услови за избор на членовите на Советот на експерти
Член 158-е
(1) Членовите на Советот на експерти на Агенцијата се избираат по пат на јавен оглас објавен во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
(2) За член на Советот на експерти на Агенцијата може да се избере лице кое ги исполнува следниве услови:
1) да е државјанин на Република Македонија;
2) да има завршено високо образование;
3) да е признат експерт во областа на осигурувањето, финансиите или трговското право и да има најмалку пет години работно искуство во областа на осигурувањето или финансиите;
4) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен или
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и

5) да има положено психолошки тест и тест за интегритет.

(3) За член на Советот на експерти на Агенцијата не може да се именува лице:

1)**Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 130/2011 од 02.05.2012 година.**

2) **Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр. 130/2011 од 02.05.2012 година.**

3) кое е функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа;

4) кое е член на орган на управување, надзорен орган или лице вработено во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво или друго правно лице над кое супервизија спроведува Агенцијата;

5) кое е акционер во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво, друштво за застапување во осигурувањето или друго правно лице над кое супервизија спроведува Агенцијата;

6) кое е член на органи на политичка партиј а и

7) кое е пратеник или лице кое врши друга должност на која е именуван од Владата или Собранието на Република Македонија.

(4) Претседателот и членовите на Советот на експерти се должни својата работа да ја извршуваат професионално и на начин на кој нема да ја доведуваат во прашање независноста и самостој носта на Агенциј ата.

(5) Каков било облик на влијание врз работењето на Советот на експерти кој би можел да влијае врз независноста и самостојноста на Агенцијата е забранет.

(6) Вработените во Агенцијата не смеат да бидат членови на органи на друштвата за осигурување или други правни лица врз кои Агенцијата врши супервизија и не смеат да вршат поединечни задачи за тие правни лица.

Права на претседателот, членовите на Советот на експерти и вработените

Член 158-ж

(1) За време на вршењето на својата должност, претседателот и членовите на Советот на експерти кои се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно време имаат право на плата, додатоци на плата и други надоместоци согласно со Законот за работните односи и колективниот договор.

(2) Членовите на Советот на експерти кои не се професионално ангажирани во Агенцијата имаат право на месечен надоместок и надоместок на други трошоци утврдени со Статутот и другите акти на Агенцијата.

(3) Средствата за плата, додатоци на плата, месечен надоместок и другите надоместоци на претседателот и членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата се обезбедуваат од средствата на Агенцијата утврдени со годишниот финансиски план и истите мора да се во висина приближна со платите во финансискиот сектор во Република Македонија, вклучувајќи ги платите во друштвата за осигурување.

(4) Вработените во Агенцијата, освен претседателот и
членовите на Советот на експерти, кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници.

(5) Претседателот, членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата имаат право да вршат стручни и научни работи, како и да учествуваат во работата на стручни или научни здруженија.

(6) Претседателот и членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата за време на траењето на нивниот мандат, односно работен однос не смеат да примаат никакви надоместоци или плаќања, да прифаќаат функција или вработување или да даваат какви било услуги на субјектите врз кои спроведуваат супервизија, како и лицата кои со нив се поврзани согласно со овој закон.

(7) За прашања кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници во Агенцијата, а кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници.

(8) Вработените во Агенцијата кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-техички персонал.

(9) На помошно-техичкиот персонал во Агенцијата ќе се применуваат општите прописи за работни односи.
(10) Начинот на утврдување на основната плата и на додатоците на плата на вработените во Агенцијата се уредува со колективен договор, а вредноста на бодот на основната плата ја уредува Советот на експерти.

Разрешување на членовите на Советот на експерти на Агенцијата
Член 158-з

Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија може пред истекот на мандатот за кој е именуван, да разреши член на Советот на експерти или претседателот на Советот, ако:
1) самиот го побара тоа;
2) ја загуби работната способност;
3) ја прекрши обврската за заштита на доверливите податоци од членот 158-л на овој закон;
4) неоправдано отсуствувал од три седници на Советот последователно или неоправдано отсуствувал вкупно од пет седници во текот на една година и
5) доколку повеќе не ги исполнува условите од членот 158-е ставови (2) и (3) на овој закон.

Надлежности на Советот на експерти
Член 158-s

Советот на експерти на Агенцијата:
1) донесува подзаконски акти за спроведување на овој закон и другите закони во нејзина надлежност и други акти во насока на пропишување на услови, начин и процедури за спроведување на супервизијата;
2) одлучува за издавање или одземање на дозволи, давање или повлекување на согласности, отстранување на незаконитости од спроведени супервизии и други поединечни прашања за кои, согласно со закон, одлуките ги донесува Агенцијата, освен ако поинаку не е пропишано во овој закон;
3) изрекува мерки спрема друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување и други правни и физички лица врз кои согласно со закон, супервизија спроведува Агенцијата;
4) презема други мерки за спроведување на овој закон и другите прописи кои се во нејзина надлежност;
5) донесува Статут на Агенцијата;
6) донесува финансиски извештаи и финансиски план на Агенцијата;
7) донесува Тарифник;
8) донесува извештаи за состојбата на пазарот на осигурување и годишни извештаи за работењето на Агенцијата;
9) донесува годишни планови за работа на Агенцијата и
10) врши други работи утврдени со закон и статут.

Одлучување на Советот на експерти во врска со донесувањето прописи
Член 158-и

(1) Советот на експерти одлучува на седници.
(2) Советот на експерти може да донесува одлуки од негова надлежност доколку на седницата се присутни мнозинството од неговите членови.
(3) Одлуките на Советот на експерти се донесени доколку за истите гласале мнозинство од присутните членови на седницата, со тоа што претседателот и членовите на Советот на експерти не можат да се воздржат од гласање.

Членот 158-ј и 158-к се брише (Службен весник на Република Македонија бр. 88/08)

Заштита на доверливи податоци
Член 158-л

(1) Членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата се обврзани да ги чуваат како доверливи податоците кои се однесуваат на субјектите врз кои Агенцијата врши супервизија и другите податоци поврзани со фактите и околностите што ги дознале во текот

на извршувањето на својата работа, со исклучок на податоците кои, според одредбите на овој закон, се јавни. Обврската за заштита на доверливи податоци постои и по истекот на нивната функција или вработување.
(2) Податоците добиени во текот на работењето во Агенцијата, може да им бидат обелоденети само на:
1) вработените на Агенцијата и членовите на Советот на експерти заради извршување на нивните службени обврски;
2) други органи надлежни за супервизија на финансиските институции во Република Македонија, под услов Меморандумот за разбирање да овозможува обелоденување на таквите податоци;
3) органи и институции за спроведување на законите;
4) надлежен суд и
5) осигурителни супервизори од други земји согласно со меморандумите за разбирање или меѓународните договори.

Глава 3
Средства за работа

Средства за работа на Агенцијата
Член 158-љ

(1) Работењето на Агенцијата согласно со овој закон, се финансира од надоместоци што Агенцијата ги наплатува од друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и другите лица врз кои супервизија спроведува Агенцијата, вклучувајќи ги следниве:
1) годишен надоместок за спроведување супервизија на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурувањето во износ најмногу до 0,8% од вкупната годишна бруто премија на друштвата за осигурување, односно вкупниот годишен приход од провизии на осигурително брокерските друштва и друштва за застапување во осигурувањето ;
2) надоместоци за давање на дозволи за вршење на работи на осигурување и други дозволи на овој закон;
3) надоместоци за давање на дозволи за вршење на осигурителни брокерски работи и работи на застапување во осигурувањето;
4) надоместоци за давање на лиценци за осигурителен брокер и застапник во осигурувањето;
5) надоместоци за давање на дозволи за вршење на работи на овластен актуар;
6) надоместоци за давање на согласности на овој закон;
7) надоместоци за спроведување на обуки и испити согласно со членовите 154-х и 154-ш од овој закон и
8) донации, заеми и друга финансиска и техничка помош.
(2) Агенцијата донесува Тарифник со кој се утврдуваат содржината и висината на надоместоците и давачките од ставот (1) на овој член. Тарифникот се објавува во "Службен весник на Република Македонија".
(3) Висината на надоместоците утврдени со Тарифникот треба да соодветствува со реалните трошоци потребни за извршување на услугите на Агенцијата.
(4) Агенцијата ќе ги пропише начинот и роковите за уплата на надоместоците од ставот (1) на овој член.
(5) Друштвата за осигурување и другите лица врз кои супервизија спроведува Агенцијата се должни да ги уплаќаат надоместоците од ставот (1) на овој член на посебна сметка на Агенцијата согласно со Тарифникот од ставот (2) на овој член.
(6) Ако друштвото за осигурување не го плати надоместокот во рокот пропишан од Агенцијата, Агенцијата со решение ќе изврши присилна наплата на надоместокот од страна на друштвото за осигурување, согласно со прописите за извршување.

Резервен фонд на Агенцијата
Член 158-м

Доколку во текот на претходната деловна година Агенцијата оствари вишок приходи над

остварените трошоци, остварениот вишок на средства се распределува во резервен фонд на Агенцијата.

Покривање на загуба
Член 158-н

Доколку во текот на претходната деловна година Агенцијата направи повеќе трошоци во однос на остварените приходи, недостигот на средства се надоместува од Резервниот фонд на Агенцијата.

Финансиски извештаи и финансиски план на Агенцијата
Член 158-њ

(1) Советот на експерти е должен најдоцна до 30 јуни во тековната година да достави до Собранието на Република Македонија финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор.
(2) Советот на експерти е должен најдоцна до 31 декември во тековната година да достави до Собранието на Република Македонија финансиски план за наредната година.
(3) Собранието на Република Македонија ги усвојува финансиските извештаи за претходната година и финансискиот план.

Извештај за состојбата на пазарот на осигурување
Член 158-о

(1) Агенцијата подготвува годишен извештај за состојбата и движењата на пазарот на осигурување и ги доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.
(2) Извештајот од ставот (1) на овој член мора да содржи податоци за обемот на извршените работи на осигурување по класи на осигурување.
(3) Агенцијата е должна да го поднесе извештајот од ставот (1) на овој член до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната деловна година.
(4) Агенцијата во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на извештајот од ставот (1) на овој член, истиот го објавува на својата веб страница.

Годишен извештај
Член 158-п

(1) Агенцијата подготвува годишен извештај за своето работење и го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.
(2) Извештајот од ставот (1) на овој член мора да содржи податоци за изречените мерки на супервизија што ги презема Агенцијата во согласност со извршените постапки за супервизија, дадените и одземените дозволи за вршење на работи на осигурување и други дозволи и согласности дадени од Агенцијата, како и податоци за соработката на Агенцијата со други домашни и странски супервизорски органи.
(3) Агенцијата е должна да го поднесе извештајот од ставот (1) на овој член до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 јуни од тековната година за претходната деловна година.
(4) Агенцијата во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на извештајот од ставот (1) на овој член, истиот го објавува на својата веб страница."

XI. СУПЕРВИЗИЈА НА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
Глава 1
ОПШТИ ОДРЕДБИ
Супервизија на друштвата за осигурување
Член 159

(1) Агенцијата спроведува супервизија на друштвата за осигурување со цел да утврди дали вршењето на работи на осигурување е согласно со правилата за управување со ризик, другите одредби од овој закон, или други закони кои го регулираат работењето на друштвата за осигурување.
(2) Агенцијата, исто така спроведува супервизија на правните лица кои се поврзани лица со друштвото за осигурување, доколку тоа е неопходно за спроведување на супервизијата на

друштвото за осигурување.
(3) Доколку спроведувањето на супервизијата на правно лице од ставот 2 на овој член е во надлежност на некој друг орган за супервизија, супервизијата на тоа правно лице ќе ја спроведува и Агенцијата, во соработка со соодветниот надлежен орган за супервизија.
(4) Доколку друштвото за осигурување врши работи на осигурување предвидени во точката 18 од членот 5 на овој закон, Агенцијата ќе спроведува супервизија и на техничките квалификации на лицата кои укажуваат туристичка помош.

Спроведување на супервизија
Член 160

(1) Супервизијата од членот 159 на овој закон, Агенцијата ја спроведува преку:
1) перманентна вонтеренска супервизија на работењето на друштвата за осигурување преку прибирање, анализирање и верифицирање на извештаите и информациите кои ги доставуваат друштвата за осигурување и други лица, согласно со одредбите од овој закон;
2) теренска (целосна или делумна) супервизија на работењето на друштвото за осигурување (контрола), како и дополнителна супервизија секогаш кога ќе се оцени дека тоа е во интерес и за заштита на правата на осигурениците и
3) одредување мерки на супервизија во согласност со одредбите на овој закон.
(2) При спроведување на супервизијата на друштвото за осигурување, Агенцијата може да бара:
1) друштвото за осигурување да обезбеди извештаи и информации за работењето на друштвото;
2) извештај за извршената ревизија и дополнителни информации кои произлегуваат од истата и
3) статистички и други податоци по групи и класи на осигурување и реосигурување, како и вонредни прегледи за работењето на друштвото за осигурување.
(3) При спроведување на супервизијата, друштвото за осигурување е должно на овластените работници да им ја даде на увид целокупната документација на друштвото. Овластените работници можат да задржат и изнесат само копии од документите на друштвото за осигурување.
(4) Агенцијата може да спроведе супервизија на друштвата за осигурување со или без претходна најава, по своја оцена и како дел од редовното работење на Агенцијата.

Членовите 161 и 162 се бришат (Службен весник на Република Македонија бр. 79/07)

Глава 2
Известување
Редовно известување и известување на барање на Агенцијата
Член 163

(1) Друштвата за осигурување се должни да ја известуваат Агенцијата за:
1) промена на податоците внесени во трговскиот регистар;
2) свикување на собранието на акционери, како и сите заклучоци усвоени на истото;
3) план за отворање, трансфер, затворање или привремена поделба на филијала или претставништво во земјата или во земја членка, или промена на видот на активности кои ги врши филијалата;
4) капитални вложувања на друштвото за осигурување кај друго правно лице кои изнесуваат помалку од 10% од капиталот на друштвото за осигурување, како и секое натамошно вложување во тоа правно лице;
5) престанок на вршење на работи на осигурување за одделни класи;
6) промена во сопственичката структура на акциите со право на управување, освен во случаите од членот 66 став 3 на овој закон за кои е потребна согласност;
7) постои основа за престанок на друштвото за осигурување или одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување;
8) промена на седиштето на друштвото за осигурување;
9) измена на Актите на деловната политика во однос на класите на осигурување наведени во членот 5 точки 2 и 10 од овој закон;
10) воведување на нови производи;

11) разрешување и именување на членови на орган на управување;
12) разрешување на овластен актуар;
13) промена на внатрешен ревизор;
14) промени во тарифи на премии и услови за осигурување, како и техничките основи кои се користат за нивно утврдување и
15) субјектите кои ги вршат работите од членовите 133 став (2) и 135 став (2) на овој закон.
(2) Органот на управување на друштвото за осигурување е должен веднаш писмено да ја извести Агенцијата, доколку:
1) е загрозена ликвидноста или солвентноста на друштвото;
2) постојат причини за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување или за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување во одделна класа на осигурување и
3) финансиската состојба на друштвото за осигурување се променила со што друштвото за осигурување повеќе не го обезбедува потребното ниво на маргината на солвентност согласно со членовите 75 или 76 од овој закон.
(3) Друштвото за осигурување е должно да ја извести Агенцијата за дејствијата од ставот 1 на овој член, во рок од пет работни дена од денот на нивното преземање.
(4) Друштвото за осигурување е должно на барање на Агенцијата да достави и други информации и документи потребни за спроведување супервизија врз работењето на друштвото, односно вршење на други надлежности од страна на Агенцијата.
(5) Агенцијата ја пропишува содржината на известувањата од ставот (1) на овој член.

Глава 3
Мерки на супервизија
1. Општи одредби Мерки на супервизија
Член 164

Мерки на супервизија на друштвата за осигурување согласно со овој закон, се следниве:
1) наредба за отстранување на незаконитостите;
2) одредување на дополнителни мерки;
3) одземање на дозволата;
4) посебна управа;
5) поднесување на предлог за покренување на прекршочна постапка, односно изрекување на прекршочна санкција;
6) спроведување ликвидација на друштвото за осигурување и
7) поднесување предлог за отворање стечајна постапка на друштвото за осигурување.

2. Отстранување на незаконитостите
Наредба за отстранување на незаконитостите
Член 165

(1) Агенцијата ќе донесе наредба за отстранување на незаконитостите, доколку во текот на спроведувањето на супервизијата на друштвото за осигурување се утврди дека:
1) лице врши функција на член на орган на управување на друштвото за осигурување без согласност од членот 24 на овој закон;
2) друштвото за осигурување повеќе не ги исполнува условите за вршење на работи на осигурување;
3) друштвото за осигурување врши работи кои, не смее да ги извршува согласно со овој закон;
4) друштвото за осигурување работи спротивно на правилата за управување со ризик;
5) друштвото за осигурување врши работи на осигурување спротивно на прописите за водење на сметководствената и деловната евиденција, за внатрешна ревизија, или ревизија на финансиските извештаи и годишните извештаи;
6) друштвото за осигурување не ги исполнува обврските за доставување на извештаи и други податоци согласно со овој закон;
7) друштвото за осигурување врши работи на осигурување спротивно на актите на деловната политика;
8) врши работи во класи на осигурување што не се наведени во дозволата за вршење на

работи на осигурување согласно со членот 33 од овој закон;
9)друштвото за осигурување ги прекршува правилата при назначување на овластен актуар;
10) бројот на членови на органот на управување се намалил под минималниот број утврден со Законот за трговските друштва, а друштвото за осигурување подолго од 60 дена не поднело барање за добивање согласност за член на орган на управување за друго лице и
11) друштвото за осигурување не ги почитува другите одредби од овој закон, или другите закони со кои се регулира работењето на друштвата за осигурување.
(2) Во наредбата од ставот 1 на овој член, ќе се определи рок за отстранување на незаконитостите кој не може да биде пократок од осум и подолг од 120 дена од денот на доставувањето на наредбата.

Извештај за отстранување на незаконитостите
Член 166

(1) Друштвото за осигурување е должно во определениот рок од ставот 2 на членот 165 од овој закон, да ги отстрани утврдените незаконитости и за тоа да достави извештај до Агенцијата. Извештајот ќе содржи појаснување на преземените мерки и ќе биде придружен со доказна документација за отстранетите
незаконитостите.
(2) Доколку од поднесениот извештај од ставот 1 на овој член, се утврди дека незаконитостите се отстранети, Агенцијата ќе донесе решение со кое претходно донесената наредба се става вон сила и ќе констатира дека незаконитостите се отстранети. Агенцијата може, пред донесување на решението, да изврши делумна супервизија на работењето на друштвото за осигурување.
(3) Агенцијата ќе донесе решение согласно со ставот 2 од овој член, во период од 30 дена од денот на приемот на извештајот за отстранување на незаконитостите. Во спротивно, ќе се смета дека незаконитостите биле отстранети.

Одредување на дополнителни мерки
Член 167

(1) Доколку, при спроведување на супервизијата се утврди дека друштвото за осигурување работи спротивно на правилата за управување со ризик, Агенцијата со донесување на наредбата за отстранување на незаконитостите од ставот 1 на членот 165 од овој закон, ќе ги одреди следниве дополнителни мерки:
1) ќе наложи на органот на управување на друштвото за осигурување да донесе план со мерки за обезбедување на потребното ниво на маргината на солвентност на друштвото за осигурување односно потребното ниво на гарантен фонд;
2) ќе наложи на органот на управување и надзорниот орган на друштвото за осигурување да свикаат Собрание на акционери на кое ќе се предложи донесување на соодветни решенија, и тоа:
- решение за зголемување на акционерскиот капитал на друштвото за осигурување преку нова емисија на акции;
- решение за зголемување на акционерскиот капитал на друштвото за осигурување преку добивка;
3) ќе изрече забрана друштвото за осигурување да склучува нови договори за осигурување;
4) ќе ја ограничи висината на ризикот до кој друштвото може да склучува договори за осигурување;
5) ќе изрече забрана друштвото за осигурување да врши одредени видови на плаќања и/или да реализира плаќања на одредени субјекти;
6) ќе изрече забрана друштвото за осигурување да извршува трансакции со поединечни акционери, членови на органот на управување или надзорниот орган, поврзани лица или инвестициони фондови со кои управува друштво кое е поврзано лице со друштвото за осигурување;
7) ќе наложи органот на управување на друштвото за осигурување да преземе мерки за:
- подобрување на управувањето со ризикот;
- промена на вршење на работи на осигурување во одредени класи на осигурување;
- ограничување во давањето заеми;
- зголемување на ефикасноста за наплата на пристигнатите побарувања на друштвото за

осигурување;
- соодветно вреднување на ставките од деловните биланси и вонбилансните ставки;
- подобрување на сметководствено - информатичкиот систем;
- зголемена ефикасност на внатрешна контрола и внатрешна ревизија;
- други мерки потребни за примена на правилата за управување со ризик;
8) ќе изрече забрана друштвото за осигурување слободно да ги користи средствата на друштвото и
9) ќе му наложи на друштвото за осигурување да разреши некој член или неколку членови на органот на управување и да именува нови.
(2) Друштвото за осигурување ќе се смета дека работи спротивно на правилата за управување со ризик, доколку:
1) не го обезбедува потребното ниво на маргина на солвентност согласно со членот 75 или 76 од овој закон, не прифати мерки за обезбедување на потребното ниво на маргина на солвентност од членот 106 на овој закон, односно доколку не достигне минимална ликвидност согласно со членот 74 точка 8 од овој закон;
2) не ја одржува вредноста на акционерскиот капитал односно не ја одржува вредноста на гарантниот фонд од членот 77 на овој закон.
3) не ги реосигурува обврските од договорите за осигурување над износот на максимално покритие согласно со членот 99 став (1) од овој закон;
4) не го организира работењето или пак редовно не води трговските книги, сметководствени документи и други административни и деловни податоци на начин, кој овозможува во било кое време да се утврди дали друштвото за осигурување работи во согласност со правилата за управување со ризик;
5) не донесе мерки за соодветно вреднување на ставките од деловните биланси и вонбилансните ставки, или ако вреднувањето е спротивно на одредбите од овој закон или прописите донесени врз основа на истиот;
6) го вложува капиталот спротивно на членот 73 од овој закон;
7) врши работи кои не смее да ги врши согласно со овој закон;
8) работи спротивно на одредбите на членовите 86 до 98 од овој закон;
9) исплаќа дивиденда спротивно на членот 105 од овој закон;
10) не ги исполнува обврските за навремено и соодветно известување на Агенцијата за супервизија на осигурување, согласно со овој закон;
11) врши неточно прикажување на финансиската состојба на друштвото за осигурување преку извршување на фиктивни трансакции;
12) врши работи со кои се загрозува ликвидноста или солвентноста на друштвото за осигурување и
13) работи спротивно на одредбите од членовите од 49 до 52, или членот 145 на овој закон.
(3) Агенцијата ќе му наложи на надзорниот орган на друштвото за осигурување да разреши некој член или неколку членови на органот на управување и да именува нов член или неколку нови членови на органот на управување, доколку друштвото за осигурување постојано ги нарушува обврските за навремено и соодветно известување или обезбедување податоци до Агенцијата или ако го попречува спроведувањето на супервизијата на било кој друг начин.
(4) Доколку Агенцијата наложи друштвото за осигурување да преземе дополнителни мерки од ставот 1 на овој член, извештајот од ставот 1 на членот 166 од овој закон; ќе содржи и појаснување и доказна документација за спроведените дополнителни мерки.

3. Одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување

Причини за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување

Член 168

(1) Агенцијата ќе донесе решение за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување на друштвото за осигурување, доколку:
1) дозволата ја добило со наведување на невистинити податоци;
2) друштвото не поднесе извештај за отстранување на незаконитостите согласно со ставот 1 од членот 166 на овој закон;
3) од поднесениот извештај од ставот 1 од членот 166 на овој закон или од спроведената

делумна супервизија од ставот 2 од членот 166 на овој закон се утврди дека утврдените незаконитости не се отстранети или не се спроведени дополнителните мерки;
4) изврши измени без да добие согласност, согласно со членот 66 од овој закон;
5) бројот на членови на органот на управување се намалил под минималниот број утврден со Законот за трговските друштва, а друштвото за осигурување не добило согласност за член на орган на управување подолго од шест месеци;
6) од извештајот на посебната управа од членот 168-д став (2) од овој закон Агенцијата процени дека финансиската состојба на друштвото не се подобрила;
7) одбие да соработува со Агенцијата при вршење на теренската и вонтеренската супервизија и не ја даде на увид целокупната документација согласно со членот 160 од овој закон и
8) се докаже дека друштвото учествува во преземање на дејствија за перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.
(2) По исклучок на одредбите од ставот 1 на овој член, Агенцијата ќе донесе решение за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување во рамките на одделни класи на осигурување, доколку причините од ставот 1 на овој член се однесуваат само на вршење на работи на осигурување во рамките на тие класи на осигурување.
(3) По донесување на решението од ставот 1 на овој член, друштвото за осигурување престанува со вршење на работи на осигурување.

Членот 168-а се брише (Службен весник на Република Македонија бр. 44/11)

Посебна управа
Член 168-б

(1) Агенцијата ќе донесе одлука за воведување на посебна управа над друштво за осигурување во следниве случаи:
1) ако на друштвото за осигурување му се одредени дополнителни мерки од членот 167 ставови (1) и (3) на овој закон, а друштвото за осигурување во роковите определени од Агенцијата не започнало нивно спроведување, односно не ги спровело;
2) ако друштвото за осигурување, и покрај спроведените дополнителни мерки сепак не го обезбедило потребното ниво на маргина на солвентност согласно со членот 75 или 76 од овој закон и
3) ако натамошното работење на друштвото би можело да ја загрози ликвидноста и солвентноста на друштвото, односно сигурноста на осигурениците.
(2) Со одлуката за воведување на посебна управа Агенцијата ќе одреди рок на траење на посебната управа.
(3) Со одлуката за воведување на посебна управа Агенцијата ќе определи два или повеќе посебни управители како членови на посебната управа на друштвото за осигурување со поединечни надлежности во рамките на посебната управа.
(4) Одлуката за воведување на посебна управа се запишува во Централниот регистар на Република Македонија заедно со соодветната промена на лицата овластени за застапување на друштвото за осигурување.
(5) Предлог за упис на податоците од ставот (4) на овој член во Централниот регистар на Република Македонија се поднесува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката за воведување на посебна управа од страна на Агенцијата. Кон предлогот за упис задолжително се поднесува и одлуката на Агенцијата.

Правни последици на посебна управа
Член 168-в

(1) За време на траење на посебната управа надлежностите на надзорниот одбор ги презема Агенцијата.
(2) По исклучок на ставот (1) од овој член, Агенцијата има право да им дава на посебните управители упатства кои се задолжителни за управителите.
(3) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на членовите на органот на управување се однесуваат и на посебните управители, освен доколку Агенцијата поинаку не одреди.
(4) Со денот на донесувањето на одлуката за воведување посебна управа над друштво за осигурување, престануваат сите надлежности на органот на управување, надзорниот орган и

Собранието, освен надлежностите од членот 168-ѓ на овој закон.

Овластувања за време на траење на посебна управа
Член 168-г

(1) Членовите на органот на управување се должни на посебната управа да и овозможат пристап до целокупната документација на друштвото за осигурување, како и да подготват извештај за примопредавање на работите.
(2) Членовите на органот на управување се должни на посебната управа или на поединечен посебен управител да му ги дадат сите потребни објаснувања, односно дополнителни известувања за работењето на друштвото за осигурување.
(3) Посебниот управител има право да отстрани лице кое му оневозможува спроведување на работењето, а во зависност од околностите може да побара и помош од надлежниот орган за внатрешни работи.

Извештаи на посебната управа
Член 168-д

(1) Посебната управа е должна најмалку еднаш на три месеца да достави до Агенцијата за супервизија на осигурување извештај за финансиската состојба на друштвото за осигрување над кое е воспоставена посебна управа.
(2) Посебната управа е должна во рок од девет месеца од денот на нејзиното именување да достави до Агенцијата извештај за финансиската состојба на друштвото за осигурување над кое е воспоставена посебна управа, заедно со оцена за стабилноста на друштвото и можноста за негово натамошно работење, кој ќе содржи:
1) оцена и последици од преземање на загубите на друштвото од страна на акционерите на друштвото;
2) можност за алокација и дисперзија на останатата загуба на друштвото;
3) непредвидени трошоци кои можат да влијаат на обврските на друштвото;
4) оцена на можните мерки за отстранување на финансиските потешкотии на друштвото, вклучувајќи пренос на договорите за осигурување со процена на трошоците за тој пренос и
5) процена на условите за отворање на ликвидација, односно стечај над друштвото за осигурување.

Зголемување на акционерскиот капитал заради подобрување на
финансиската стабилност на друштвото
Член 168-ѓ

(1) Доколку од извештајот на посебната управа Агенцијата процени дека заради обезбедување на потребното ниво на маргина на солвентност, односно заради отстранување на причините за неликвидност, односно несолвентност на друштвото е потребно да се зголеми акционерскиот капитал на друштвото, Агенцијата ќе і наложи на посебната управа да свика Собрание на акционери на кое ќе се предложи донесување на решение за зголемување на акционерскиот капитал.
(2) Посебната управа е должна да свика Собрание на акционери од ставот
(1) на овој член во рок од осум дена од денот на примањето на налогот од страна на Агенцијата од ставот (1) на овој член.
(3) Во повикот за одржување на Собрание на акционери акционерите мора да бидат запознаени со правните последици од членот 169 на овој закон.

Процена на резултатите на посебната управа
Член 168-е

(1) Агенцијата е должна да изврши процена на резултатите на посебната управа најмалку еднаш во три месеца.
(2) Агенцијата е должна да ги прифати конечните резултати на посебната управа во рок од три месеца од приемот на извештајот од членот 168-д на овој закон.
(3) Доколку Агенцијата процени дека за време на траење на посебната управа финансиската состојба на друштвото се подобрила до таа мера што друштвото за осигурување го обезбедило потребното ниво на маргина на солвентност од членот 75 или 76 на овој закон, Агенцијата ќе донесе одлука за престанок на посебната управа и отповикување на посебните

управители.
(4) Доколку Агенцијата процени дека за време на траење на посебната управа финансиската состојба на друштвото не се подобрила и друштвото за осигурување не го обезбедило потребното ниво на маргина на солвентност од членот 75 или 76 на овој закон, Агенцијата ќе донесе решение за исполнување на услови за отворање на ликвидација, односно решение за исполнување на услови за отворање на стечајна постапка.
(5) Во случај од ставот (4) на овој член Агенцијата може да донесе одлука за продолжување на посебната управа најмногу за уште шест месеца доколку не постојат услови за отворање на стечајна постапка, односно ако Агенцијата процени дека друштвото за осигурување во следните шест месеца ќе го обезбеди потребното ниво на маргина на солвентност.

4. Ликвидација

Услови за отворање на ликвидација

Член 169

(1) Агенцијата ќе донесе решение за исполнување на услови за отворање на ликвидација, доколку:
1) Собранието на акционери на друштвото за осигурување донесе одлука за престанок на друштвото за осигурување, а не постојат услови за стечај и
2) е одземена дозволата за вршење на работи на осигурување на друштвото за осигурување, а не постојат услови за стечај.
(2) Агенцијата решението од ставот 1 на овој член, ќе го донесе во рок од осум дена, сметано од:
1) во случајот од ставот 1 точка 1 на овој член, од денот на приемот на известувањето од страна на органот на управување;
2) во случајот од ставот 1 точка 2 на овој член, од денот на донесување на решението за одземање на дозволата.
(3) Агенцијата до надлежниот суд поднесува предлог за отворање на ликвидација кон кој го приложува решението за исполнување на условите за отворање на ликвидација.

Органи кои ја спроведуваат ликвидацијата

Член 170

(1) За отворање и спроведување на ликвидација е надлежен судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на друштвото за осигурување.
(2) Органи на надлежниот суд кои ја спроведуваат ликвидацијата се ликвидациониот совет и ликвидаторот.
(3) Судот го определува ликвидациониот совет.

Решение за отворање на ликвидација

Член 171

(1) Ликвидациониот совет ќе донесе решение за отворање на ликвидација во рок од осум дена од денот на приемот на предлогот за отворање на ликвидација, без одржување на рочиште.
(2) Против решението од ставот 1 на овој член, друштвото за осигурување има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на истото.
(3) Жалбата од ставот 2 на овој член, не го одлага извршувањето на решението.

Содржина на решението за отворање на ликвидација

Член 172

(1) Со решението за отворање на ликвидација, ликвидациониот совет го именува ликвидаторот на друштвото за осигурување, на предлог на Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Решението за отворање на ликвидација, особено ќе содржи податоци за:
1) фирмата, седиштето, адресата и бројот на жиро- сметката на друштвото за осигурување;
2) презимето, името и адресата на ликвидаторот и
3) денот на отворањето на ликвидацијата.
(3) Со решението за отворање на ликвидација се повикуваат доверителите, да ги пријават своите побарувања до ликвидаторот во рок кој не може да биде подолг од 30 дена од денот

на објавувањето на последниот оглас за отворање на ликвидација. Списокот на побарувања на доверителите и редоследот на нивно намирување го составува ликвидаторот.
(4) Со решението за отворање на ликвидација, се повикуваат должниците на друштвото за осигурување да ги исполнат своите обврски.
(5) Со решението за отворање на ликвидација, ликвидациониот совет ќе определи отворањето на ликвидацијата на друштвото за осигурување да се запише во трговскиот регистар.

Оглас за отворање на ликвидација
Член 173

(1) За отворањето на ликвидација на друштвото за осигурување, доверителите се известуваат со оглас.
(2) Огласот се објавува на огласната табла на надлежниот суд, како и во "Службен весник на Република Македонија" и во најмалку еден дневен весник, во период од пет работни дена последователно. Огласот се истакнува на огласната табла на надлежниот суд на денот на донесувањето на решението за отворање на ликвидација.
(3) Огласот за отворање на ликвидација содржи:
1) назив на судот што го донел решението за отворање на ликвидација;
2) извод од решението за отворање на ликвидација;
3) фирма, седиште и број на жиро сметката на друштвото за осигурување;
4) име и адреса на ликвидаторот;
5) повик до доверителите на друштвото за осигурување да ги пријават своите побарувања;
6) повик до должниците на друштвото за осигурување своите обврски да ги намират без одлагање;
7) денот на истакнувањето на огласот на огласната табла на надлежниот суд и
8) денот на одржувањето на испитното рочиште.

Доставување и објавување на решението за отворање на ликвидација
Член 174

(1) Решението за отворање на ликвидација се доставува до Агенцијата за супервизија на осигурување, друштвото за осигурување, банките и носителот на платниот промет кај кои друштвото за осигурување има сметка.
(2) Решението за отворање на ликвидација се доставува и до судот кој го води трговскиот регистар.
(3) Судот од ставот 2 на овој член е должен по службена должност врз основа на доставеното решение за отворање на ликвидација, да го забележи отворањето на ликвидацијата.
(4) Решението за отворање на ликвидација се објавува со истакнување на огласната табла на надлежниот суд.

Забрана за склучување нови договори
Член 175

Со денот на отворање на ликвидацијата, ликвидаторот на друштвото за осигурување не може да склучува нови договори, освен договори кои се неопходни за реализација на средствата во ликвидација, а по претходно одобрение од стана на ликвидациониот совет на надлежниот суд.

Правни последици од ликвидација
Член 176

Со денот на донесувањето на решението за отворање на ликвидација, престануваат сите права и обврски на членовите на органот на управување и надзорниот орган на друштвото за осигурување, како и правата на Собранието на акционери.

Биланс за спроведување на ликвидација
Член 177

(1) Ликвидаторот изготвува биланси за почеток на ликвидација со состојба на 30 дена од

денот на отворање на ликвидацијата, како и извештај со кој се појаснуваат ставките од билансите за ликвидација.
(2) Ликвидаторот е должен билансите за ликвидација, како и извештајот од ставот 1 на овој член, да го достави до надлежниот суд и до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 15 дена од денот на отворањето на ликвидацијата.

Права и должности на ликвидаторот
Член 178

(1) Ликвидаторот ги има правата и должностите на органот на управување на друштвото за осигурување.
(2) Ликвидаторот го застапува друштвото за осигурување.
(3) Ликвидаторот се потпишува, на начин на кој кон фирмата го додава суфиксот "во ликвидација.

Престанок на договори
Член 179

(1) Договорите за осигурување од класите на осигурување во рамки на групата на неживотно осигурување склучени со друштвата за осигурување престануваат по истекот на 30 дена од отворање на ликвидационата постапка на друштвото за осигурување.
(2) Договорите за осигурување од членот 192 точки 1 и 4 од овој закон престануваат по истекот на 30 дена од отворање на ликвидационата постапка на друштвото за осигурување, освен доколку истите, со согласност на осигурениците, се пренесат на други друштва за осигурување.
(3) Договорите за осигурување на ануитети на корисници на пензија и пензиски надоместоци од задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување од членот 192 точки 2 и 3 од овој закон не престануваат со денот на отварање на ликвидационата постапка и истите задолжително се пренесуваат на други друштва за осигурување, односно на пензиските фондови.
(4) На преносот на договорите од ставовите (2) и (3) на овој член соодветно се применуваат одредбите за пренос на договорите во стечајна постапка од членовите 194, 195 и 195-а од овој закон."

Распределба на имот
Член 180

(1) Ликвидаторот е должен да ги наплати побарувањата на друштвото, да го впаричи другиот имот и да ги намири обврските спрема осигурениците кои произлегуваат од договорите за осигурување, како и спрема другите доверители.
(2) По извршеното впаричување на имотот, ликвидаторот го известува ликвидациониот совет со предлог за распределба на ликвидационата маса.
(3) Ликвидациониот совет врз основа на предлогот на ликвидаторот донесува решение за распределба на ликвидационата маса на доверителите чие побарување е утврдено.
(4) Со решението од ставот 3 на овој член, имотот што преостанува по намирување на обврските спрема доверителите се распределува меѓу акционерите на друштвото за осигурување. Имотот се распределува според односот на номиналните износи на акциите, ако во статутот поинаку не е определено.

Известување до Агенцијата
Член 181

Ликвидаторот е должен до Агенцијата да доставува извештаи за спроведување на ликвидацијата на секои три месеци.

Бришење на друштво за осигурување
Член 182

(1) По завршената ликвидација, ликвидаторот е должен да поднесе пријава за бришење на друштвото за осигурување од трговскиот регистар до регистарскиот суд.
(2) Ликвидаторот кон пријавата од ставот 1 на овој член, поднесува почетен ликвидационен биланс, одобрените годишни сметки и извештаи, како и планот за распределба и

намирување на побарувањата на доверителите.
(3) Книгите и списите се чуваат десет години по бришењето на друштвото за осигурување, во место што го определува регистарскиот суд.

Постапка во случај на стечај
Член 183

Доколку ликвидаторот, при спроведување на ликвидацијата, утврди дека средствата на друштвото за осигурување не се доволни за намирување на сите побарувања на доверителите на друштвото за осигурување, или ако средствата на друштвото за осигурување не може да се впаричат за намирување на побарувањата на доверителите, за тоа веднаш ја известува Агенцијата, и поднесува предлог за запирање на отворената ликвидација и предлог за отворање на стечајна постапка до надлежниот суд.

Примена на одредбите од Законот за стечај
Член 184

(1) На постапката за ликвидација на друштвото за осигурување се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва и Законот за стечај, доколку поинаку не е предвидено со овој закон.
(2) Во постапката за ликвидација на друштвото за осигурување не се применуваат одредбите од Законот за стечај со кои се уредуваат претходната постапка на утврдување на условите за отворање на стечајна постапка, правните последици од отворањето на стечајната постапка, управувањето и располагањето со имотот што влегува во стечајната маса, намирувањето на доверителите во стечајната постапка, план за реорганизација, личното управување, ослободувањето од другите обврски, посебните видови стечајни постапки за поединци со статус на трговец, стечајни постапки со странски елементи, одбор на доверители и собранието на доверителите.

5. Стечај
5.1. Општи одредби Примена на одредби
Член 185

Доколку со овој закон не е поинаку уредено, на стечајната на друштвата за осигурување се применуваат одредбите од Законот за стечај, освен одредбите кои се однесуваат на извештајното рочиште, планот за реорганизација, социјалниот план, собранието на доверители, лично управување, ослободување од други обврски, посебни видови на стечајни постапки за поединци со статус трговец.

Причини за донесување решение за постоење на услови за
отворање на стечајна постапка
Член 186

Агенцијата ќе донесе решение за исполнување на услови за отворање на стечајна постапка во следниве случаи:
1) ако од извештајот од ставот 1 на членот 166 од овој закон се утврди дека финансиската состојба на друштвото не се подобрила;
2) при спроведување на супервизијата на друштвото за осигурување, се утврди дека средствата на друштвото за осигурување не се доволни за намирување на сите побарувања на доверителите на друштвото за осигурување;
3) друштвото за осигурување не е во состојба да ги намири пристигнатите обврски во рок од 45 дена од денот на пристигнувањето, како и во случај на негова презадолженост и
4) доколку се исполнети условите за отворање на стечајна постапка од членот 183 на овој закон.

Предлог за отворање на стечајна постапка
Член 187

(1) Агенцијата ќе поднесе предлог за отворање на стечајна постапка до надлежниот суд, првиот работен ден по донесувањето на решението за исполнување на услови за отворање на стечајна постапка. Кон предлогот се приложува решението за исполнување на услови за отворање на стечајна постапка.

(2) Покрај Агенцијата, предлог за отворање на стечајна постапка на друштвото за осигурување може да поднесат доверителите и односното друштво за осигурување, како и ликвидаторот на друштвото за осигурување.
(3) Доколку предлог за отворање на стечајна постапка поднесат доверителите или односното друштво за осигурување, судот доставува примерок од поднесениот предлог и сите други решенија донесени во стечајната постапка до Агенцијата.

Оглас за отворање на стечајна постапка
Член 188

Покрај податоците кои треба да бидат содржани во огласот за отворање на стечајна постапка согласно со Законот за стечај, огласот треба да содржи и:
1) предупредување до осигурениците за правните последици од отворање на стечајна постапка на друштвото за осигурување како што е наведено во членовите 189 или 193 од овој закон и
2) име, презиме и адреса на кураторот, кога истиот е предвидено да биде именуван согласно со овој закон.

Престанок на договорите за осигурување
Член 189

(1) Договорите за осигурување во класите на осигурување од групата на неживотно осигурување престануваат по истекот на 30 дена од денот на отворањето на стечајната постапка на друштвото за осигурување.
(2) Договорите за осигурување од членот 192 точки 1 и 4 од овој закон престануваат по истекот на 30 дена од денот на отворањето на стечајната постапка на друштвото за осигурување, освен доколку истите, со претходна согласност на осигурениците, се пренесат на други друштва за осигурување согласно одредбите од членот 195-а од овој закон.
(3) Договорите за осигурување од членот 192 точки 2 и 3 од овој закон не престануваат со денот на отварање на стечајната постапка и истите задолжително се пренесуваат согласно со одредбите од членовите 194 и 195 од овој закон.

Известување на Агенцијата
Член 190

Стечајниот управник е должен до Агенцијата да доставува извештаи за спроведувањето на стечајната постапка на секои три месеци.

Право на првенствена наплата на побарувањата кои произлегуваат
од договорите за осигурување
Член 191

(1) Побарувањата кои произлегуваат од договорите за осигурување имаат првенство на намирување од останатите расположиви средства кои влегле во стечајната маса пред побарувањата на останатите стечајни доверители.
(2) Побарувањата од ставот (1) на овој член од останатите расположиви средства кои влегле во стечајната маса се намируваат по следниот редослед:
1) побарувања кои произлегуваат од осигурувањето од членот 192 точка 2 од овој закон, во висина на потребното покритие за осигурувањето од кое произлегува тоа побарување, а кои не можат да бидат намирени од фондот на средства кои ја покриват математичката резерва за тоа осигурување;
2) побарувања кои произлегуваат од осигурувањето од членот 192 точка 3 од овој закон, во висина на потребното покритие за осигурувањето од кое произлегува тоа побарување, а кои не можат да бидат намирени од фондот на средства кои ја покриват математичката резерва за тоа осигурување;
3) побарувања кои произлегуваат од осигурувањето од членот 192 точки 1 и 4 од овој закон, во висина на потребното покритие за осигурувањето од кое произлегува тоа побарување, а кои не можат да бидат намирени од фондот на средства кои ја покриват математичката резерва за тоа осигурување;
4) побарувања кои произлегуваат од неживотното осигурување и други класи на осигурување за кои не биле издвоени средства кои ја покриваат математичката резерва, а кои се

однесуваат на надомест на штети настанати пред денот на отворање на стечајна постапка и
5) побарувања по основ на компензација на дел од премијата за периодот по престанокот на договорите за осигурување.
(3) Редоследот во намирување на побарувањата утврден во ставот (2) на овој член соодветно се применува при пренос на договорите за осигурување согласно со членовите 194, 195 и 195-а од овој закон.

5.2. Посебни одредби поврзани со наплата на побарувања кои произлегуваат од оние класи на осигурување за кои се издвојуваат средства кои ја покриваат математичката резерва

Примена на одредбите

Член 192

Одредбите од членовите 193, 194, 195, 195-а, 195-б, 196, 197 и 198 од овој закон се применуваат на:
1) осигурувањето на живот од членот 5 точки 19, 20, 21, 22 и 23 од овој закон;
2) осигурувањето на ануитети на корисници на пензија од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување од членот 5 точка 24 од овој закон;
3) осигурувањето на ануитети на корисници на пензиски надоместоци од доброволното капитално финансирано пензиско осигурување од членот 5 точка 25 од овој закон и
4) осигурувањето од последици на несреќен случај и доброволно здравствено осигурување за кои се применуваат табели за веројатност и пресметки слично како кај осигурувањето на живот.

Постапки во случај на стечај на друштво кое врши работи на осигурување во класите на осигурување за кои се издвојува математичка резерва

Член 193

(1) Стечајниот управник е должен во рок од осум дена од денот на отварање на стечајната постапка на друштво за осигурување кое врши работи на осигурување во класите на осигурување за кои се издвојува математичка резерва од кураторот да бара во рок од осум дена да ја утврди висината на побарувањата од договорите за осигурување, висината на средствата кои ја покриваат математичката резерва и заклучување на списокот на сите вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва на секој поединечен фонд на средства кои ја покриваат математичката резерва со состојба на денот на отворањето на стечајната постапка.
(2) Во стечајната постапка секој поединечен фонд на средства кој ја покрива математичката резерва претставува посебна стечајна маса.
(3) По утврдување на висината на побарувањата од договорите за осигурување, висината на средствата кои ја покриваат математичката резерва и заклучување на списокот на вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва во однос на секој поединечен фонд на средства од страна на кураторот и заклучување на списокот на останати расположиви средства на друштвото кои влегле во стечајната маса од страна на стечајниот управник со состојба на денот на отворање на стечајната постапка, се спроведуваат следните постапки по следниов редослед:
1) пренос на договорите за осигурување од членот 192 точка 2 од овој закон, заедно со фондот на средства кои ја покриваат математичката резерва во однос на тие договори, а доколку овие средства не се доволни, согласно со одредбите од членот 191 став (2) точка 1 од овој закон, се пренесува и соодветен дел од останатите расположиви средства на друштвото кои влегле во стечајната маса на друштвото, во висина на потребното покритие;
2) пренос на договорите за осигурување од членот 192 точка 3 од овој закон, заедно со фондот на средства кои ја покриваат математичката резерва во однос на тие договори, а доколку овие средства не се доволни, согласно со одредбите од членот 191 став (2) точка 2 од овој закон, се пренесува и соодветен дел од останатите расположиви средства на друштвото кои влегле во стечајната маса на друштвото, во висина на потребното покритие;
3) пренос на договорите за осигурување од членот 192 точки 1 и 4 од овој закон за кои осигурениците дале согласност за пренос, заедно со соодветен дел од фондот на средства кои ја покриваат математичката резерва во однос на тие договори, а доколку овие средства

не се доволни, согласно со одредбите од членот 191 став (2) точка 3 од овој закон, се пренесува и соодветен дел од останатите расположиви средства на друштвото кои влегле во стечајната маса на друштвото, во висина на потребното покритие по тие договори за осигурување и

4) поединечно намирување на побарувањата по основ на договорите за осигурување од членот 192 точки 1 и 4 од овој закон за кои осигурениците не дале согласност за пренос, од соодветниот дел од фондот на средства кои ја покриваат математичката резерва во однос на тие договори, а доколку овие средства не се доволни, согласно со одредбите од членот 191 став (2) точка 3 од овој закон и од соодветниот дел на останатите расположиви средства на друштвото кои влегле во стечајната маса на друштвото, во висина на потребното покритие по тие договори за осигурување.

(4) Преносот на договорите за осигурување од членот 192 точки 2 и 3 од овој закон е задолжителен и истиот се спроведува согласно со одредбите од членот 194, односно членот 195 од овој закон.

(5) Преносот на договорите за осигурување од членот 192 точки 1 и 4 од овој закон не е задолжителен и истиот се спроведува само за договорите за кои осигурениците дале претходна согласност за пренос и доколку аукцијата е успешна. Преносот се спроведува согласно со одредбите од членот 195-а од овој закон.

(6) Под останати расположиви средства кои влегле во стечајната маса на друштвото се подразбираат расположивите средства на друштвото во стечај намалени за фондовите на средства кои ја покриваат математичката резерва.

(7) Преносот на договорите се врши по пат на аукции спроведени од Агенцијата.

(8) Агенцијата поблиску ги пропишува начинот на спроведување на аукциите и на преносот на договорите на други друштва за осигурување, како и начинот на утврдување на соодветниот дел на расположивите средства од членовите 194 ставови (4), (5) и (8), 195 ставови (1) и (3) и 195-а став (1) од овој закон и на соодветниот дел од средствата на фондот на математичката резерва од членот 195-а став (1) од овој закон.

Постапка на пренос на договорите за осигурување на ануитети на корисници на пензија од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување

Член 194

(1) Во рок од 15 дена од денот на утврдување на висината на побарувањата од договорите за осигурување, висината на средствата кои ја покриваат математичката резерва и заклучување на списокот на сите вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва на секој поединечен фонд со состојба на денот на отворањето на стечајната постапка од страна на кураторот согласно со членот 193 став (1) од овој закон, Агенцијата спроведува аукција за пренос на договорите за осигурување на живот од членот 192 точка 2 од овој закон и на средствата од фондот на средства кои ја покриваат математичката резерва по однос на тие договори и, доколку е потребно, на останатите расположиви средства кои влегле во стечајната маса на друштвото за осигурување.

(2) На аукцијата може да учествуваат друштвата за осигурување кои имаат дозвола од Агенцијата за вршење на осигурување на живот од класата на осигурување од членот 192 точка 2 од овој закон.

(3) На аукцијата друштвата за осигурување даваат понуди за најнизок износ на средства кои ја покриваат математичката резерва кои треба да ги добијат од друштвото кое е во постапка на стечај притоа преземајќи целосна одговорност за исплата на 100% од обврските по договорите за осигурување на живот од членот 192 точка 2 од овој закон.

(4) Доколку фондот на средства кои ја покриваат математичката резерва во однос на договорите од членот 192 точка 2 од овој закон е понизок од најнискиот понуден износ на средства кои треба да се добијат од друштвото кое е во постапка на стечај, со цел да се зголеми износот на средства кои се пренесуваат, стечајниот управник става на располагање и соодветен дел од останатите расположиви средства кои влегле во стечајната маса на друштвото во висина на потребното покритие по тие договори за осигурување.

(5) Доколку и вкупниот износ на средства од фондот на средства кои ја покриваат математичката резерва и останатите расположиви средства кои влегле во стечајната маса на друштвото е понизок од најнискиот понуден износ на средства кои треба да се добијат од

друштвото кое е во постапка на стечај, договорите за осигурување заедно со фондот на средства кои ја покриваат математичката резерва и соодветниот дел од останатите расположиви средства се пренесуваат на друштвото за осигурување кое понудило најнизок износ на средства при што обврските спрема осигурениците пропорционално се намалуваат согласно со учеството на вкупниот износ на средства кои ја покриваат математичката резерва во однос на тие договори за осигурување и соодветниот дел од останатите расположиви средства во најнискиот понуден износ на средства кои треба да се добијат од друштвото во стечај.
(6) За преносот на договорите согласно со ставот (5) на овој член потребна е согласност од друштвото за осигурување кое понудило најниска цена.
(7) Во случај на преземање на целосна одговорност согласно со ставот (3) на овој член, доколку фондот на средства кој ја покрива математичката резерва во однос на договорите од членот 192 точка 2 од овој закон е повисок од најнискиот понуден износ на средства кои треба да се добијат од друштвото кое е во постапка на стечај, фондот на средства кој ја покрива математичката резерва во целост се пренесува на друштвото кое понудило најнизок износ на средства.
(8) Доколку на аукцијата не се јави ниту едно друштво кое врши осигурување на работи на живот од класата на осигурување од членот 192 точка 2 од овој закон, или друштвото кое понудило најнизок износ на средства не даде согласност од ставот (6) на овој член, стечајниот управник во рок од пет дена од завршувањето на аукцијата ги пренесува договорите за осигурување од класата на осигурување на ануитети за надоместоци на пензии, заедно со фондот на средства кој ја покрива математичката резерва во однос на тие договори и сите или дел од останатите расположиви средства кои влегле во стечајната маса на друштвото, во задолжителен пензиски фонд со кој управува пензиско друштво кое наплатува најнизок износ на надоместокот од членот 98 став (1) точка б од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Доколку пензиските друштва наплатуваат ист надоместок, средствата се пренесуваат во задолжителниот пензиски фонд кој остварил највисок принос објавен во јуни, односно декември пред датумот на аукцијата.
(9) Пред преносот на средствата во задолжителниот пензиски фонд, стечајниот управник до пензиското друштво доставува евиденција со лични податоци и износот на средства за секое лице кое има склучено договор за осигурување од член 192 точка 2 од овој закон.
(10) Со преносот на средствата од ставот (8) на овој член од друштвото за осигурување во задолжителниот пензиски фонд се пренесува и правото на сопственост на тие средства, односно финансиските инструменти и останатите расположиви средства кои се пренесуваат. Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд е должно да го усогласи инвестирањето на овие инструменти и средства со видовите инструменти и ограничувањата за инвестирање согласно со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, во рок од шест месеци од денот на преносот на средствата.
(11) По преносот на средствата согласно со ставот (8) на овој член, исплатата на пензии се врши преку програмирани повлекувања согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.
(12) Преносот на договорите и средствата и исплатата на пензиите согласно со ставовите (8), (9), (10) и (11) на овој член се врши согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.“

Постапка на пренос на договорите за осигурување на ануитети на корисници на пензиски надоместоци од доброволното капитално финансирано пензиско осигурување

Член 195

(1) Во рок од пет дена од преносот на договорите согласно со членот 194 од овој закон, а доколку друштвото над кое е отворена стечајна постапка нема договори за осигурувања на живот од членот 192 точка 2 од овој закон во рок од 15 дена од денот на утврдувањето на висината на побарувањата од договорите за осигурување, висината на средствата кои ја покриваат математичката резерва и заклучување на списокот на сите вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва на секој поединечен фонд со состојба на денот на отворањето на стечајната постапка од страна на кураторот согласно со членот 193 став (1) од овој закон, Агенцијата спроведува аукција за пренос на договорите за осигурувања од членот 192 точка 3 од овој закон и на средствата од фондот на средства кои

ја покриваат математичката резерва по однос на тие договори и, доколку е потребно, на останатите расположиви средства кои влегле во стечајната маса на друштвото.
(2) На аукцијата и преносот на договорите и средствата од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите од членот 194 ставови (2), (3), (4), (5), (6) и (7) од овој закон.
(3) Доколку на аукцијата не се јави ниту едно друштво кое врши осигурување на работи на живот од класата на осигурување од членот 192 точка 3 од овој закон, или друштвото кое понудило најнизок износ на средства не даде согласност согласно со членот 194 став (6) од овој закон, стечајниот управник во рок од пет дена од завршувањето на аукцијата ги пренесува договорите за осигурување од класата на осигурување на ануитети за надоместоци на пензии заедно со расположивиот фонд на средства кои ја покриваат математичката резерва во однос на тие договори и/или сите или дел од останатите расположиви средства кои влегле во стечајната маса на друштвото, во доброволен пензиски фонд со кој управува пензиско друштво кое наплатува најнизок износ на надоместокот од членот 117 став (1) точка б) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување. Доколку пензиските друштва наплатуваат ист надоместок, средствата се пренесуваат во доброволниот пензиски фонд кој остварил највисок принос објавен во јуни, односно декември пред датумот на аукцијата.
(4) Пред преносот на средствата во доброволниот пензиски фонд, стечајниот управник до пензиското друштво доставува евиденција со лични податоци и износ на средства за секое лице кое има склучено договор за осигурување од членот 192 точка 3 од овој закон.
(5) Со преносот на средствата од ставот (3) на овој член од друштвото за осигурување во доброволниот пензиски фонд се пренесува и правото на сопственост на тие средства, односно финансиските инструменти и останатите расположливи средства кои се пренесуваат. Друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд е должно да го усогласи инвестирањето на овие инструменти и средства со видовите инструменти и ограничувањата за инвестирање согласно со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, во рок од шест месеци од денот на преносот на средствата.
(6) По преносот на средствата согласно со ставот (3) на овој член, исплатата на пензии се врши преку програмирани повлекувања согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.
(7) Преносот на договорите и средствата и исплатата на пензиите согласно со ставовите (3), (4), (5) и (6) на овој член се врши согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.

Постапка на пренос на договорите за осигурување на живот, освен договорите за осигурувањето на ануитети на корисници на пензија од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и на договорите за осигурувањето од последици на несреќен случај и доброволно здравствено осигурување

Член 195-а

(1) Во рок од пет дена од преносот на договорите согласно со членот 194, односно членот 195 од овој закон, а доколку друштвото над кое е отворена стечајна постапка нема договори за осигурување на живот од членот 192 точки 2 и 3 од овој закон, во рок од 15 дена од денот на утврдување на висината на побарувањата од договорите за осигурување, висината на средствата кои ја покриваат математичката резерва и заклучување на списокот на сите вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва на секој поединечен фонд со состојба на денот на отворањето на стечајната постапка од страна на кураторот согласно со членот 193 став (1) од овој закон, Агенцијата спроведува аукција за пренос на договорите за осигурувања од членот 192 точки 1 и 4 од овој закон и на соодветен дел од средствата од фондот на средства кои ја покриваат математичката резерва по однос на тие договори и, доколку е потребно, на соодветен дел од останати расположиви средства кои влегле во стечајната маса на друштвото.
(2) На аукцијата и преносот од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите од членот 194 ставови (2), (3), (4), (5), (6) и (7) од овој закон.
(3) За пренос на договорите за осигурување од ставот (1) на овој член е потребна

поединечна согласност од секој осигуреник.
(4) Доколку на аукцијата не се јави ниту едно друштво кое врши осигурување на работи на живот од класата на осигурување од членот 192 точки 1 и 4 од овој закон, или друштвото кое понудило најнизок износ на средства не даде согласност согласно со членот 194 став (6) од овој закон, побарувањата по договорите од ставот (1) на овој член се намируваат поединечно согласно со членот 195-б од овој закон.

Постапка на поединечно намирување на побарувањата од договорите за осигурување на живот, освен договорите за осигурувањето на ануитети на корисници на пензија од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и на договорите за осигурувањето од последици на несреќен случај и доброволно здравствено осигурување

Член 195-б
(1) Во рок од пет дена од денот на спроведувањето на аукција на која не се јавило ниту едно друштво кое врши работи од класата на осигурување од членот 192 точки 1 и/или 4 од овој закон, или друштвото кое понудило најнизок износ на средства не даде согласност согласно со членот 194 став (6) од овој закон, кураторот ги превзема сите мерки за поединечно намирување на побарувањата по основ на договорите за осигурување за кои осигурениците дале согласност за пренос, како и по основ на договорите за осигурување за кои осигурениците не дале согласност за пренос.
(2) Лицата кои имаат право на побарување во однос на договорите за осигурување од членот 192 точки 1 и/или 4 од овој закон имаат првенство на намирување на овие побарувања од фондот на средства кои ја покриваат математичката резерва, во износ еднаков на потребното покритие предвидено со договорите за осигурување од кои произлегуваат овие побарувања пред побарувањата на останатите стечајни доверители.
(3) Доколку расположивиот фонд на средства кои ја покриваат математичката резерва на друштвото кое е во стечајна постапка не се доволни за покривање на 100% од износот на побарувањата од ставот (2) на овој член, стечајниот управник ги користи сите расположиви средства на друштвото кое е во стечајна постапка што влегле во стечајната маса на друштвото, а кои не биле пренесени на друго друштво за осигурување, односно пензиските друштва.
(4) Доколку и вкупниот износ на расположивите средства кои ја покриваат математичката резерва и останатите расположиви средства кои влегле во стечајната маса на друштвото е понизок од износот на побарувања од ставот (2) на овој член, побарувањата се намируваат пропорционално на односот меѓу вкупната вредност на расположивите средства и износот на вкупните побарувања кои друштвото има обврска да ги намири.“.

Посебна сметка за парични средства во стечај
Член 196
(1) Како дополнување на главната сметка на друштвото за осигурување на кое е отворена стечајна постапка, стечајниот управник е должен кај носителот на платен промет да отвори посебна готовинска сметка за секој фонд на средства кои ја покриваат математичката резерва.
(2) Стечајниот управник управува со готовината добиена со впаричување на вложувањата на средствата кои ја покриваат математичката резерва преку посебната готовинска сметка од ставот 1 на овој член.
(3) Покрај од стечајниот управник, секое овластување за исплата од посебната готовинска сметка од ставот 1 на овој член мора да биде потврдено и од кураторот.

Куратор
Член 197
(1) За заштита на интересите на лицата кои имаат право на побарување од член 192 од овој закон, стечајниот совет на предлог на Агенцијата за супервизија на осигурување, со решението за отворање на стечајна постапка ќе именува куратор.
(2) За куратор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите за вршење функција

на стечаен управник и кое поседува соодветно знаење и искуство од областа на осигурувањето.
(3) Стечајниот управник е должен на кураторот да му овозможи увид во трговските книги и другата документација на друштвото за осигурување, заради утврдување на износот на средствата кои ја покриваат математичката резерва, пријавување на побарувањата на лицата кои имаат право на побарување, а заради реализација на сите надлежности кои ги има кураторот согласно со овој закон.
(4) За управување со средствата кои ја покриваат математичката резерва, стечајниот управник треба да добие согласност од кураторот.
(5) Кураторот е должен да подготви извештај за пријавените побарувања од класите на осигурување од членот 192 на овој закон и за висината на средствата кои ја покриваат математичката резерва, и истиот да го достави до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од два месеци од денот на отворањето на стечајната постапка,
(6) Кураторот има право на награда за својата работа и надомест на фактички направените трошоци.
(7) Наградата и надоместок на кураторот ги определува стечајниот совет со решение.

Пријавување и испитување на побарувања
Член 198
(1) Кураторот е должен, во име и за сметка на лицата да ги пријави побарувањата од член 192 на овој закон и да ги информира лицата за истото. Лицата кои имаат право на побарувања можат сами да ги пријават своите побарувања.
(2) Побарувањата кои се пријавени од кураторот во стечајната постапка ќе се сметаат за утврдени и на нив нема да се применуваат одредбите од Законот за стечај кои се однесуваат на испитување на побарувањата.
(3) Кога побарувањето е пријавено и од кураторот и од лицето кое има право на побарување, тогаш пријавата на лицето кое има право на побарување ќе биде земена предвид и испитана само во делот во кој го надминува побарувањето пријавено од страна на кураторот.

Член 199- Се брише (Службен весник на РМ бр. 112/2014)

Глава 4
Супервизија на други субјекти
Мерки за супервизија
Член 200
(1) Доколку согласно со податоците со кои располага Агенцијата се утврди дека правно лице, физичко лице или претставништво врши работи на осигурување, работи на застапување во осигурување или брокерски работи, без дозвола за вршење на работи на осигурување или осигурително брокерски работи, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе изрече наредба за престанок со вршење на овие работи од страна на тоа лице.
(2) Со наредбата од ставот 1 на овој член, правното лице, физичкото лице или претставништвото се обврзуваат да поднесат извештај до Агенцијата во рок кој не може да биде пократок од осум ниту подолг од 15 дена, во кој ќе ги објасни мерките преземени за престанок со вршење на овие работи и ќе ги наведе причините за незаконското работење. Кон извештајот треба да се приложи доказ за мерките преземени за престанок со вршење на овие работи.

XII. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ РЕШЕНИЈА ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА
Глава 1
Општи одредби

1. Одлучување на Агенцијата
Член 201
Агенцијата одлучува со донесување на решенија и наредби.

Решенија

Член 202

Агенцијата со донесување на решение, одлучува за издавање или одземање на дозвола, давање или повлекување на согласности, како и за други работи предвидени согласно со овој закон.

Можност за давање изјава

Член 203

(1) Агенцијата пред да го донесе решението, може да ја покани странката да даде изјава во врска со фактите и околностите кои се релевантни за донесување на решението.
(2) Изјавата од ставот 1 на овој член, странката треба да ја достави до Агенцијата во рок од осум дена од приемот на поканата.
(3) По истекот на рокот од ставот 2 на овој член, странката нема право да се повикува на нови факти ниту да поднесува нови докази.

Глава 2

Постапка на супервизија

1. Општи одредби Примена на одредбите

Член 204

Одредбите од оваа глава се применуваат на сите постапки на супервизија кои ги спроведува Агенцијата врз основа на одредбите од овој закон.

Странка во постапката на супервизија

Член 205

(1) Странка во постапката на супервизија е правно или физичко лице врз кое Агенцијата спроведува супервизија (во натамошниот текст: субјект на супервизија).
(2) Странка во постапката на супервизија на друштвото за осигурување е и органот на управување на друштвото за осигурување.

Овластени лица

Член 206

(1) Супервизија на субјект на супервизија, спроведуваат лица овластени од страна на Агенцијата за спроведување на супервизија (во натамошниот текст: супервизори на Агенцијата за супервизија на осигурување).
(2) За спроведување на одделни делови од супервизијата, Агенцијата може да овласти ревизор или друго квалификувано лице,
(3) Овластените лица од ставот 2 на овој член, ги имаат истите овластувања на членовите од 207 до 209 на овој закон, како и супервизорите на Агенцијата, а за делот за кој се овластени да спроведат супервизија.

Теренска супервизија

Член 207

(1) Субјектот на супервизијата е должен да им овозможи на супервизорите на Агенцијата, да спроведат теренска супервизија на работењето во седиштето на субјектот на супервизија, како и на други места, на кои субјектот на супервизијата или друго овластено лице од негова страна, врши активности во врска со кои Агенцијата ја спроведува супервизијата.
(2) Супервизорите на Агенцијата можат, исто така да спроведат теренска супервизија на правните лица кои се поврзани лица со субјектот на супервизија доколку тоа е потребно за комплетирање на супервизијата.
(3) Субјектот на супервизијата е должен да им овозможи на супервизорите на Агенцијата, да ја испитаат целокупната сметководствена документација, деловните документи, административна и друга деловна евиденција.
(4) Субјектот на супервизијата е должен да им обезбеди на супервизорите на Агенцијата, копии од документацијата од ставот 3 на овој член.

Извештаи и информации

Член 208

(1) Во текот на спроведувањето на супервизијата, супервизорите на Агенцијата можат да

бараат од субјектот на супервизијата извештаи и информации за сите работи релевантни за оценување дали работењето на субјектот на супервизија е во согласност со одредбите на овој закон.
(2) Информациите и извештаите од ставот 1 на овој член, супервизорите на Агенцијата можат да ги бараат од членовите на органот на управување, како и од вработените.
(3) Супервизорите на Агенцијата можат да бараат од лицата од ставот 2 на овој член, во рок не пократок од три дена, да обезбедат писмен извештај во врска со работите од ставот 1 на овој член.

Начин на спроведување теренска супервизија
Член 209
Агенцијата поблиску ги пропишува основните постапки и правила за спроведување на теренска супервизија.

Одредување на мерки на супервизија
Член 210
(1) Мерките на супервизија ги одредува Агенцијата согласно со овој закон.
(2) Покрај ставот 1 од овој член, Агенцијата може да одреди мерка на супервизија на предлог на член на органот на управување или надзорниот орган, како и на предлог на акционерите чиј вкупен износ на акции е најмалку една десеттина од акционерскиот капитал на субјектот на супервизијата.

2. Отстранување на незаконитости Наредби
Член 211
Доколку во текот на спроведувањето на супервизијата, Агенцијата открие одредени незаконитости во работењето, ќе донесе наредба за отстранување на незаконитостите.

Поднесување на извештај за отстранување на незаконитости од
страна на овластен ревизор
Член 212
Доколку Агенцијата утврди одредени незаконитости при водењето на сметководствената, административната или другата деловна евиденција или пак незаконитости во работењето на субјектот на супервизијата, ќе му наложи на субјектот на супервизијата, извештајот за отстранување на незаконитости од ставот 1 на членот 166 од овој закон, да биде придружен со позитивно мислење од страна на овластен ревизор дека незаконитостите се отстранети.

Приговор против наредба
Член 213
(1) Субјектот на супервизијата може да поднесе приговор против наредба за отстранување на незаконитостите во рок од осум дена од доставувањето на наредбата.
(2) Доколку приговорот е поднесен во рокот од ставот 1 на овој член, крајниот рок за отстранување на незаконитостите определен во наредбата, ќе биде продолжен, за периодот од поднесување на приговорот до донесување на решение во врска со приговорот.
(3) По исклучок на ставот 2 на овој член, а во случај кога поради природата на незаконитостите извршувањето на наредбата не може да се одложи, Агенцијата може во наредбата за отстранување на незаконитостите да наведе дека приговорот не го одложува извршувањето на наредбата.
(4) Агенцијата по приговорот од ставот 1 на овој член, ќе одлучи со решение во рок од 15 дена од приемот на приговорот.

Основи за поднесување на приговор
Член 214
Приговорот од ставот 1 на членот 213 од овој закон, може да се поднесе, доколку:
1) незаконитостите чие отстранување се бара со наредба, не постојат;
2) делото или пропустот кои претставувале основа за донесување на наредбата немаат карактеристики на незаконитост;
3) наредбата се однесува на лице кое не е субјект на супервизија од страна на Агенцијата за

супервизија на осигурување и
4) наредбата спротивно на овој закон, предвидува поднесување на позитивно мислење за отстранување на незаконитостите од страна на овластен ревизор.

Содржина на приговорот
Член 215

(1) Приговорот од ставот 1 на членот 213 од овој закон содржи:
1) изјава во однос на наредбата против која е поднесен приговорот;
2) изјава дали приговорот се однесува на целата наредба или само на дел од истата;
3) основа за поднесување на приговорот и
4) други информации.
(2) Во приговорот, субјектот на супервизијата може да наведе факти со кои докажува дека незаконитостите чие отстранување се бара со наредбата не постојат, како и да поднесе докази со кои се поткрепуваат тие факти.
(3) По истекот на крајниот рок за поднесување на приговорот, субјектот на супервизијата нема право да наведува нови факти, ниту да приложува нови докази.

Донесување решение за одлучување по приговор
Член 216

(1) Агенцијата по приговорот од ставот 1 на членот 213 од овој закон одлучува со решение.
(2) Агенцијата одлучува по приговорот само врз основа на оние факти и докази кои се приложени кон истиот.
(3) Со решението од ставот 1 на овој член, Агенцијата може да го одбие или отфрли приговорот, да ја промени наредбата или да ја укине наредбата.
(4) Агенцијата ќе го одбие приговорот, доколку не постои законска основа.
(5) Агенцијата ќе го отфрли приговорот, доколку:
1) не ја содржи документацијата од ставот 1 на членот 215 од овој закон;
2) не е придружен со соодветни факти и доказна документација од ставот 2 на членот 215 од овој закон;
3) не е поднесен во определениот рок и
4) не е поднесен од страна на овластено лице.
(6) Агенцијата ќе ја укине наредбата доколку утврди дека постојат основите од точките 1, 2 или 3 од членот 214 на овој закон.
(7) Агенцијата ќе ја укине или ќе ја промени наредбата, доколку утврди дека постои основа од точката 4 на членот 214 од овој закон. При донесување на решение по приговор, Агенцијата не смее да ја промени наредбата на штета на субјектот на супервизија.

3. Одземање на дозвола
Решение за одземање на дозвола
Член 217

(1) Агенцијата со решение одлучува за одземање на дозвола (во натамошниот текст: решение за одземање на дозвола).
(2) Решенијата на Агенцијата се конечни.
(3) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор до надлежен суд.
(4) Агенцијата е должна во Службен весник на Република Македонија да го објави одземањето на дозволата во рок од седум дена од денот на правосилноста на решението.

4. Повлекување на согласност
Решение за повлекување на
согласност
Член 218

(1) Агенцијата со решение одлучува за повлекување на согласност (во натамошниот текст: решение за повлекување на согласност).
(2) Решенијата на Агенцијата се конечни.
(3) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор до надлежен суд.

Глава 3
Постапка за донесување решенија за издавање на дозвола или согласност

Примена на одредбите
Член 219

Одредбите од оваа глава ќе се применуваат на постапката за донесување на решенија за издавање дозвола или согласност, покрај општите одредби за постапките за донесување решенија од страна на Агенцијата.

Надоместок за донесување на решение
Член 220

За донесување на решение за издавање на дозвола или согласност, барателите плаќаат надоместок за донесување на решение согласно со Тарифникот за утврдување надоместоци за спроведување на супервизија на осигурување на Агенцијата.

Странка во постапката
Член 221

(1) Странка во постапката е подносителот на барањето за добивање на дозвола или согласност (во натамошниот текст: барател).
(2) Странка во постапката ќе биде и лице чиј правен интерес е засегнат со решението од Агенцијата, ако тоа лице го пријави своето учество во постапката, во писмена форма.
(3) Секоја странка ги поднесува своите трошоци во врска со постапката одделно.

Поведување на постапката
Член 222

(1) Постапката се поведува со поднесување на барање за добивање на дозвола или согласност (во натамошниот текст: барање).
(2) Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува до Агенцијата.
(3) По барањето од ставот 1 на овој член, Агенцијата одлучува со решение со кое се издава дозвола или согласност или се одбива барањето.
(4) Решението на Агенцијата со кое се одбива барањето е конечно.
(5) Против решението со кое се одбива барањето може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

Процедурални предуслови за донесување на решенија
Член 223

(1) Во постапката за претходно разгледување на барањето, Агенцијата утврдува дали се исполнети следниве процедурални предуслови за донесување на решение:
1) дали барањето е поднесено од страна на овластено лице;
2) дали барањето ги содржи сите потребни податоци;
3) дали кон барањето е приложена потребната документација и
4) дали кон барањето е приложен доказ за платен надоместок.
(2) Доколку се утврди дека процедуралните предуслови за донесување на решение по однос на барањето не се исполнети и недостатоците не можат да се отстранат, Агенцијата со решение ќе го отфрли барањето.
(3) Доколку се утврди дека процедуралните предуслови за донесување на решение не се исполнети, а недостатоците можат да се отстранат, Агенцијата, по исклучок на членот 201 од овој закон, со решение ќе побара од барателот недостатоците да бидат отстранети, во рок не пократок од осум ниту подолг од 15 дена.
(4) Кога барањето се однесува на добивање дозвола за вршење на работи на осигурување или за статусни измени, решението од ставот 3 на овој член, Агенцијата ќе го донесе во рок од 60 дена од приемот на барањето.
(5) За сите други барања за добивање дозвола или согласност, решението од ставот 3 на овој член, Агенцијата ќе го донесе во рок од 30 дена од приемот на барањето.
(6) Против решението од ставот 3 на овој член не може да се поднесе жалба.
(7) Доколку барателот не ги отстрани недостатоците во определениот рок согласно со ставот

3 на овој член, Агенцијата со решение ќе го отфрли барањето.
(8) Решението на Агенцијата со кое се отфрла барањето е конечно.
(9) Против решението со кое се одбива барањето може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

Рок за донесување решенија
Член 224

(1) Агенцијата по барањето за добивање дозвола за вршење на работи на осигурување или за статусни измени, со решение ќе одлучи во рок од четири месеци од приемот на барањето за добивање дозвола.
(2) За сите други барања за добивање дозвола, Агенцијата со решение ќе одлучи во рок од два месеци од приемот на барањето. За сите барања за добивање на согласност, Агенцијата со решение ќе одлучи во рок од 30 дена од приемот на барањето.
(3) Доколку Агенцијата донесе решение од ставовите 4 и 5 на членот 223 од овој закон, во периодот од ставовите 1 и 2 на овој член нема да се смета времето од доставувањето на решението од ставовите 4 и 5 на членот 223 од овој закон, до истекот на рокот за отстранување на недостатоците, или до приемот на дополнувањата или исправките на барањето, ако истото се комплетира во рокот предвиден со решението.
(4) Агенцијата е должна во Службен весник на Република Македонија да го објави издавањето на дозволите, во рок од седум дена од денот на правосилноста на решението.

Глава 4
Извршување на решенијата од Агенцијата
Решенија со кои се наметнува исполнување на финансиските обврски
Член 225

Правосилните решенија на Агенцијата со кои се наметнуваат финансиските обврски, ќе бидат изречени и извршени од судот, на предлог на Агенцијата.

ДЕЛ ДВАНАЕСЕТТИ-а
ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Претставки на осигуреници
Член 225-а

Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека друштвото за осигурување не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до:
1)соодветната организациона единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамки на друштвото за осигурување;
2) службата за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
3) организацијата за заштита на потрошувачи и
4) Агенцијата за супервизија на осигурување.

Примена на посебен закон
Член 225-б

Заштита на правата на осигурениците и другите корисници на осигурување се врши согласно со Законот за потрошувачите, освен за прашањата кои се однесуваат на обврската за чување на доверливи податоци на кои се применуваат одредбите на овој закон.

Вонсудско решавање на спорови
Член 225-в

(1) Друштвата за осигурување се должни да воспостават систем, интерни процедури и постапки за вонсудско решавање на спорови помеѓу осигурениците/корисниците на осигурувањето и друштвата за осигурување.
(2) Друштвото за осигурување е должно да се произнесе по претставката доставена од осигуреникот/договорувачот на осигурувањето во рок од 30 дена од денот на поднесување на претставката.

(3) Друштвата за осигурување се должни во условите за осигурување да го наведат начинот на вонсудско решавање на споровите.
(4) Друштвата за осигурување се должни да водат регистер на доставени и решени претставки од ставот (1) на овој член.
(5) Друштвата за осигурување се должни да ја известуваат Агенцијата за бројот и исходот од доставените и решените претставки од ставот (1) на овој член.

XIII.ОСИГУРИТЕЛНИ И РЕОСИГУРИТЕЛНИ ПУЛОВИ

Осигурителни и реосигурителни пулови

Член 226

(1) Две или повеќе друштва за осигурување можат да основаат осигурителен или реосигурителен пул со цел за покривање на ризици од поголеми штети.
(2) Одредбите од Законот за трговските друштва, кои се однесуваат на стопанската интересна заедница ќе се применуваат на осигурителните и реосигурителните пулови, освен ако поинаку не е предвидено со овој закон.
(3) Одредбите од деловите од 3 до 9 и Делот 11, со исклучок на членот 125 став 1 од овој закон, соодветно ќе се применуваат на осигурителните или реосигурителните пулови.

Делот „XIV. НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ“ е избришан со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2005)

XV. СОРАБОТКА СО НАДЗОРНИ ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА

Соработка со домашни надзорни органи

Член 232

(1) Агенцијата и другите органи надлежни за супервизија на други финансиски организации се должни, на барање на органот за супервизија да ги поднесат сите податоци во врска со некое друштво за осигурување или друга финансиска организација потребни за спроведување на супервизија на финансиската организација, издавањето на дозволи и донесување на одлуките по други работи.
(2) Органите за супервизија се должни меѓусебно да се известуваат за незаконитостите откриени во текот на супервизијата, доколку тие незаконитости се однесуваат на работата на други органи за супервизија.
(3) Податоците од ставовите 1 и 2 на овој член, како и податоците добиени од органи за супервизија на земја членка или странска земја, имаат третман на доверливи и можат да се користат само за оние намени за кои истите се добиени.

Обработка на податоци и поднесување на информација

Член 233

(1) Агенцијата ги прибира и обработува податоците кои се релевантни за спроведувањето на супервизијата согласно со овој закон.
(2) Податоците од ставот 1 на овој член, особено се однесуваат на следново:
1) дозволи за вршење на работи на осигурување и други дозволи кои ги издава Агенцијата согласно со овој закон;
2) членови на органот на управување и надзорниот орган на друштвата за осигурување, како и организацијата и работењето на внатрешната ревизија;
3) филијали и директно вршење на работи на осигурување во земјите членки, како и филијали и директно вршење на работи на осигурување од друштвата за осигурување на земјите членки во Република Македонија;
4) филијали за вршење на работи на осигурување во странски земји и филијали на странски друштва за осигурување во Република Македонија;
5) усогласеност на работењето на друштвата за осигурување со правилата за управување со ризик согласно со Делот 4 од овој закон и прописите издадени во врска со истите;
6) извештаите согласно со членот 104 од овој закон;
7) имателите на квалификувано учество предвидени со членот 19 од овој закон;
8) извршена ревизија на годишни извештаи согласно со членот 129 од овој закон;

9) имплементирани мерки на супервизија согласно со членот 164 од овој закон и
10) податоци кои Агенцијата ги има прибрано од надлежните органи за супервизија на земјите членки.
(3) Агенцијата податоците од ставот 2 на овој член може да ги доставува до:
1) домашни надлежни органи за супервизија, во рамките на соработката предвидена со членот 232 од овој закон;
2) надлежни органи за супервизија на земјите членки, доколку е потребно за спроведување на супервизија на друштвата за осигурување и доколку тие органи се законски обврзани да чуваат доверливи податоци, согласно со ставот 4 од членот 232 на овој закон;
3) надлежни органи за супервизија на странски земји, доколку е потребно за спроведување на супервизија на друштвата за осигурување и доколку тие органи се законски обврзани да чуваат доверливи податоци, согласно со ставот 4 од членот 232 на овој закон и
4) судски органи, доколку тоа е потребно за спроведување на стечајната постапка.
(4) По исклучок на одредбите од ставот 3 на овој член, Агенцијата може да ги доставува податоците од точката 10 став 2 на овој член, само доколку за тоа има добиено согласност од органот што ги доставил податоците до Агенцијата.

Информирање на Европската комисија за одбивање за
поднесување на известување
Член 234

Агенцијата е должна да ја информира Европската комисија за одбивање за поднесување на известувањето од ставот 5 на членот 54 од овој закон.

Информирање на Европската комисија за односите со странски
земји
Член 235

(1) Агенцијата е должна да ја информира Европската комисија за:
1) издадена дозвола на друштво за осигурување чиешто директно или индиректно владејачко друштво е правно лице со седиште во странска земја и
2) издадена согласност за стекнување на квалификувано учество, врз основа на која странско правно лице станува владејачко друштво на односното друштво за осигурување.
(2) Агенцијата е должна да ја информира Европската комисија за позначителни пречки со кои се среќава друштвото осигурување при вршењето на работи на осигурување во странски земји.
(3) Ако Европската комисија донесе решение надлежните органи за супервизија на земјите членки да го запрат или суспендираат донесувањето на решенијата кои се однесуваат на лица од одделни странски земји, тогаш Агенцијата е должна со решение да ја суспендира процедурата до три месеци, доколку решенијата кои се во процедура се однесуваат на:
1) барање за издавање дозвола за вршење на работи на осигурување на друштво за осигурување чиешто директно или индиректно владејачко друштво е правно лице со седиште во странската земја на која се однесува решението на Европската комисија и
2) барање за давање согласност за стекнување на квалификувано учество врз основа на кои странско правно лице, чиешто седиште е лоцирано во странската земја на која се однесува решението на Европската комисија, станува владеачко друштво на тоа друштво за осигурување.
(4) За време на периодот на суспензија од ставот 3 на овој член, не тече дозволениот период за донесување на решението од ставовите 1 и 2 на членот 224 од овој закон.
(5) Доколку Европската комисија донесе решение со кое се пролонгира запирањето или суспендирањето на процедурите од ставот 3 на овој член, Агенцијата е должна со решение да го пролонгира периодот на запирање на процедурата од ставот 3 на овој член, за период наведен во решението на Европската комисија.
(6) Мерките од ставовите 3 и 5 на овој член нема да се применуваат на:
1) основање на друштво за осигурување како зависно друштво на друштво за осигурување кое во моментот на донесувањето на решението од ставот 3 или ставот 5 на овој член, поседува дозвола за вршење на работи на осигурување во земја членка, или пак зависно друштво на тоа друштво за осигурување и
2) стекнување на квалификувано учество од страна на друштво за осигурување кое во

моментот на донесувањето на решението од ставот 3 или ставот 5 на овој член, поседува дозвола за вршење на работи на осигурување во земја членка, или пак од страна на зависно друштво на тоа друштво за осигурување.
(7) Агенцијата е должна, на нејзино барање, а со цел утврдување на релевантните факти за донесување на решението од ставот 3 или ставот 5 на овој член, да ја информира Европската комисија за поднесено барање од ставот 1 на овој член при што странско правно лице станува владеачко друштво на друштвото за осигурување.

Прекршочен орган
Член 235-а

(1) За прекршоците утврдени во членовите 237, 237-а, 237-б, 237-в, 237-г и 237-д од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Прекршочен орган).
(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија) формирана од вработени лица во Агенцијата кои ги именува Советот на експерти на Агенцијата.
(3) Советот на експерти со подзаконски акт го определува бројот, потребниот степен на стручна подготовка и работно искуство на членовите на Прекршочната комисија.
(4) Членовите на Прекршочната комисиј а се избираат за времетраење од пет години со право на реизбор.
(5) За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник со положен правосуден испит.
(6) Прекршочната комисија донесува одлуки за прекршоците од овој закон и за изрекување прекршочни санкции.
(7) Прекршочната комисија донесува Деловник за својата работа кој претходно е одобрен од Советот на експерти на Агенцијата.
(8) Против решенијата на Прекршочната комисија, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.

Работа на Прекршочната комисија
Член 235-б

(1) Член на Прекршочната комисија може да се разреши:
1) со истекот на времето за кое е именуван за член;
2) по негово барање;
3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон;
4) Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр.202/2011 од 21.03.2012 година.
5) ако му се утврди трајна неспособност;
6) Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр.202/2011 од 21.03.2012 година.
7) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисиј а и
8) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.
(2) Предлог за разрешување на член на Прекршочната комисија за случаите од ставот (2) точки 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Прекршочната комисија до Советот на експерти на Агенциј ата.
(3) Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.
(4) Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.
(5) Прекршочната комисија одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.
(6) Прекршочната комисија води единствена евиденција на прекршоците, изречените прекршочни санкции и донесените одлуки на начин пропишан од Советот на експерти на Агенцијата во согласност со министерот кој раководи со органот надлежен за вршење на работите од областа на правдата.

(7) Укинат со Одлука на Уставен суд У.бр.202/2011 од 21.03.2012 година.

Спогодување
Член 235-в

(1) За прекршоците утврдени со овој закон за кои е надлежна Агенцијата, овластените лица на Агенцијата, во рамките на своите овластувања, на сторителот на прекршокот му нудат спогодување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги острани последиците од прекршокот.
(2) Постапката за спогодување се покренува со доставување на понуда од страна на овластено лице на Агенцијата во рок од осум дена од денот кога е констатирано сторувањето на прекршокот.
(3) Сторителот на прекршокот е должен во рок од три дена од денот на приемот на понудата од ставот (2) на овој член да даде писмена согласност за покренување на постапка на спогодување.
(4) Овластените лица на Агенцијата за случаите од ставот (3) на овој член составуваат записник во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за спогодување на кој се потпишува и сторителот на прекршокот.
(5) Согласноста за спогодувањето треба да се постигне во рок од осум дена од денот кога е започната постапката за спогодување.
(6) Постапката за спогодување се води пред комисија за спогодување составена формирана од вработени лица во Агенцијата кои ги именува Советот на експерти на Агенцијата.
(7) Советот на експерти со подзаконски акт го определува бројот, потребниот степен на стручна подготовка и работно искуство на членовите на комисијата за спогодување.
(8) Комисијата за спогодување работи на седници на кои задолжително присуствуваат претставници на сторителот на прекршокот.
(9) Комисијата за спогодување е должна да ја започне постапката на комисијата во рок од 24 часа од денот кога е пристигнато барањето од ставот (2) на овој член.
(10) За склучената согласност по спогодувањето се составува спогодба во која се констатира согласноста на двете страни.
(11) Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:
1) висината и начинот на плаќање на глобата;
2) висината и начинот на плаќање на други давачки и трошоци и
3) мерките кои треба да ги преземе сторителот со цел да ги отстрани последиците од прекршокот.
(12) Спогодбата од ставот (10) на овој член има сила на извршна исправа.
(13) Советот на експерти на Агенцијата донесува деловник и трошковник за работа на комисијата за спогодување. Висината и видот на трошоците утврдени во трошковникот се определуваат врз основа на реалните трошоци што ги има Агенцијата за супервизија на осигурување заради обезбедување на работа на комисијата за спогодување.
(14) Комисијата за спогодување е должна да води евиденција за поведените постапки за спогодување и за нивниот исход.

XVI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ
Прекршоци за кои е надлежен судот
Член 236

(1) Глоба во износ од 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво за осигурување, ако:
1) врши активности спротивно на членовите 3 став (1), 4 и 6 од овој закон;
2) врши работи на осигурување за класи на осигурување за кои нема дозвола од Агенцијата согласно со членот 33 став (1) од овој закон;
3) започне да врши работи на осигурување кај земја членка спротивно на членот 54 ставови (1) и (2) од овој закон;
4) основа филијала во странска земја без дозвола од Агенцијата согласно со членот 58 став (2) од овој закон;
5) ги прекршува обврските за чување на доверливи податоци согласно со членот 108 ставови (1) и (2) од овој закон;
6) овозможи вршење на работи на застапување во осигурувањето од страна на лице кое

нема лиценца односно дозвола спротивно на одредбите од членовите 134-в став (1) и 134-д став (1) на овој закон;
7) работи спротивно на одредбите од членот 144 на овој закон;
8) одбие да соработува со Агенцијата при спроведување на супервизија и не ја даде на увид целокупната документација согласно со членот 160 став (3) од овој закон и
9) не постапува по решение на Агенцијата во превидениот рок.
(2)Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото за осигурување ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во друштвото за осигурување.
(3) Покрај глобата за прекршоците од ставот (1) на овој член, може да се изрече и забрана за вршење на должност на одговорното лице во друштвото за осигурување во времетраење до една година.

Член 236-а

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на осигурително брокерско друштво , ако:
1) работи спротивно на одредбите од членовите 147, 148 став (4), 150, 150-а, 151, 152 став (3) и 156-а став (2) на овој закон и
2) не постапува по решение на Агенцијата во предвидениот рок.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за осигурителното брокерско друштво ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во осигурителното брокерско друштво.
(3) Покрај глобата за прекршоците од ставот (1) на овој член, може да се изрече и забрана за вршење на должност на одговорното лице во осигурително брокерско друштво во времетраење до една година.

Член 263-б

(1) Глоба во износ од 8.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво за застапување во осигурувањето, ако:
1) работи спротивно на одредбите од членовите 134-а став (4), 134- б став (1), 134-е ставови (3), (4), (5), (6) и (7), 134-ж ставови (1) и (2), 134-и став (1), 134-ј став (2) и 152 став (4) на овој закон и
2) не постапува по решение на Агенцијата во предвидениот рок.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото за застапување во осигурување ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во друштвото за застапување во осигурување.
(3) Покрај глобата за прекршоците од ставот (1) на овој член, може да се изрече и забрана за вршење на должност на одговорното лице во друштвото за застапување во осигурувањето во времетраење до една година.

Член 236-в

Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на осигурителен брокер ако работи спротивно на одредбите од членовите 49 до 52, 136 став (1), 137 став (2), 140, 141 став (1), 142 став (1) и (4), 143, 154-а и 154-б на овој закон.

Член 236-г

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на застапник во осигурувањето ако работи спротивно на одредбите од членовите 49 до 52, 154-а став (1), 154-б, 134 став (8) и 134-б ставови (1) и (2) на овој закон.

Член 236-д

(1) Глоба во износ од 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:
1) се осигура во странство спротивно на членот 2 од овој закон;
2) врши работи на осигурување спротивно на забраната од членот 8 од овој закон;
3)стекне акции во друштво за осигурување без претходна согласност од Агенцијата согласно

со членот 18 ставови (1) и (2) од овој закон;
4) не ја извести Агенцијата согласно со член от18 став (7) од овој закон.
5) врши дејност застапување во осигурувањето спротивно на одредбите од членот 134-д став (1) на овој закон и
6) врши осигурително брокерски работи спротивно на одредбите од членот 145 став (1) на овој закон;
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.
(3) Покрај глобата за прекршокот од ставот (1) точка 1 на овој член, ќе се изрече и забрана за вршење на дејност на правното лице во времетраење до три.
(4) Покрај глобата за прекршоците од ставот (1) на овој член, може да се изрече и забрана за вршење на должност на одговорното лице во правното лице во времетраење до една година.

Член 236-ѓ

Глоба во износ од 15.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на банката, брокерското друштво или берзата, доколку постапи спротивно на одредбите од членот 18 став (4) или 134-ж став (3) на овој закон.

Член 236-е

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:
1) врши работи на осигурување спротивно на забраната од членот 8 на овој закон;
2) не ја извести Агенцијата согласно со членот 18 став (7) од овој закон;
3) ги прекршило обврските за чување на доверливи податоци согласно со членот 108 од овој закон;
4) врши работи на застапување спротивно на членот 134-в став (1) од овој закон и
5) врши осигурително брокерски работи спротивно на забраната од членот 136 став (2) на овој закон.
(2) Покрај глобата за прекршоците од ставот (1) на овој член, може да се изрече и забрана за вршење на дејност на физичкото лице во времетраење до една година.

Член 236-ж

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластениот актуар ако веднаш не ја извести Агенцијата за околностите од членот 116 став (8) од овој закон.
(2) Покрај глобата за прекршокот од ставот (1) на овој член, на овластениот актуар може да се изрече забрана за вршење дејност во времетраење до една година.

Член 236-з

За прекршоците од членовите 236, 236-а, 236-б, 236-в, 236-г, 236-д, 236-ѓ, 236-е, 236-ж, 236-и, 236-ј, 236-к, 236-л, 236-љ и 236-м прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

Член 236-s

Кога прекршокот од членовите 236, 236-а, 236-б, 236-в, 236-г, 236-д, 236-ѓ, 236-е, 236-ж и 236-з на овој закон е сторен исклучиво сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист, надлежниот суд може да изрече глоба во висина до двократен износ од висината на глобата утврдена во членовите 236, 236-а, 236-б, 236-в, 236-г, 236-д, 236-ѓ, 236-е, 236-ж и 236-з од овој закон.

Член 236-и

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување и доколку не ја постави снимката од целиот стручен испит за актуар на веб страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување согласно со членот 154-к став (3) од овој закон и не го прекине испитот согласно

со членот 154-л ставови (5) и (6) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот доколку не го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

Член 236-ј

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лицата од членот 154-к став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 154-л став (9) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 154-к став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на член 154-л ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

Член 236-к

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противредност ќе му се изрече на претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување ако не го донесе решението во рокот утврден во членот 154-ф став (7) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице од Агенцијата доколку не донесе решение во роковите утврдени во членот 224 од овој закон.
(3) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице од Агенцијата, доколку во роковите утврдени со членовите 32 став (7), 134-ѓ став (6) и 146 став (4) од овој закон не ги побара потребните докази.
(4) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган, доколку роковите утврдени со членовите 32 став (8), 134-ѓ став (7) и 146 став (5) на овој закон не ги достави бараните докази.

Член 236-л

Со глоба од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност ќе се казни одговорното лице од член 154-ѓ став (1) на овој закон кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

Член 236-љ

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на член 154-л ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

Член 236-м

Со глоба од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на Комисијата за ревизија од член 154-ф став (3) на овој закон доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до Советот на експери.

Прекршоци за кои е надлежна Агенцијата

Член 237

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво за осигурување, ако:
1) не ја одржува вредноста на акционерскиот капитал согласно со членот 15 од овој закон;
2)не ги почитува одредбите кои се однесуваат на надзорен одбор согласно со членот 28 од овој закон;
3) постапува спротивно на одредбите од членот 31 од овој закон;
4)не изготвува план за работа и не го доставува до Агенцијата согласно со членот 38 став (4) од овој закон;
5) работи спротивно на одредбите од членовите 49 до 52 од овој закон;
6) изврши измени без да добие согласност согласно со членот 66 став (1) од овој закон;
7) не формира резерви на сигурност согласно со членот 70 од овој закон;

8) вложува спротивно на одредбите од член 73 од овој закон;
9) не ги почитува прописите за управување со ризик донесени од Агенцијата согласно со членот 74 од овој закон;
10) не го одржува потребното ниво на маргина на солвентност согласно со членот 75 или 76 од овој закон;
11) не ја одржува вредноста на гарантниот фонд согласно со членот 77 од овој закон;
12) не издвои технички резерви согласно со членот 80 од овој закон и не ги вложува средствата кои ги покриваат техничките резерви, согласно со членовите 86 до 89 од овој закон;
13) не издвои математичка резерва, или не управува со средствата кои ја покриваат математичката резерва, согласно со членовите 90 до 98 од овој закон;
14) не ги реосигура обврските од договорите согласно со членот 99 од овој закон;
15) не донесе програма за реосигурување согласно со членот 100 од овој закон;
16) го соосигура износот на ризик спротивно на одредбите од членот 101 од овој закон;
17) не се придржува до статистичките осигурителни стандарди донесени од страна на Агенцијата согласно со членот 102 од овој закон;
18) не врши пресметка на коефициентите на ликвидност и не управува со средствата согласно со одредбите од членот 103 од овој закон;
19) изврши распределба на добивката спротивно на членот 105 од овој закон;
20) не води трговски книги и/или не изготвува и доставува годишни извештаи согласно со членовите 117 до 121 и 127 од овој закон или работи спротивно на прописите донесени врз основа на член 122 на овој закон;
21) не ја организира внатрешна ревизија согласно со членовите 123 до 128 од овој закон;
22) финансиските извештаи ги поднесе на ревизија до друштво за ревизија за кое не добило согласност од Агенцијата согласно со членот 129 став (3) од овој закон;
23) не достави извештај до Агенцијата во согласност со членот 168-д став (1) од овој закон и
24) не ги достави потребните информации од членот 168-д став (2) на овој закон;
25) не постапува согласно со членот 225-в од овој закон.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото за осигурување ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во друштвото за осигурување.
(3) Покрај глобата од ставот (1) на овој член, може да се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност на одговорното лице во друштвото за осигурување најмногу во траење од 30 дена.

Член 237-а

(1) Глоба во износ од 3.000 ЕВРА во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво за осигурување, ако:
1) не ја известува Агенцијата за податоците согласно со членот 104 од овој закон;
2) не воспоставуваат и одржуваат бази на податоци согласно со членот 109 став (2) на овој закон;
3) не назначи овластен актуар во рок од два месеци од денот на упис на друштвото во трговскиот регистар согласно со членот 113 став (1) од овој закон;
4) не ја извести Агенцијата за разрешување на овластениот актуар согласно со членот 115 став (4) од овој закон;
5) не поднесе годишна сметка до Агенцијата во предвидениот рок согласно со членот 120 став (1) од овој закон и
6) не ја известува Агенцијата согласно со членот 163 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото за осигурување ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во друштвото за осигурување.
(3) Покрај глобата од ставот (1) на овој член, може да се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност на одговорното лице во друштвото за осигурување најмногу во траење од 30 дена.“

Член 237-б

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на

осигурително брокерското друштво ако не изврши пренос на наплатената премија согласно со членот 150-а став (2) на овој закон.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за осигурително брокерско друштво ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во осигурително брокерско друштво.

Член 237-в

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на осигурително брокерско друштво, односно на друштво за застапување во осигурувањето ако не ја известува Агенцијата согласно со членот 151 од овој закон, во рокови и на начин согласно со прописите донесени врз основа на овој закон.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за осигурително брокерско друштво, односно на друштво за застапување во осигурувањето ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во осигурително брокерско друштво, односно на друштво за застапување во осигурувањето.
(3) Покрај глобата од ставот (1) на овој член, може да се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност на одговорното лице во осигурително брокерско друштво, односно на друштво за застапување во осигурувањето најмногу во траење од 30 дена.

Член 237-г

(1) Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на член на органот на управување или надзорниот орган на друштвото за осигурување, ако:
1) не го извести надзорниот орган на друштвото за осигурување согласно со членот 26 од овој закон;
2) не ја извести Агенцијата согласно со членот 30 став (3) од овој закон;
3) не ја извести Агенцијата согласно со членот 103 став (4) од овој закон.
4) не ја извести Агенцијата согласно со членот 163 став (2) од овој закон и
5) на посебната управа не и овозможи пристап до целокупната документација на друштвото за осигурување согласно со членот 168-г ставови (1) и (2) од овој закон;

Член 237-д

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво за ревизија доколку:
1) не доставува известувања до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно со членот 130 од овој закон;
2) изврши ревизија спротивно на одредбите од членот 131 од овој закон;
3) не го достави ревизорскиот извештај до Агенцијата во рокот предвиден во членот 131-а став (1) од овој закон;
4) на Агенцијата не и ги направи достапни работните материјали од извршената ревизија на друштвото согласно со членот 131-а став (3) од овој закон и
5) ревизорскиот извештај не се темели на објективни факти и докази согласно со членот 131-а став (4) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото за ревизија ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото за ревизија.

Член 237-ѓ

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Членовите 238, 239, 240, 241, 242 и 243 се бришат (Службен весник на Република Македонија бр. 79/2007)

Предизвикување на стечајна постапка во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво, друштво за застапување во осигурувањето

Член 244

(1) Тој што со своето работење ќе ги повреди одредбите на овој закон и ќе придонесе за

отворање на стечајна постапка во друштво за осигурување, односно осигурително брокерско друштво, односно друштво за застапување во осигурувањето ќе се казни со затвор од три до десет години.
(2) Доколку делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.
(3) Судот ќе му изречи на сторителот од ставот (1) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од Кривичниот законик.

Достава на невистинити и неточни податоци
од друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво, друштво за застапување во осигурувањето и непостапување по решение
Член 244-а

(1) Тој што на Агенцијата ќе и достави невистинити и неточни податоци од значење за спроведување на супервизијата и тој што нема да постапува по решение на Агенцијата во предвидениот рок ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.
(2) Доколку делата од овој член ги стори правно лице ќе се казни со парична казна.
(3) Судот ќе му изречи на сторителот од ставот (1) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од Кривичниот законик.

Незаконско работење на друштво за
осигурување, осигурително брокерско друштво, друштво за застапување во осигурувањето
Член 244-б

(1) Тој што врши работи на осигурување, осигурително брокерски работи или работи на застапување во осигурувањето без дозвола од Агенцијата ќе се казни со казна затвор од три месеци до пет години.
(2) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.
(3) Судот ќе му изречи на сторителот од ставот (1) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од Кривичниот законик.

Незаконито постапување на овластен
актуар
Член 244-в

(1) Овластен актуар кој спротивно на одредбите од овој закон и даде мислење на Агенцијата врз основа на невистинити факти и докази ќе се казни со казна затвор од една до две години.
(2) Судот ќе му изрече на сторителот од ставот (1) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од Кривичниот законик.

XVII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Усогласување на друштвата за осигурување
Член 245

(член 245 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02)

(1) Постојните друштва за осигурување се должни својата организација, основачките акти и актите на деловната политика да ги усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Друштвата за осигурување од ставот 1 на овој член, се должни до Министерството за финансии веднаш по извршеното усогласување со овој закон, да поднесат извештај за усогласување кој ќе содржи:
1) Статут на друштвото за осигурување усогласен со овој закон;
2) акт за основање на друштвото за осигурување;
3) акти на деловна политика на друштвото за осигурување;
4) План за работа;

5) структура на акционери од Централниот депозитар за хартии од вредност;
6) опис на организација на внатрешната ревизија и правила за работа на внатрешната ревизија и
7) друга документација потребна за усогласување со овој закон.
(3) Друштвата за осигурување од ставот 1 на овој член, се должни во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон да обезбедат членовите на органот на управување да добијат согласност од Министерството за финансии за вршење на функцијата член на органот на управување.
(4) По исклучок на ставот 3 од овој член, лицето кое на денот на влегувањето во сила на овој закон врши функција член на органот на управување на друштвото за осигурување најмалку четири години пред влегувањето во сила на овој закон, ќе се смета дека се стекнало со согласност за вршење функција член на орган на управување со денот на влегувањето во сила на овој закон.
(5) По исклучок на ставот 1 од овој член, друштвата за осигурување се должни да се усогласат со членовите 73 и 89 од овој закон до 1 јануари 2003 година.
(6) По исклучок на ставот 1 од овој член, друштвата за осигурување се должни да се усогласат со член 144 од овој закон од денот на започнувањето со работа на овластено осигурително брокерско друштво.
(7) Друштвата за осигурување кои нема да постапат согласно со ставовите 1, 2 и 5 на овој член, по истек на предвидениот рок престануваат со работа, а судот на предлог на Министерството за финансии ќе поведе постапка за ликвидација.
(8) Доколку од извештајот од ставот 2 на овој член и документацијата приложена кон истиот се утврди дека друштвото за осигурување се усогласило со одредбите на овој закон, Министерството за финансии на друштвото за осигурување ќе му издаде дозвола за вршење на работи на осигурување, согласно со членот 33 од овој закон.

(Член 246 од Законот Објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/02 е УКИНАТ со Уставна одлука У.бр. 203/2003 („Службен весник на РМ“ бр. 33/2004)

Усогласување на Националното биро за осигурување
Член 247
(член 247 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02)
Националното биро за осигурување е должно да ја усогласи својата организација и работење со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон и за истото писмено да го извести Министерството за финансии.

Овластени актуари
Член 248
(член 248 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02)
Во однос на лицата кои пред влегувањето во сила на овој закон, се стекнале со звање овластен актуар, согласно со прописите кои важеле пред влегувањето во сила на овој закон, ќе се смета дека се стекнале со звање овластен актуар, согласно со овој закон.

Донесување на прописи
Член 249
(член 249 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02)
Прописите врз основа на овластувањата од овој закон ќе се донесат во рок од пет месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Престанување на прописите
Член 250
(член 250 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02)
Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат одредбите од Дел Први, Втори , Трети, Четврти, Шести, Седми, Осми, Деветти, Десетти, Единаесетти, Дванаесетти од Законот за осигурување (“Службен весник на Република Македонија” број 49/97, 79/99, 13/01, 26/01 и 4/02), освен одредбите од Дел Петти кои се однесуваат на задолжителното осигурување, член 122 став 1 точка 2 и став 2 и член 123.

Примена на поединечните одредби

Член 251

(член 251 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02)

(1) Одредбите од членот 16 став 1, членот 73 на овој закон ќе се применуваат до започнување на втората фаза од реализација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија во Европската унија.

(2) Одредбите од членот 7 став 1 точка 2, членот 11 став 1, членот 42 став 5 точка 3, членот 58, членовите 63 и 64, членот 143 став 1, членовите 157 и 158, членот 233 став 3 точка 3 на овој закон, ќе се применуваат од започнување на втората фаза од реализација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија во Европската унија.

(3) Одредбите од членот 7 став 1 точка 3, членот 10 став 1 , членот 11 став 2, членот 18 став 4, членот 42 став 5 точка 2, членот 44 ставовите од 3 до 10, членовите од 53 до 57, членовите од 59 до 62, членот 65, членовите 155 и 156, членот 233 став 3 точка 2, членовите 234 и 235 на овој закон, ќе се применуваат со денот на стекнувањето на полноправно членство на Република Македонија во Европската унија.

(4) По исклучок на ставовите 2 и 3 од овој член, одредбите од Дел Десетти кои се однесуваат на Осигурителни агенти и брокери ќе се применуваат од 1 октомври 2002 година.

(5) До примената на одредбите од ставот 3 на овој член, ќе се применуваат следниве одредби од овој закон од денот на нивното влегување во сила:

1) членот 7 став 1 точка 2 од овој закон на овластувањето друштво за осигурување на земја членка да врши работи на осигурување согласно со овој закон;

2) членот 11 став 1 од овој закон за примена на овој закон на друштва за осигурување од земји членки;

3) членот 19 став 3 од овој закон на решенијата за издавање согласност за стекнување квалификувани удели кои треба да се дадат на лице од земји членки;

4) членот 42 став 5 точка 3 од овој закон за пренос на осигурително портфолио на друштво за осигурување од земја членка или негова филијала во Република Македонија;

5) членот 58 од овој закон ќе се применува за вршење на работи на осигурување на друштвата за осигурување во земји членки;

6) членовите 63 и 64 од овој закон ќе се применуваат за вршење на работи на осигурување од друштва за осигурување на земји членки во Република Македонија;

7) членовите 157 и 158 од овој закон за вршење на осигурително брокерски работи на осигурително брокерско друштво од земја членка во Република Македонија и

8) членот 233 став 3 точка 3 од овој закон ќе се применуваат за комуникација на информации на органите за супервизија на земји членки.

Член 252

(член 76 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/05)

Со денот на влегувањето во сила на овој закон одредбите од Делот петти и членот 122 ставови (1) и (2) и член 123 на Законот за осигурување (“Службен весник на Република Македонија” број 49/97, 79/99, 13/2001, 26/2001 и 4/2002) и Делот четиринаесетти од Законот за супервизија на осигурување (“Службен весник на Република Македонија” број 27/2002, 84/2002, 98/2002 и 33/2004) престануваат да важат.

Воспоставување на Агенцијата

Член 253

(член 91 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2007 и член 27 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08)

Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе именува претседател и членови на Советот на експерти на Агенцијата.

Советот на експерти на Агенцијата е должен во рок од 30 дена од денот на неговото именување од страна на Собранието на Република Македонија да донесе Статут и Правилник за организација и систематизација на работни места во Агенцијата за супервизија на осигурување.

Советот на експерти е должен да достави барање за упис на Агенцијата во регистарот на

други правни лица што се води во Централниот регистар на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на Статутот.
Од денот на влегувањето во сила на овој закон до денот на започнувањето со работа на Агенцијата сите неопходни работи кои се однесуваат на организационо и техничко воспоставување на Агенцијата ги врши Министерството за финансии.
За извршување на активностите од ставот 4 на овој член Министерството за финансии потребните средства ги обезбедува од Буџетот на Република Македонија.
Агенцијата започнува со работа на 1 септември 2007 година.
До денот на започнувањето со работа на Агенцијата, надлежностите утврдени со овој закон кои се во надлежност на Агенцијата, ги извршува Министерството за финансии.
Вработените во Министерството за финансии кои вршат работи од областа на супервизијата и системот на осигурување, како и други вработени во Министерството за финансии за кои министерот за финансии ќе издаде согласност и со чие работење ќе се обезбеди непречено извршување на работите на супервизија на осигурување, согласно со Законот за работните односи се преземаат во Агенцијата со денот на започнувањето со работа на Агенцијата. Преземените работници се распределуваат на работни места кои одговараат на нивните квалификации и работното искуство.
Средствата за плати и други надоместоци за плати за лицата од ставот 8 на овој член кои се предвидени во Буџетот на Република Македонија до крајот на периодот предвиден во Одлуката за привремено финансирање се пренесуваат на сметка на Агенцијата за супервизија на осигурување со денот на започнувањето со работа на Агенцијата.
Имотот, опремата, средствата за работа, предметите, архивата и другиот регистраторен материјал, кој е во функција на вршење на надлежностите на Агенцијата, согласно со овој закон, се пренесуваат во Агенцијата со денот на започнувањето со работа на Агенцијата. Начинот на нивното пренесување го утврдува и спроведува посебна комисија формирана од министерот за финансии.

Донесување на прописи
Член 254
(член 92 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007)

Агенцијата за супервизија на осигурување ќе ги донесе прописите чие донесување е утврдено со овој закон во рок од една година од денот на започнувањето со работа на Агенцијата.

Постапки
Член 255
(член 93 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007)

Сите постапки за добивање дозволи, согласности, лиценци и одобренија кои се покренати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат во согласност со одредбите од овој закон.
Постапките кои ќе ги води Министерството за финансии по денот на влегувањето во сила на овој закон, а кои согласно со овој закон се во надлежност на Агенцијата, а кои нема да бидат завршени до денот на започнувањето со работа на Агенцијата, продолжува да ги води Агенцијата.

Право на жалба
Член 256
(член 94 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007)

Жалба против решенија донесени од страна на Министерството за финансии, во периодот по влегувањето во сила на овој закон до започнувањето со работа на Агенцијата се поднесуваат до Комисијата за управни работи од втор степен при Владата на Република Македонија.
Постапките по жалба против решенија на Министерството за финансии донесени во периодот од ставот 1 на овој член, а кои не се завршени до денот на започнувањето со

работа на Агенцијата се запираат, а странките се упатуваат на можноста од покренување управен спор.

Прекршочен орган
Член 257
(член 95 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007)

До денот на започнувањето со работа на Агенцијата за супервизија на осигурување прекршочни санкции согласно со овој закон изрекува судот.

Усогласување на друштвата за осигурување
Член 258
(член 96 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007)

Друштвата за осигурување кои на денот на влегувањето во сила на овој закон имаат дозвола за вршење работи на осигурување и се запишани во трговскиот регистар продолжуваат да вршат работи на осигурување согласно со овој закон врз основа на постојната дозвола за вршење работи на осигурување.
Друштвата за осигурување од ставот 1 на овој член се должни да се усогласат со одредбите од овој закон кои се однесуваат на статутот, органите на управување и другите одредби од овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
По исклучок од ставот 2 на овој член, друштвата за осигурување се должни да се усогласат со одредбите од овој закон кои се однесуваат на гарантниот фонд од членот 77 на овој закон во рок од 18 месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.
На друштвата за осигурување кои ќе се усогласат со одредбите од ставовите 2 и 3 на овој член, Агенцијата им издава решение со кое се утврдува дека друштвото за осигурување се усогласило, а на друштвата за осигурување кои нема да се усогласат со одредбите од ставовите 2 и 3 на овој член, Агенцијата ќе им ја одземе дозволата за вршење работи на осигурување.

Усогласување на осигурителните брокери
Член 259
(член 97 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007)

Лицата кои на денот на влегувањето во сила на овој закон имаат лиценца за осигурителен брокер издадена од министерот за финансии продолжуваат да вршат осигурително брокерски работи на начин и под услови утврдени со овој закон.
Лицата од ставот 1 на овој член се должни во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогласат своето работење со одредбите од членот 138 став (1) точки 3, 4, 5 и 6 на овој закон.
На лицата од ставот 1 на овој член кои ќе го усогласат своето работење со одредбите од ставот 2 на овој член, Агенцијата им издава решение со кое се утврдува дека осигурителиот брокер го усогласил своето работење со законот, а на лицата од ставот 1 на овој член кои нема да се усогласат со одредбите од ставот 2 на овој член, Агенцијата ќе им ја одземе лиценцата за осигурителен брокер.

Усогласување на осигурително брокерските друштва
Член 260
(член 98 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007)

Осигурително брокерските друштва кои на денот на влегувањето во сила на овој закон имаат дозвола за вршење осигурително брокерски работи и се запишани во трговскиот регистар продолжуваат да вршат осигурително брокерски работи согласно со овој закон врз основа на постојната дозвола за вршење осигурително брокерски работи.
Осигурително брокерските друштва од ставот 1 на овој член се должни во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогласат своето работење со одредбите од членот 146 на овој закон.

На осигурително брокерските друштва кои ќе го усогласат своето работење со одредбите од ставот 2 на овој член, Агенцијата им издава решение со кое се утврдува дека осигурително брокерското друштво го усогласило своето работење со законот, а на осигурително брокерските друштва кои нема да го усогласат своето работење со одредбите од ставовите 2 и 3 на овој член, Агенцијата ќе им ја одземе дозволата за вршење осигурително брокерски работи.

Член 261

(членот 99 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007 се брише со членот 28 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08)

Примена на поединечните одредби

Член 262

(член 100 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007)

Одредбите од членовите 134-s, 134-и, 134-ј, 155, 156 и 157 на овој закон ќе се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

Член 263

(член 101 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007)

Во целиот текст на Законот зборовите: "Министерство за финансии" и "министерот за финансии", во различен член и број, се заменуваат со зборовите: "Агенција за супервизија на осигурување". Во целиот текст на Законот зборовите: "квалификувани удели", во различен член и број, се заменуваат со зборовите: "квалификувано учество".

Член 264

(член 29 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08)

1) Лицата кои на денот на влегувањето во сила на овој закон вршат работи на подготовка и склучување на договори за осигурување во име и за сметка на друштвата за осигурување се должни во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон до Агенцијата за супервизија на осигурување да доставаат барање за добивање на лиценца за застапник во осигурувањето согласно со членот 134-в од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004 и 79/2007).

2) Кон барањето за добивање лиценца за застапник во осигурувањето се приложува документација со која се докажува дека лицето ги исполнува условите од членот 134-в став 2 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004 и 79/2007), освен условите од членот 134-в став 2 точка 1 на овој закон.

3) На лицата кои ги исполнуваат условите од членот 134-в став 2 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004 и 79/2007), освен условите од членот 134-в став 2 точка 1 од овој закон, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе им издаде лиценца за застапник во осигурувањето.

4) Лицата од ставот 3 на овој член се должни во рок од четири месеца од денот на влегување во сила на подзаконскиот акт со кој се пропишуваат условите за стекнување со и испитување на стручната подготвеност потребна за вршење на работи на застапување во осигурувањето согласно со членот 154 став 1 точка 2 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004 и 79/2007) до Агенцијата за супервизија на осигурување да приложат доказ за положен стручен испит за застапник во осигурувањето.

5) На лицата од ставот 3 на овој член кои нема да приложат доказ за положен стручен испит за застапник во осигурувањето во рокот од ставот 4 на овој член Агенцијата за супервизија на осигурување ќе им ја одземе лиценцата за застапник во осигурувањето.

Член 265

(член 6 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13)

Подзаконските акти од овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од 120 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 266

(член 7 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13)

Единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит за стекнување на звањето овластен актуар, осигурителен брокер или застапник во осигурувањето се воспоставува во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 267

(член 8 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13)

Започнатите постапки за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен актуар, осигурителен брокер или застапник во осигурувањето до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.

Член 268

(член 9 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а членовите 1, 3, 4, и 5 ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 269

(член 4 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14)

Претседателот и членовите на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување именувани до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Член 270

(член 5 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14)

Одредбите од членот 2 од овој закон ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 271

(член 6 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, освен одредбите од членот 3 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од денот на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).

Член 272

(член 50 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14)

Друштвата за осигурување треба да извршат усогласување на вложувањата на техничките резерви согласно со членот 7 од овој закон најдоцна до 15 септември 2014 година.

Член 273

(член 51 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14)

Осигурителните брокерски друштва се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, според динамика што ќе ја утврди Агенцијата, да ја пренесат на друштвата за осигурување премијата што ја наплатиле, а не ја пренеле до денот на влегување во сила на овој закон.

Агенцијата ја одзема дозволата за вршење на осигурително брокерски работи на осигурителните брокерски друштва кои нема да постапат согласно ставот (1) на овој член.

Член 274

(член 52 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14)

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од четири месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 275

(член 7 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.23/16)

Започнатите постапки до денот на започнувањето со примената на овој закон ќе завршат согласно законот по кој започнале.

Член 276

(член 8 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.23/16)

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 277

(член 9 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.23/16)

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 4 и 6 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето со примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15).